Henri Bohnet

**Values of political pluralism**

This is the season of elections: parliamentary elections in Macedonia in June, presidential elections in the United States in November, local and presidential elections in Macedonia in March 2009, elections to the European Parliament in June 2009 and parliamentary elections in Germany in September 2009. Elections reflect the most elementary power the citizens have to determine the course of their country and to realize the fundamental principle of democracy: the rule of the people. Elections provide the citizens with a choice between different political ideas and leaders, as well as between different arguments and programs proposing the best ways to move the country forward. This choice stands for the political pluralism of the country, with politicians and parties competing for the vote of the people with their set of proposed priorities, ranging from conservative, liberal, social-democratic to green views and beyond.



The Konrad-Adenauer-Stiftung promotes political pluralism and democracy in Germany and worldwide, knowing that these principles are not a western concept that can be imposed similarly in every country, aware that they have to reflect the social, economic, cultural and ethnic situation in each individual country. In more than its 70 offices worldwide, the KAS promotes activities to strengthen democratic party structures and a democratic, pluralistic political system. In our understanding, political parties and democratic pluralism are indelible components of a modern nation state: democratic parties offer important channels between state and society to participate and to communicate; thus, so that the citizens can take active part in shaping their social and political environment. Political parties, however, also stand for particular values. These values are debated within the party and also in public, in the media and with other parties. Elections determine which of these values will affect the domestic and foreign policy of the country. In Germany, as in Macedonia and many other countries, the voter usually prefers a combination of political ideas and values, thus making compromises and coalitions between parties necessary to form a government – and optimally, an opposition - coalition. That is why, in my view, political pluralism is one of the main ingredients in shaping successful politics.

In this context, this new issue of *Political Thought* presents to you the views of the main political parties in Macedonia. We have asked eleven parties to contribute their opinion on what constitutes the values and main elements

of political pluralism: the responses we have received are published here without any changes by the editorial board[1]. The reader is thus presented with a comprehensive overview of the political landscape in Macedonia on the eve of the upcoming elections, showing the progress this country has made towards its democratic transformation and towards joining the European Union.

1 Please note that the opinions presented by the authors do not necessarily represent the views of the editorial board. The editors do not bear any responsibility for the content of the articles.

**Резиме**

Изборите се одраз на основниот облик на власта што граѓаните ја имаат во одредувањето на насоката во која нивната земја ќе се движи и преку кои можат да влијаат врз остварувањето на основното начело на демократијата, а тоа е владеењето на народот. Изборите им даваат на граѓаните можност за избор помеѓу различни политички идеи и водачи, како и можност за избор помеѓу различни аргументи и програми во однос на прашањето за тоа кој е најдобриот пат кон напредокот на земјата. Ваквата можност за избор го претставува политичкиот плурализам, во кој политичарите и партиите се натпреваруваат за гласовите на граѓаните преку понудата на приоритетите содржани во нивните програми, коишто се движат од конзервативни, либерални, социо-демократски, па сѐ до зелената опција итн.

# СОДРЖИНА / CONTENTS


## Вовед / Introduction

**Values of political pluralism ........ 1**
Henri Bohnet
**Вредности на политичкиот плурализам**
Анри Боне

## Актуелно / Current

**Кратка (и)сторија за македонскиот плурализам:**
**Блогот ги победи полит-комесарите........ 9**
Владимир Ѓорчев
**A short (hi)story of Macedonian pluralism:**
**The blog has defeated the polit-commissars**
Vladimir Gjorčev

**Вистинскиот политички дијалог – шанса за**
**стабилна демократија ........ 13**
Зоран Заев
**Genuine political dialogue: A chance for a stable democracy**
Zoran Zaev

**Вредностите на политичкиот плурализам во**
**плуралните општества ........ 17**
Ермира Мехмети
**Values of political pluralism in pluralistic societies**
Ermira Mehmeti

**Партнерство за развој ........ 23**
Тито Петковски
**Partnership for development**
Tito Petkovski

**Политичкиот плурализам како фундаментална вредност на**
**либерализмот – плурализмот во Македонија ........ 27**
Имер Селмани
**Political pluralism as a fundamental value of liberalism:**
**Pluralism in Macedonia**
Imer Selmani

**Оценка на капацитетот на Македонија за политички дијалог ......... 35**
Лилјана Поповска
**An evaluation of the capacity of Macedonia for political dialogue**
Liljana Popovska

## Македонија и ЕУ / MACEDONIA AND EU

**Изборите на патот кон европската интеграција............................... 41**
Загорка Тноковска
**Elections on the road to European integration**
Zagorka Tnokovska

## Предизвици и перспективи / CHALLENGES AND PERSPECTIVES

**Electoral systems in pluralistic societies: The cases of Macedonia, Bulgaria and Romania........................................................................... 47**
Nataša Hroneska
**Изборните системи во плуралистички општества - примерите на Македонија, Бугарија и Романија**
Наташа Хронеска

**Американските политички партии – проблеми, промени, предизвици ..................................................................................... 55**
Велимир Деловски
**American political parties: Problems, changes, challenges**
Velimir Delovski

**Cultural pluralism: The key component of the contemporary international relations ............................................ 65**
Ljuben Tevdovski
**Културен плурализам: клучната компонента на современите меѓународни односи**
Љубен Тевдовски

## Теорија / Theory

**Why thinking too much really hurts: Schmitt and Figgis on the consciousness/sovereignty nexus** ............ 73
Adrian Grama
**Зошто од многу мислење боли глава: Шмит и Фигис за врската меѓу свеста и суверенитетот**
Адриан Грама

**Проблемот на вреднувањето во македонскиот политички плурализам**
или за
**Проблемот на политичкиот плурализам и неговото аксиолошко вреднување** ............ 81
Дејан Донев
**The problem of evaluation in Macedonian political pluralism: The problem of political pluralism and axiological evaluation**
Dejan Donev

**Another chance for party pluralism: The logical positivist challenge to Duverger's law** ............ 87
Sergiu Gherghina
**Уште една шанса за партиски плурализам: логичко позитивистичко проблематизирање на законот на Дувергер**
Сергиу Гергина

**Новите „вредности“ од политичкиот плурализам како извор на фрустрации** ............ 99
Александар Димитриев
**The new „values“ of political pluralism as a source of frustration**
Aleksandar Dimitriev

## Рецензии / Reviews

**„Шефот на државата и надворешната политика“ од Александар Спасеновски** ............ 105
Васко Наумовски
***The Head of State and Foreign Policy* by Aleksandar Spasenovski**
Vasko Naumovski

## Документи / Documents

**Изборен законик на Република Македонија – Спроведување на избори / Закон за изменување и дополнување на изборниот законик** ........ 109

**Electoral Code of the Republic of Macedonia: Conducting the Elections / Law on changes and amendments to the Electoral Code**

За авторите / About the Authors ........ 127

Година 6
Бр. 24
декември
Скопје, 2008
ISSN 1409-9853

# Политичка мисла

Year 6
Nº 24
December
Skopje, 2008
ISSN 1409-9853

Списание за политичко-општествени теми

Издавач:
Анри Боне
Основачи:
д-р Ѓорге Иванов
м-р Андреас Клајн
Уредници:
м-р Владимир Мисев
Емилија Туџаровска
м-р Ненад Марковиќ
м-р Иван Дамјановски
м-р Владимир Божиновски
Гоце Дртковски

Адреса:
Фондација „Конрад Аденауер“
ул. Максим Горки 16, кат 3
МК - 1000 Скопје
Тел.: 02 32 31 122
Факс: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Институт за демократија
„Societas Civilis“ Скопје
ул. Крагуевачка бр. 2
МК - 1000 Скопје
Тел./Факс: 02 30 94 760
E-mail: contact@idscs.org.mk
Интернет: www.idscs.org.mk

Македонска асоцијација на политиколози
E-mail: map@yahoogroups.com

Печат:
Винсент графика
Дизајн:
Натали Николовска
Организација:
Даниела Трајковиќ
Техничка подготовка:
Пепи Дамјановски
Превод и јазична
редакција на англиски:
Рајна Кошка
Јазична редакција на македонски:
Михаил Лопарски

Ставовите изнесени во списанието не се ставови на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“ Скопје, туку се лични гледања на авторите. Издавачите не одговараат за грешки направени при преводот.

Списанието се издава 4 пати годишно и им се доставува на политичките субјекти, државните институции, универзитетите, странските претставништва во Република Македонија.

Konrad
Adenauer
Stiftung

Magazine for Political and Societal Issues

Publisher:
Henri Bohnet
Founders:
Dr. Gjorge Ivanov
Andreas Klein M.A.
Editors:
Vladimir Misev M.A.
Emilija Tudzarovska B.A.
Nenad Markovic M.A.
Ivan Damjanovski M.A.
Vladimir Bozinovski M.A.
Goce Drtkovski B.A.

Address:
Konrad-Adenauer-Stiftung
ul. Maksim Gorki 16/3
MK - 1000 Skopje
Phone: 02 32 31 122
Fax: 02 31 35 290
E-mail: kas@kas.com.mk
Internet: www.kas.de

Institute for Democracy
"Societas Civilis" Skopje
ul. Kraguevacka 2
MK - 1000 Skopje
Phone/fax: 02 30 94 760
E-mail: contact@idscs.org.mk
Internet: www.idscs.org.mk

Macedonian Political Science Association
E-mail: map@yahoogroups.com

Printing:
Vinsent Grafika
Design:
Natali Nikolovska
Organization:
Daniela Trajkovic
Technical preparation:
Pepi Damjanovski
Translator and English
language editor:
Rajna Koska
Macedonian language editor:
Mihail Loparski

The views expressed in the magazine are not the views of the Konrad Adenauer Foundation and the Institute for Democracy Societas Civilis Skopje. They are personal views of the authors. The publishers are not liable for any translation errors.

The magazine is published 4 times a year and it is distributed to political subjects, state institutions, universities and foreign representatives in the Republic of Macedonia.

IDSCS
Institute for Democracy "Societas Civilis" Skopje

# Кратка (и)сторија за македонскиот плурализам: Блогот ги победи полит-комесарите

Владимир Ѓорчев

*Додека Европа одеше напред и се развиваше, кај нас се организираа штафети и слетови. Повремено имаше недостиг на бензин и колони пред пумпите.*

*Плурализмот е резултат на демократијата. Демократијата сама по себе е плуралистичка. Но, демократијата не е работа која се подразбира сама по себе. Таа не е гарантирана. За неа граѓаните се изборуваат, ја градат, ја негуваат.*

Не беше така одамна 1988 година. Холанѓаните Ван Бастен – Гулит – Рајкард станаа европски шампиони. Беа подобри од германското трио Матеус – Бреме – Клинсман. Паоло Малдини беше на почетокот на кариерата во Милан. Америка имаше милиони компании, Италија десетици политички партии, а Германија имаше стотици весници и телевизии.

А СР Македонија? Кај нас имаше ЕДНА партија. Комунистичка. Ако некој сакаше да формира друга партија, се одеше во затвор. Денес има повеќе од 50 партии.

На телевизија имавме 2 програми. Прва и Втора. Државна. Толку. Денес има околу 13 национални телевизии, 30-ина локални телевизии, небροено радија, а скоро секој дом има кабелска телевизија со 60 програми. Замислете како би било да се вратиме на 2 програми на телевизија.

Во супермаркетите (Славија, Центро, ЗЕМ промет) млеко во кеса имаше од 7 до 8 сабајле. После тоа немаше. Денес знаете како е.

Имаше 2 весника, средношколците 100 „којч" марки преку граница ги пренесуваа во чорап како инвестиција за Карера фармерки во Трст, а за телефонска линија од ПТТ монополот се чекаше 6, 12 или 24 месеци.

А после тоа се чекаше линија поради „двојник". 90 Отсто од колите беа застава, југо, шкода, лада и вартбург. Повеќето од патиките беа Симод, а тренерките Јаса. Денес тоа изгледа како романтична разгледница за нашето детство, но тоа значеше економска стагнација додека европските земји одеа напред. Додека Европа одеше напред и се развиваше, кај нас се организираа штафети и слетови. Повремено имаше недостиг на бензин и колони пред пумпите. Да, невработеноста беше 10-15 отсто, но во голем дел од општествените претпријатија важеше максимата „тие не можат да ме платат толку малку колку што јас можам малку да работам". Непродуктивноста носеше економска стагнација.

Неколку децении пред тоа црквите беа претворани во штали и ма-

гацини, а за пеење македонски песни се одеше во затвор или мораше да се оди во емиграција.

И така натаму.

Што е поентата? Дека тоа се случува кога нема плурализам. Еднопартискиот политички систем и монизмот беа „темелна вредност“ во текот на 50 години. Токму таа „темелна вредност“ продуцираше единствено монистичко однесување кое исклучуваше каква било политичка мобилизација, освен во функција на големиот водач кога 7-годишни деца положуваа заклетви за верност до крајот на животот, а после тоа учителката за рака топтан ги носеше да мавтаат на штафетата.

Слична беше неслободата и во други сфери. Денес тоа се чини како далечно минато, но тоа беа нашата реалност и пропуштените можности. Вистина е, и тогаш имаше убави и ведри работи, но луѓето имаат тенденција повеќе да се сеќаваат на добрите работи, а тешкотиите се заборавaaт. Но, тогашниот систем покажа огромни слабости и имаше големи потфрлувања.

Денес го имаме и економскиот плурализам преку пазарната економија. Нашата економска заостанатост се должи токму на отсуството на пазарни механизми, државниот интервенционизам и гушењето на пазарната економија, а не поради самата пазарна економија. Катастрофалната транзиција не значи дека комунизмот беше подобар, туку дека кај нас имаше криминална приватизација која ја создаде олигархијата. Словенија, Чешка, Полска, Балтикот и Унгарија имаа колку-толку нормална приватизација и транзиција. Гледаме денес каде се. Но, и во економскиот живот работите бавно се подобруваат. Изборот е поголем, инвестициите се зголемуваат, а државната работа не е единствената алтернатива.

Во медиумите се случи револуција. Веќе не може да се сокрие информација затоа што полит-бирото и комесарите така одлучиле. Да останеше комунизмот, денес илјадници блогери или немаше да пишуваат, или ќе беа во затвор. Звучи невозможно? Е па, во поранешниот систем ако некој добиеше „премногу“ разгледници (денешни е-маилови) „од странство“, веднаш за него се почнуваше досие, го викаа во „милиција“ да објасни кој тоа му пишува и се почнуваше истрага. Звучи невозможно? Во денешна Кина интернет полицијата има 45-50.000 членови кои секој ден, секој ден надгледуваат што и како читаат Кинезите на Интернет. Во Кина ако некој премногу го има на демократските сајтови или напише нешто што не треба, народната милиција му доаѓа на врата, му суди народниот суд, а на крајот оди во затвор како народен непријател. Во името на народот, поради текст на Интернет. Во 2008 година.

Плурализмот е резултат на демократијата и резултат на еднаквите шанси за сите. Демократијата сама по себе е плуралистичка. Но, демократијата не е работа која се подразбира сама по себе. Таа не е гарантирана. За неа граѓаните се изборуваат, ја градат, ја негуваат. Демократијата е процес, натпревар, толеранција, множество, плурализам. Но, тој пат не е праволиниски.

Модернизмот во Иран во 1979 година беше сопрен. Во Алжир

1992 година екстремизмот надвладеа над демократијата и се доби среднорочна дестабилизација. Во Русија во 90-тите „демократијата“ првично донесе осиромашување, анархија и олигархија, а сега имаме „демократски“ апсолутизам. Самиот чин на избори не значи дека таа држава е демократска. Ниту, пак, повеќепартизмот самиот по себе значи плурализам. Сепак, нема демократија без избори. И нема плурализам без повеќепартизам.

Демократското владеење денес е незамисливо без постоењето на политичките партии. Иако не се единствените, политичките партии се двигател на идеите и промотор на вредностите, кои сами по себе не можат да се реализираат изолирано.

Според извештајот на лондонски Економист (http://www.economist.com/media/pdf/Democracy_Index_2007_v3.pdf), само 28 земји со 16 отсто од светската популација живеат во полна демократија. 38 отсто од светската популација живее во демократии со недостатоци, 10 отсто во хибридни режими, а 38 отсто во авторитарни режими. Значи, околу половина од планетата, т.е. 3 милијарди жители живеат во авторитарни и хибридни режими.

Дали веќе си го поставивте прашањето: кој и како владее со тие луѓе? Како живеат тие луѓе? Авторитарноста и неслободата сè уште се присутни на премногу места. За среќа, ние веќе не сме таму. Бевме таму пред 20 години, но не повеќе. Имаме уште многу да работиме, особено во економијата, но таму веќе нема да се враќаме. Демократијата и плурализмот бараат поголема одговорност и личен ангажман на поединецот. Активна партиципација. Тоа носи и поголема неизвесност и грч. Но, и повеќе можности и повеќе натпревар. Доколку државата го прави секој избор за поединецот, тогаш атрофира неговата самоиницијатива.

Уште нешто – околу колективното носење одлуки. Во демократијата и плурализмот крупните одлуки се донесуваат на избори или референдум. Понекогаш и на суд. Да, оној кој ја има одговорноста секогаш треба да води сметка за правата на сите. Но, одлуките и законите се обврзувачки за сите. Тоа е култура на законитоста. Демократијата и плурализмот не значат дека тој кој не се согласува со некој закон или одлука, не е обврзан да ги почитува. Општата согласност најчесто не е возможна, а одлуките мора да се носат. Да, секоја група може да се бори за какви било промени и кауза кои ги смета за праведни и исправни, но одлуката донесена на избори, референдум или суд е тоа што треба да се почитува. Секоја промена за тие кои што ја промовираат е праведна, но таа станува дел од уредувањето дури кога ќе се прифати преку демократска процедура. Но, општеството таа промена низ иста таква процедура може и да не ја прифати, а промоторите треба да го прифатат тоа. Можат да се обидат повторно по демократски пат, но законот и понатаму важи за сите.

И за крај, мислам дека македонскиот плурализам напредува добро. Премногу е бавен, но се движи во вистинска насока. Имаме проблеми и не сме Норвешка, но одиме напред. Во парламентот се застапени 20-ина политички партии, околу една третина од нашите пратеници се жени,

медиумскот простор дополнително се плурализираше со отворање нови национални телевизии, економијата расте со околу 5 отсто, секоја година се отвораат неколку илјади фирми и невладини органзации.

Динамизмот ја победува статичноста, конкуренцијата ги победи монополите, демократијата надвладеа над тоталитаризмот. Продолжуваме понатаму.

**Abstract**

While Europe was moving forward and developed, we were organizing baton carrying through the country and mass youth festivities  to celebrate the president's birthday. Occasionally, there were shortages of petrol and long queues at petrol stations.

Pluralism is the result of democracy. Democracy is in and of itself pluralist. However, democracy is not something that should be taken for granted. It cannot be guaranteed. Citizens fight for it, they build and nurture it.

# Вистинскиот политички дијалог – шанса за стабилна демократија

Зоран Заев

На почетокот од мојот прилог кон дебатата за политичкиот плурализам и политичкиот дијалог во Македонија би сакал да го искажам своето задоволство и благодарност кон редакцијата на списанието „Политичка мисла“ и Фондацијата „Конрад Аденауер“ за изборот на темата и поканата да учествувам со свое размислување.

Политичкиот плурализам е една од основните вредности без кои не може да се замисли функционирањето на современата претставничка демократија. Кога пред 17 години се конституираше независна Република Македонија веројатно не постоеше ниту еден релевантен субјект кој се противеше нашата татковина да биде организирана како демократска држава каде што политичкиот систем функционира врз основа на принципите на современата претставничка демократија. За тоа беше нужен политичкиот плурализам, односно можноста за постоење на повеќе политички партии кои со своите програми и политики ќе се натпреваруваат да ја освојат довербата на гласачите. Особено сакам да ја нагласам важноста на политичките партии кои различно од своите цели застапуваат одделни целни групи, а се трудат да ја освојат довербата на што е можно поголем број гласачи.

И покрај ваквите условно кажано максималистички цели на секоја политичка партија (да ја освои довербата на што е можно повеќе гласачи), сепак, секоја демократска политичка партија во плуралистичко општество треба да смета дека и во време на најдобар резултат на избори и во време на најголема поддршка, ако се суди според испитувањата на јавното мислење, ги застапува интересите на само еден дел од граѓаните. Тој дел, со оглед на нашето не така кусо искуство со претставничката демократија, никогаш не бил поголем од околу 30% од вкупното гласачко тело во време на најголема поддршка било за СДСМ или за ВМРО-ДПМНЕ.

Земајќи ја предвид оваа ситуација, останува околу 70% од гласачкото тело кое или својата поддршка им ја дава на партиите кои ја застапуваат најголемата малцинска заедница (заедница која не е во мнозинство), а тоа е албанската (најчесто околу 17-18% од вкупното гласачко тело) или поддржуваат некоја друга помала партија (околу 5-6%). Најголемиот дел од гласачите (освен непосредно пред изборите кога бројот се намалува, најчесто над 40%) изјавуваат дека не поддржуваат ниту една политичка партија или воопшто не ги интересира политиката.

Овие податоци се особено важни за вистинското функционирање на демократијата. И покрај облиците на непосредно демократско изјас-

нување (најважен меѓу нив е секако референдумот) јасно е дека современата претставничка демократија се одвива преку дејноста на политичките партии. Тоа значи дека преку политичките партии се артикулира политичката волја на мнозинството од граѓаните (или барем на мнозинството од тие што се изјаснуваат дека ги интересира политиката). Така е секаде во развиените демократии, така треба да биде и кај нас.

До 2006 година, и покрај сите пропусти во демократскиот развој, во Македонија се разви култура на демократско комуницирање меѓу политичките партии и политичарите. Особено долго, меѓутоа сигурно, созреваше свеста кај секоја власт дека опозицијата има особено место во дијалогот. Политичкиот дијалог секогаш значеше дијалог за најважните прашања за државата, многу често (особено во периодот 2002–2006) и кога гласовите на опозицијата (технички гледано) не беа нужни за да биде донесена некаква одлука. Тогашната влада на СДСМ, ЛДП и ДУИ со еднакво уважување комуницираше и со ВМРО-НП (која, барем во парламентот, беше најголема опозициона партија) и со ВМРО-ДПМНЕ која и покрај тоа што уживаше поголема поддршка меѓу граѓаните од НП, беше помала парламентарна група. Голем број политички одлуки беа донесени со консензус и кога тој, технички, не беше нужен. Да се потсетиме само на процесот на евроинтеграциите. Целокупниот процес, почнувајќи од поднесувањето на апликацијата за полноправно членство, преку усогласувањето на законодавството, па сè до стратешкото планирање на идните чекори, беше плод на договор и заемна соработка во интерес на државата и граѓаните. Факт е дека иако тогашното владејачко мнозинство одговорноста за евентуалниот неуспех ја сносеше целосно само, само се ограничуваше свесно за интересите на опозицијата.

Таа одлука не беше случајна. Не можам да кажам дека СДСМ многу повеќе ги сакаше своите противници отколку тие денес него (ако воопшто постои љубов во политиката). Таа одлука беше резултат на зреењето на демократската свест и политичката култура. СДСМ и тогаш и сега е свесен дека и со најдобар резултат ја добива поддршката на само еден дел од граѓаните и тоа најчесто на малцинството од вкупното избирачко тело. Истото требаше да важи и за нашите политички противници од ВМРО-ДПМНЕ.

Сепак, после изборите во 2006 година, би рекол, чудни и ретроградни процеси започнаа во комуникацијата меѓу партиите. И покрај тоа што беше свесен дека политичкиот дијалог во Македонија нема само идеолошка туку и етничка димензија, тогашниот мандатар Никола Груевски реши да ја игнорира волјата на сограѓаните Албанци и ја вклучи помалата ДПА во Владата. Владата, од почетокот на мандатот во август 2006 па сè до предвремените избори на 1 јуни 2008 постојано стимулираше тензии и внатреалбанска пресметка, поттикнувајќи ги фрустрациите кај мнозинството Албанци. Кај Македонците, пак, развиваше чувство на задоволство од хаосот во албанскиот политички спектар. Резултатот за Владата беше поволен (гласачите

Македонци во поголем број поверуваа на новиот квазипатриотизам и ја дадоа својата поддршка на 1 јуни), а за државата катастрофален. Убиство, повредени, нарушен изборен процес, кражба на гласови, сето тоа беше резултат на таквата политика. Оттаму, не треба да зачудуваат нарушениот меѓународен углед и уназадената демократија. На крајот, новиот патриотизам спласна во делот на Албанците и г. Груевски ја избра ДУИ за свој коалиционен партнер во новата влада, откако оваа партија по втор пат постигна подобар резултат од ДПА. Македонија го плати данокот на неодговорната политика со негативен извештај од Европската комисија (во ноември 2008) и блокирани евроинтегративни процеси.

Многу поинтересен за мојов прилог е односот на владејачкото мнозинство кон СДСМ, која е најголема опозициона партија. Од за нас непознати причини, власта започна да шири идеи дека СДСМ не е релевантна и дека демократијата ќе се развива во т.н. директен дијалог со народот. Непосредноста во комуникацијата со граѓаните е многу позитивна, освен ако не станува збор за заобиколување на институционалната демократија, односно, институционалните гаранции за демократијата и демократијата не се претвора во својата фарса – т.н. плебисцитарна демократија.

Плебисцитарната демократија (која е всушност квазидемократија) е најлошиот вид изопачување на демократијата и поигрување со нејзината смисла. Преку т.н. плебисцитарна, директна поддршка од народот, се руши угледот на институциите, се промовира мајоризацијата, односно непочитување на малцинството и, конечно, неразумно се величаат улогата на лидерот и неговата волја. Тоа не е непознат пример во историјата. Многу такви експерименти завршиле трагично. Историското искуство од 20 век е преполно со такви примери. Дури и кога постои најдобра намера, често пати овие политики водат кон политичкиот пекол. Секоја од државите кои поминале низ фашистичкото и комунистичкото искуство (кои, да не заборавиме, ја имаа во почетокот поддршката на мнозинството), на крајот се врати кон институционалната претставничка демократија, заштитата на политичката опозиција и толеранцијата на различностите. Само, ова враќање беше откако овие земји платија огромна цена: во човечки животи, уништена економија, изолација и уништена иднина за многу генерации. Газиместанскиот комплекс (како би го нарекол современиот популизам) е сигурен пат кон самоуништувањето.

Владејачката ВМРО-ДПМНЕ и особено нејзиниот лидер мораат да научат дека дијалогот со политичките противници не е аритметика за гласови во Собранието. Не е ниту нужно зло онака како што не се нужно зло стотици илјади граѓани кои својот глас ѝ го дадоа на опозицијата. Тоа е суштината на современата демократија. Компромисот е пат кон побавен, но сигурен прогрес. Тоа е гаранција за стабилност и развој на толку посакуваното чувство на патротизам и припадност и лојалност кон државата. Кога опозицијата критикува тоа не е антидржавно, тоа е гласот на другите граѓани – оние кои не ја поддржуваат владата, а ја сакаат државата. Кога

владејачкото мнозинство почнува своите интереси да ги идентификува со националните, тогаш почнува и залезот на демократијата.

Затоа сметам дека политичкиот плурализам има ефект само ако политичките партии се признаваат меѓу себе за релевантни соговорници. Тоа не е негација на директната демократија, впрочем и легитимитетот на партиите извира од директното изјаснување на граѓаните на избори. Напредокот е можен преку компромисот. На тој начин Владата ќе ја добие посакуваната лојална опозиција, а опозицијата простор за артикулација на идеите. Сѐ спротивно на ова, го претвора политичкиот плурализам во фраза, мртво слово на хартија, односно, политичка илузија.

**Abstract**

The author analyzes the development of the political pluralism in Macedonia through the processes of development of the political dialogue and political culture. The author underlines that until 2006 (especially in the period 2002-2006) the main political parties understood the importance of the political opposition and the dialogue between the government and the opposition when defining the policies of national interest. He stresses that no political party until 2008, even in periods of greatest victories in the election, won more than approximately 30 % of the votes of the entire electoral body. This fact shows that even winners only partially represent the national interest.

The author expresses his disagreement with the political practice of the ruling party (VMRO-DPMNE and the Prime Minister) of abandoning institutional democracy, marginalizing the opposition and promoting the so-called direct dialogue with the people, another phrase for quasi-democracy based on plebiscite. He refers to the flawed examples in Europe in the early 20$^{th}$ century and Serbia in the 1990s and stresses that these practices can lead to the suppression of the minority and development of dictatorship.

The author concludes that the ruling majority cannot present its own interest as national interest and must recognize the relevance of the opposition. This is the true meaning of political pluralism. Otherwise, political pluralism will become a phrase and political illusion.

# Вредностите на политичкиот плурализам во плуралните општества

Ермира Мехмети

„Во демократските држави науката на здружувањето е мајка на науката; целокупниот натамошен прогрес зависи од прогресот што (здружувањето) го постигнало.“[1] Вака Алексис де Токвил го опишува значењето што асоцијациите, кои се разликуваат од власта и државата, го имаат во американското општество во првичната фаза од нејзиниот развиток. Воодушевен од тоа како Американците основаат асоцијации практично за секаква цел, од забава до основање болници и училишта,[2] Де Токвил заклучува: „Доколку мажите сакаат да останат цивилизирани, или да станат такви, уметноста на здружувањето мора да расте и да се подобрува во пропорционален сооднос со зголемувањето на еднаквоста“.[3] Денес, со право се смета дека фасцинираноста на Де Токвил со културата на здружување со која се среќава во текот на неговото патување во Америка во првата половина од XIX век, ја дава основата за идејата на плурализмот како политичка мисла од почетокот на XX век, која силно го истакнува значењето на човековото здружување во асоцијации различни од државата.[4] Како модел на демократија во модерните општества, плурализмот се смета како одговор на потребата од лимитирање на силата на власта и државата. По колапсот на комунизмот во Централна и Источна Европа, воведувањето на демократскиот плурализам, вграден како основен принцип во новите устави на овие држави, се постави како одговор на опасноста од апсолутистичка власт. Денес, со право може да заклучиме дека плурализмот го предизвика и го порази тоталитаризмот.

Плуралистичката мисла акцентот го става во потребата од постоење на автономни асоцијации на граѓани, како позитивна придобивка за општеството, на деконцентрација на власта, како заштитен механизам од воведување апсолутна контрола на државата врз општеството, како и на поголем пристап на самите граѓани до институциите, како механизми за зацврстување на демократијата, но и зачувување на она што денес во политичката теорија е наречено проверка и баланс (Checks and Balances) над власта. Во својата суштина, идејата на плурализмот ја носи заложбата за поголема слобода на човекот и граѓанинот. Оттука, би можело да се тврди дека плурализмот, всушност, е механизам на кон-

1 De Tocqueville, Alexis, „Democracy in America“, The Complete and Unabridged Volumes I and II, Bantam Classics, New York, 2002, стр. 632.

2 Во De Tocqueville, Alexis, „Democracy in America“, The Complete and Unabridged Volumes I and II, Bantam Classics, New York, 2002, стр. 628.

3 De Tocqueville, Alexis, „Democracy in America“, The Complete and Unabridged Volumes I and II, Bantam Classics, New, York, 2002, стр. 632.

4 „The Oxford Companion to Politics of the World“, edited by Joel Krieger, Oxford University Press, New York, Oxford, 1993, стр. 704.

трола на демократските институции кој нè потсетува дека и самата демократија има потреба од постојано и континуирано коригирање, унапредување и усовршување, бидејќи и демократските институции не би биле доволно демократски доколку и за нив не би постоела алтернатива. Од својата појава, идејата на плуралната демократија предизвикува дебата меѓу британските и американските теоретичари. Според првите, идејата на плурализмот треба да ја ограничи силата на власта, додека вторите повеќе ја сметаат како систем на индиректна демократија која ја карактеризира конкуренцијата на интересните групи и потребата од баланс на силите. И двете школи, меѓутоа, се согласни дека плурализмот нуди повеќе можности и оттука, повеќе избор, а постоењето избор е клуч на демократијата.

Во плурални општества политичкиот плурализам добива поинаква форма: во етнички организирани држави, плурализмот има и етнички предзнак. Овој текст ги истражува токму вредностите на плурализмот во плуралните општества во кои консолидирањето на демократијата, поради нејзината специфична природа, претставува покомплексен процес. Линѕ и Степан се сосема во право кога тврдат дека „во општествата кои тежнеат кон демократија, внатрешната криза е испреплетена со разликите околу прашањето кој треба да биде член на политичката заедница во државата“.[5] Оттука, легитимно е да се тврди дека по падот на комунизмот, монокултурните држави многу полесно го бираа новиот политички систем, тргнувајќи од принципот дека едниот етнитет ја сочинува нацијата. Од друга страна, транзицијата во плуралните општества ги отфрли како нелегитимни таквите принципи и ја наметна потребата од изнаоѓање нов модел.[6] Анализирајќи ги предизвиците на функционирањето на плурален политички систем во едно плурално и фрагментирано општество, овој прилог претставува обид да се докаже дека најдобриот одговор за функционалноста на плуралните општества, всушност, е плурализмот, неговата логика, неговата најосновна идеја. Разновидноста на идеи, мислења, гледишта и нивното континуирано противставување го води општеството напред, тоа претставува канал преку кој граѓаните чувствуваат дека општеството им овозможува да ги артикулираат и организираат нивните идеи и да ги реализираат нивните потреби, притоа не загрозувајќи ја целината (во контекст на дебатата во плуралните општества таа целина е токму интегритетот на државата).

Во младите (посткомунистички) општества, може да се каже дека плурализмот претставува вредност која сè уште е во создавање. Тоа веројатно и не е толку страшно доколку се тргне од претпоставката дека во демократија градењето демократски институции никогаш не се смета за завршен, заокружен процес. Напротив, тоа е процес кој постојано еволуира и се прилагодува на потребите на општеството кое пос-

[5] Linz, J. and Stepan, A., „Problems of Democratic Transition and Consolidation“, John Hopkins University Press, Baltimore, 1996, стр. 16.

[6] За подетална анализа на овој процес види во Töpperwien, Nicole, „Nation-State and Normative Diversity“, Institut du Federalisme, Fribourg, Switzerland, 2001.

тојано се менува. Во таа смисла Дал, еден од најголемите поддржувачи на плуралната демократија, тврди дека во претставничките демократии денес, всушност, постои еден поинаков систем наречен полиархија: тоа е „историски исход на напорите да се демократизираат и либерализираат политичките институции на националните држави...“.[7] Според тоа, може да се констатира дека во младите демократии, создавањето демократски и оттука и плурални институции не е мал предизвик. Напротив, политичката теорија од крајот на 20 век покажува дека консолидирањето на демократијата во Источна и Централна Европа, сепак, се карактеризира со низа недостатоци кои ги проследуваат институциите и по започнувањето на процесот на европеизација: теоретичарите постојано предупредуваат на постоењето политизирана администрација, неефикасно судство, корупција, невладини организации контролирани од власта, недостиг на независни медиуми и слично.

Република Македонија е типична фрагментирана држава во која етничката припадност претставува основна линија на поделба, односно организација на општеството. Од таа причина, сосема е легитимно да се тврди дека и природата на плуралистичката идеја го носи етничкиот предзнак. Оттука, се поставува дилемата: дали нашиот плурализам е етнички плурализам? Како таков, дали тој би требало да биде предност или недостаток на нашето општество? Како ќе се соочиме со предизвикот на фрагментацијата? Дали ќе успееме да ја менаџираме истата и дали плурализмот може да биде одговор на нашите напори да ја надминеме етничката поделеност? Според Климовски, „[плуралистичката] демократијата се определува преку постоење и можноста за партиципација на сите интересни групи во општеството во сферата на политиката“.[8] Понатаму, тој тврди дека „во темелите на ова сфаќање е и сфаќањето за ограничување на моќта на мнозинството со правото на малцинството, односно барањето за дисперзија на државната власт на повеќе центри на одлучување“.[9] И Дал истакнува дека политичкиот плурализам во демократија се карактеризира со повеќе центри на моќ од кои ниту еден не може да биде суверен.[10]

По уставните промени од 2001 година, Република Македонија спаѓа во редот држави во кои политичките елити постојано се залагаат за менаџирање со фрагментираноста на општеството, на тој начин избегнувајќи ја опасноста од евентуална дезинтеграција на земјата. Воведувањето на супстанцијална децентрализација која пренесува големи и значителни надлежности од централната во локалната власт, има за цел да обезбеди учество на немнозинските заедници во донесувањето одлуки, на тој начин зголемувајќи го нивното влијание врз политичкиот процес во државата воопшто. Оттука, може да се констатира дека за политичката и општествената реалност на нашата држава, токму

7 Dahl, Robert A. „Democracy and Its Critics“, Yale University Press, New Heaven and London, 1989, стр. 218.

8 Климовски, Саво, „Уставен и политички систем“, Просветно дело, Скопје, 1998, стр. 590.

9 Исто, стр. 590.

10 Dahl, Robert A., „Pluralist Democracy in the United States“, Rand McNally, Chicago, 1967, стр. 24.

децентрализацијата е механизмот преку кој ќе се постигне поголема идентификација на заедниците со институциите, истовремено имајќи предвид дека тие институции не се централната власт. На тој начин, обезбедена е заштита од апсолутната власт, но и учество на немнозинските заедници во практикувањето на власта. Овој баланс, потоа, е од исклучително значење доколку се има предвид фактот што водечките позиции во државата – Претседател, Претседател на Собрание, Премиер и клучните министерства, остануваат и понатаму резервирани за претставниците на доминантната етничка заедница, без разлика што не постои нормативна одредба која обврзува на таква институционална практика. Гледано од тој аспект, силната децентрализација може да се смета како плуралистички механизам кој, сепак, ќе постигне рамнотежа во соодносите, била таа и од симболично значење.

Всушност, децентрализацијата, во контекст на општественото и политичко организирање во Република Македонија, претставува еден вид средно решение: таа ја унапредува политичката и економската сила на општините до тој степен што, од една страна, не ја дели, но, од друга страна, ниту ја федерализира државата. Во таа смисла, може да се заклучи дека нашиот модел на децентрализација, во контекст на обезбедување демократски плурализам, претставува компромис на мнозинството со малцинството во изборот меѓу логиката на државата како целина, и поделбата на власта во рамките на државата. Освен етнички плурализам, нашето општество го карактеризираат и културен плурализам, и јазичен плурализам, но и религиозен плурализам. Воспоставените механизми кои се загарантирани со Уставот, а чија што цел е охрабрување на учеството на немнозинските групи во јавниот живот – во институциите, во политичкиот натпревар преку избори и слично, гарантираат дека нашата држава останува плурална, но не поделена. Токму тука е и умешноста на нашиот специфичен демократски плурализам: нашата разновидност нѐ прави покомплексни, но токму зачувувањето на таа разновидност преку институционални, легитимни механизми, ја чува целината, интегритетот на државата. Со други зборови, децентрализацијата на системот го охрабрува полицентризмот, но во ниту еден случај не го загрозува интегритетот на државата.

Ако се навратиме на дефинициите и воопшто на теориите за здружувањето и ги прилагодиме кон нашата плуралистичка реалност, тогаш може да заклучиме дека една од клучните вредности на плурализмот во плуралните општества е препознавањето на разноликоста (diversity) и овозможувањето таа разноликост да биде отсликана преку организирањето и функционирањето на државата. Таквото препознавање и прифаќање на разноликоста ќе нѐ доведе до еднаквоста на луѓето за каква што се залага Де Токвил. Плурализмот се покажа како суштествен елемент за менаџирање на разликите во етнички поделените општества. Воведувањето на плурализмот и препознавањето на разликите преку институциите одговорија на кризата на легитимитет во која беа за-

фатени државите од поранешниот комунистички блок. Уште позначаен е веројатно фактот што плурализмот не се покажа единствено како механизам со кој мнозинството го повикува малцинството да партиципира, туку многу повеќе како механизам преку кој малцинството прифати да биде вклучено во општеството. Тој компромис околу принципите и условите за целосна инклузивност, се чини, е клучен предуслов за унапредувањето на демократијата во плуралните држави.

**Abstract**

As a model for democracy in modern societies, pluralism is expected to answer the need to limit the power of authority and the state. After the collapse of communism in Central and Eastern Europe, the introduction of democratic pluralism, embodied as a basic principle in the new constitutions of these states, was put forward as the answer to absolute power. Today, we can rightly conclude that pluralism challenged and defeated totalitarianism. Pluralism, in essence, is a mechanism of control of democratic institutions which reminds us that democracy itself has a need to be permanently and continually corrected, advanced and perfected, because even democratic institutions would not be that democratic if alternatives to them did not exist. In that sense, analysing the challenges of the functioning of a plural political system in a plural and fragmented society, this article represents an attempt to show that the best answer to the functioning of plural societies is essentially pluralism, its logic, and its basic ideas.

# Партнерство за развој

Тито Петковски

Повторувањето на грешките и бавното сфаќање на лекциите од страна на политичките партии, многумина се подготвени да ги препишат на нашата млада демократија. Мислам дека се неосновани оправдувањата од типот, сè уште сме малолетни, имаме само 17 години и ги преживуваме детските болести на политичкиот плурализам.

Сложените прашања со кои во овој стадиум од својот развој е соочено македонското општество, без сомнение бараат консолидација на македонската политика како предуслов за изведување на општествените промени. Тие не можат поинаку да се направат освен да бидат засновани и изведени по демократски пат.

Демократијата не значи само избори и демократско уредување на формалните институции. Таа, меѓу другото, подразбира и отворен, јавен дијалог за разни прашања не само меѓу политичките партии туку и со заинтересираните групи на цивилниот сектор, социјалните партнери и локалната самоуправа. Важни елементи на демократијата се и јавност во работата и одговорност на партиските и државни функционери, слобода на јавното изразување и плуралност на медиумите.

Времето во кое живееме и целта да станеме рамноправен дел на меѓународната заедница, како и потребата од многу подинамичен развој, бараат меѓусебно усогласување и релативно висок степен на согласност меѓу учесниците во општествениот живот на сите нивоа. На тој начин ќе се зголеми општествената одговорност за ефективниот развој и ќе надвладеат јавните над личните интереси и користи. Во тој процес, политичките партии имаат улога на модератор на општествениот дијалог и со информации и аргументи ќе бидат во состојба да изградат свест за потребата од поголема динамика на реформите на македонското општество.

Можеби скромната традиција (17 години) во практикувањето на повеќепартиската демократија и, воопшто, на политичкиот плурализам и ниското ниво на политичка култура се основните причини за досегашниот неуспех на дијалогот како форма на комуникација меѓу политичките партии од власта и од опозицијата. Токму тоа ја наметнува потребата од еден поинаков пристап во нивниот меѓусебен однос, пред сè поради одговорноста што ја имаат за иднината на земјата. Во овој момент мислам дека е потребен механизам што ќе ги стави во рамноправна положба политичките партии и ќе им го зголеми чувството на припадност кон државата и грижата за нејзината иднина. Ќе ги зголеми мобилноста на луѓето и нивната способност да одговараат на предизвикот на времето.

Во една пригода тоа го нареков партнерство за развој. Потписници на таквото партнерство би биле политичките партии, социјалните партнери и единиците на локалната самоуправа. За да дејствуваат организирано партнерите треба да востановат партнерски совет, кој ќе делува како советодавно тело. Таквото партнерство може да успее само доколку се доживува како израз на потреба и на политичка моќ, а не на слабост. Промотор на партнерството добро би било да е самата влада на Република Македонија. Доколку се определи за ваква форма на комуникација меѓу политичките партнери, Владата ќе треба да ја промени и постапката за подготвување и предлагање законски проекти и други акти со кои се уредуваат односите меѓу сите општествени структури, особено оние од сферата на меѓуетничките односи. Уште од самиот почеток на владината процедура, на сите партнери треба да им се достави законскиот концепт, овозможувајќи, на тој начин, едновремено во неговото обликување рамноправно да се вклучат и социјалните партнери, институции и невладини организации, а за одделни прашања и единиците на локалната самоуправа.

Можеби на тој начин ќе ја надминеме состојбата во која се наоѓаме. Станавме земја во која многу тешко се носат заеднички одлуки, а уште потешко се спроведуваат во делови. Доминантни категории и кај партиите и кај политичарите се власта и моќта како цели сами за себе, а не како средство за општествен прогрес. А животот нè учи дека желбата за моќ и власт нема корени во силата, туку во слабоста. Токму некреативната и непродуктивна моќ и власт во наши услови ја дискредитираат политиката. Тоа е и вистинската причина за нашето заостанување, а не демократијата со нејзината спора процедура. Не е познато некаде во светот да успеала демократија без креативни иницијативи што обединуваат и без акции. За такво нешто неопходни се конструктивни дебати и меѓусебна почит на политичките конкуренти. За жал, во нашиот политички живот сè уште доминираат сиромаштијата на духот и приземно ниво на полемики полни со обвинувања кон сите што мислат поинаку од нас. Таквиот пристап, од своја страна, ги прави нечувствителни политичарите кон проблемите на луѓето и потребата од многу подинамични реформи во сите сфери на животот. Без исклучок, сите партии демонстрираат упорност во спроведувањето на сопствените намери. Фактите како да не ги интересираат многу. Како резултат на тоа имаме и премногу лоши одлуки и несреќно избрани алтернативи. За сите нив, како и за лошите постапки секогаш имаме зборови на оправдување, бидејќи како слободни луѓе сметаме дека и на тоа имаме право во името на демократијата. Како да не сме свесни дека сето тоа е пораст на нашиот колективен ум. Колку само има вистина во една арапска мудрост која вели: „За оној што еднаш владеел над другите, неподнослива е власта на другите над него“.

А нам во овој момент ни треба токму спротивното. Ни треба колективна свест за историскиот предизвик. Ни треба креативен ан-

гажман на сите институции на системот. Делбите, нетрпеливоста, фрустрациите и нетолерантноста се крајно непродуктивни категории. Поразот дефинитивно ќе биде наш заеднички, независно кој вложил повеќе а кој помалку во него.

**Abstract**

The modest tradition in practicing multiparty democracy, as well as the low level of political ethics among the political figures are the basic causes for the failure of the political dialogue between the parties from the government and the opposition. Of course, we should not exclude the strong influence of the desire for power at any cost.

This situation has imposed the necessity of finding a different approach to building mutual relations, primarily due to the responsibility that they hold for the future of the country. A new mechanism is needed that will place the political parties on an equal level and enhance their sense of belonging primarily to the state, not just to the party.

We need to establish a certain level of partnership in this direction with precisely specified responsibilities regarding mutual relations.

# Политичкиот плурализам како фундаментална вредност на либерализмот - плурализмот во Македонија

Имер Селмани

*Тоа што практикувањето на демократијата го става на пиедестал, е акцентот на плурализмот во артикулирањето на интересите на различните групи и општества, како и инсистирањето на фактот дека редот и стабилноста ќе беа невозможни ако секоја од тие групи имаше политичко влијание*

Дваесеттиот век покажа колку чувствителни и скршливи се општествата и човештвото, кога власта врз луѓето ја земаат идеологиите. Тој покажа и колку големи и длабоки се предизвиците пред кои се наоѓа човештвото во дваесеттиот век, како последица на новите технологии и економскиот, политичкиот и културниот глобализам. Идеолошката архитектура на дваесеттиот век несомнено ја карактеризира и либерализмот, чии корени датираат пред 200 години и е познат како првобитен либерализам, за разлика од социјалниот и модерен, кој се појавува како потреба за реформа во социјалниот сектор и за интервенции во економијата, што стана практика во крајот на минатиот век. Елементите на либерализмот како: ИНДИВИДУАЛИЗМОТ, кој вербата ја потпира на кулминантната важност на индивидуата; ЛИЧНАТА СЛОБОДА, која природно произлегува од вербата во индивидуата и желбата на секој човек да му се овозможи да постапува на начинот кој самиот го избрал; РАЗУМОТ, кој нè насочува кон рационалната структура на светот како проекција на човековиот разум и аналитичкото истражување за одобрување на ниските решенија (одлуки) во интерес на човештвото; ПРОГРЕСОТ, како способност на човечкото суштество да ги усогласи разликите преку дијалог и дебата, а не преку војна и крвопролевање; ЕДНАКВОСТА, што подразбира фундаментална еднаквост дека сите луѓе „се родиле рамноправни“, следствено на ова „еднакви пред законот“, политичката рамноправност (еден човек – еден глас), на еднаквите правила на играта врз начелото на меритократија, која како способност го смета талентот во корелација со неуморната работа; ТОЛЕРАНЦИЈАТА, како волја на луѓето да им овозможат на другите да размислуваат, да мислат и да постапуваат во согласност со начелото на богатството на плуралистичкото општество. Значи, либералите се убедени дека плурализмот во облик на моралното, културното и политичкото шаренило, иницира дебати и интелектуално напредување, така што ги осигу-

рува сите убедувања во слободниот пазар на идеите. Толку повеќе што, либералите, во овој контекст, главно веруваат во еквилибриум, односно во природното хармонизирање на спротивните гледишта и интереси и токму врз ова начело, либералите ги отфрлуваат идеите за нерешливите конфликти.

Познатиот американски аналитичар и политички коментатор, Франсис Фукујама, во неговата книга „Крајот на историјата и последниот човек“, заклучува дека историјата завршува со победата на ЛИБЕРАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА, како последна форма на човековото владеење и дека оваа победа е дефинитивна. На еден начин, оваа победа на либералната демократија ја покажа трајноста на западните гледишта на светот. Сликата на светот за либералната демократија подразбира посебен модел на западниот развиток, основан, може да се каже, ексклузивно врз примерот на САД, во поддржувањето на вредностите на либералната демократија, како универзално применливи. Единствениот контекст на овој модел се смета дека е фактот што либералните демократии не беа и не се во состојба да ја препознаат важноста на исламските и конфучијанските политички форми, кои, вообичаено, ги сметаа како мали исклучоци и непринципиелни отпори на демократијата.

Главните атрибути на либералната демократија, светски признаена како модел, и покрај некои контрадикторни гледишта, се јасни, затоа што:

– либералната демократија е непосредна форма на демократското учествување (застапување), зашто политичките позиции се достигнуваат преку успехот на избори и се базираат на формалната политичка еднаквост;
– основата на либералната демократија се НАТПРЕВАРОТ и МОЖНОСТА на изборот. Ова се постигнува преку политичкиот плурализам, толеранцијата кон широкиот спектар на разните убедувања, влијанието на различните и спротивните општествени филозофии и спротивствувањата на движењата и политичките партии;
– во либералната демократија јасно е поставена разликата помеѓу ДРЖАВАТА и ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО. Ова се постигнува со постоењето на автономните групи на интересот и капиталистичкото организирање на пазарот и на трговскиот живот.

Плуралистичката идеја може да се следи од првите политички филозофи на либерализмот. Значи, патот на систематизирањето на плурализмот се идентификува со времето кога се правеле анализи и согледувања на трансформацијата на благата американска конфедерација во федерални држави на САД. Проблемот е фокусиран во фактот дека неконтролираното демократско владеење (со соодветни механизми) може да промовира мајоризација, со исклучување на индивидуалните права и, на крајна инстанца, конфискување на имотот во името на народот.

Тоа што практикувањето на демократијата го става на пиедесталот, е акцентот на плурализмот во артикулирањето на интересите на различните групи и општества, како и инсистирањето на фактот дека редот

и стабилноста ќе беа невозможни ако секоја од тие групи имаше политичко влијание. Токму тука произлегува и потребата и системот за поделба на власта, системот на дводомен парламент и федерализам, кои овозможуваат различни цели во пристапот на општествените групи, кои меѓу себе се во противречности. Обичниот граѓанин, а не владејачката елита, треба да биде во ситуација „да го контролира" политичкиот процес, иако поголемата моќ, фактички, ја имаат политички привилегираните и економски посилните. Тука се крие и доктрината на современиот демократски систем, кој на големо се разликува од класичната демократија. Елементарната карактеристика на овој систем на плуралистичка демократија е силната врска помеѓу владата и тие што се владеат, како и постоењето на комуникациските канали помеѓу нив. Ова доаѓа во израз преку меѓупартиските натпреварувања во времето на изборите и можностите, групите на интереси, односно групите на „притисокот", на слободен начин да ги изразат нивните ставови. Иако ова може да е далеку од идеалното народно владеење, односно и претставниците на плуралистичката демократија мислат дека ваквиот пристап осигурува задоволителен степен на одговорност и позитивна перцепција од страна на народот, за да се смета навистина демократска.

Проблемите кои можат да се појавуваат во практикувањето на демократскиот современ плурализам се состојат во опасноста, владејачкиот систем од еден поголем број мали групи да биде средство со кое може да се попречи мнозинството во владеењето на политичката власт. Оваа „стагнација на плурализмот" може да се предизвика и кога малите организирани групи стануваат толку силни што економските интереси се толку големи, што предизикуваат блокади на владеењето заради „преоптовареноста" на владата. Ако, како резултат на поседувањето нееднаков економски имот и на економските ресурси, политичката власт се концентрира во рацете на еден број групи, тогаш автоматски мнозинството се заменува од истата политичка власт. Овие гледишта ќе отворат пат за појавувањето на неоплурализмот како потреба класичниот плурализам да го отвори спектарот на ставовите и гледиштата, земајќи ги предвид современите трендови на модернизација и појавувањето на постиндустриското и посткапиталистичкото општество.

## Плурализмот

*Плуралистичкиот пристап и плуралистите стојат врз убедувањето дека во светот на меѓусебната меѓународна зависност ќе биде невозможно да ѝ се противстават на потребата за соработка, што на многу илустративен начин може да се види во примерот на Европа*

Плуралистичките ставови во меѓународната политика се појавуваат во седумдесеттите години на дваесеттиот век, пред сè во САД, и нејзината суштина ја претставуваат идејата и либералната вредност. Во традиционалната смисла, плурализмот претставува една социо-политичка теорија која навестува

на поделбата на моќта меѓу одреден број органи или групи. Значи, плурализмот се појавува како ограничување на централистичкиот пристап на политичкото владеење. Денеска, во меѓународната политика, сведоци сме на енормното влијание на наднационалните фактори во националните политики, исто како што влијаат мултинационалните компании и невладините организации, како и зависноста на државите во аспект на економската соработка.

Затоа, плуралистичкото гледиште како напреден продукт нуди еден модел на мешани детерминирачки фактори, во кој, не занемарувајќи ги националните влади, потенцира дека меѓународната политика ја формираат поширокиte интереси на групите. И тоа, во пониски инстанци, акцентирањето на надворешниот суверенитет треба да се замени со најскромниот поим на автономијата. Тргнувајќи од ова, слободно можеме да кажеме дека организациите како Гринпис, Ослободителната организација на Палестина, Кока кола или Ватикан, треба да се прифатат како меѓународни фактори, како и, на пр. Франција или Аргентина. Поставувајќи го акцентот на поделбата на влијателната моќ, плуралистичкиот модел го става во сомневање самиот фундаментален чинител, истакнувајќи дека сите субјекти (владини и невладини) постапуваат во рамките на контролата и меѓусебното ограничување, кои ги превентираат волунтаристичките постапки.

Мислам дека една од дестинациите на плуралистичкиот пристап кон меѓународната политика е тоа што потенцира оддалечување од политичките доктрини на силата и на експанзија на државите. Затоа, плуралистичкиот пристап и плуралистите стојат врз убедувањето дека во светот на меѓусебната меѓународна зависност, ќе биде невозможно да ѝ се противстават на потребата за соработка, што на многу илустративен начин може да се види во примерот на Европа.

## Плуралистичкиот модел

*Сите групи и интереси се способни да се организираат и да создадат пристап со владата, додека политичкото влијание е според големината и моќта на поддршката што тие групи ја имаат во општеството*

Плуралистичките теории, во најдобро светло го покажуваат учеството на групите во политиката. Во нив се разликува способноста на групите да ја заштитат индивидуата од власта, како и да придонесат во демократијата. Основната теза на плурализмот е што политичката сила е поделена и широко распространета. Одлуките се донесуваат во еден комплексен процес на преговарања и односи, кои имаат за цел да се земаат предвид гледиштата и интересите на еден поголем број групи.

Според плуралистичките начела, учеството на групите во политиката е фундаментот на демократскиот процес. Во реалноста, плуралистичката демократија ја надминала конвенционалната демократија, затоа што организираните групи и интереси ги замениле политичките партии како елементарна врска меѓу владата (власта) и тие со кои се владее. Според ова, сите групи и интереси

се способни да се организираат и да создадат пристап со владата, додека политичкото влијание е според големината и моќта на поддршката што тие групи ја имаат во општеството. Значи, моќта и влијанието се ограничуваат меѓу себе, така што ниедна од групите или интересите на ниеден начин не може да се надвладеат. Така, политиката на групата ја карактеризира приближната моќ, која добро ја еквилибира.

## Многупартискиот систем

*Многупартизацијата подразбира создавање коалициони влади кои овозможуваат и соединување на политичките актери, кои се во противречности*

Карактеристика на многупартискиот систем е политичкиот натпревар на една или повеќе партии, со тоа што се намалува можноста за создавање еднопартиска влада. И покрај ова, тешко е да се дефинира еднопартискиот систем само на основа на бројот на големите партии, зашто во плурализам овие системи функционираат благодарејќи на коалициите, во чии формации учествуваат помали партии, создадени заради нивните исклучувања од владата и од страна на поголемите партии. Значи, многупартизација подразбира создавање коалициони влади кои овозможуваат и соединување на политичките актери, кои се во противречности. Во овој контекст, потсетувам дека треба да се диференцираат многупартиските системи, по нивниот карактер. Благите плуралистички системи ги карактеризираат земјите како Белгија, Холандија, Норвешка, каде што постојат мали идеолошки разлики помеѓу релевантните партии, факт што резултира со афинитетот за создавање коалиции и на постигнување компромис. Од друга страна, поларизираниот плурализам се појавува таму каде што поголемите идеолошки разлики ги поделуваат најголемите партии во два различни пола во политичкиот систем на земјата.

Предностите на многупартиските плуралистички системи стојат во фактот дека осигуруваат контрола и политички еквилибриум во рамките на владата, со афинитет за дебата, решение и компромис. Процесот на создавање на коалициите и начинот на кој тие се негуваат подразбира и осигурува голема транспарентност, така што треба да се смета и за разликите и гледиштата на различните (спротивните) интереси.

Најголемата слабост на многупартискиот плуралистички систем стои во факторот на ризикот и пречките во создавањето на коалициите. Постизборните преговори и непринципиелните компромиси може да траат со недели и месеци, резултирајќи со нестабилност и противречности кај самите партнери во коалицијата.

Природно, политиката на коалицијата, пред сè, се карактериза со спогодба и компромис, барањето на заедничките цели, а не убедувањата и политичките начела. Се разбира, треба да се внимава во текот на овој процес на натпреварување за добивање на власта, да не се оддалечиме од конкретните политички принципи.

## Плурализмот во Македонија

*Во политичкиот хоризонт на Македонија се етаблираа два политички табора, поделени на национална основа: политичкиот табор кој ги претставуваше интересите на албанскиот народ и другиот, кој ги претставуваше интересите на македонскиот народ, кој претендираше на институционалната и државна ексклузивност*

Во Република Македонија, од нејзината независност, нејзините граѓани живеат во демократски плурализам и во еден многупартиски организиран политички процес. Како и во секоја друга земја, која излезе од источниот блок, како резултат на уривањето на комунистичката идеологија и руските и југословенските федерации, и во Македонија се доживеаја рецидивите на минатото. Во политичкиот хоризонт на Македонија се етаблираа два политички табора, поделени на национална основа: политичкиот табор кој ги претставуваше интересите на албанскиот народ и другиот, кој ги претставуваше интересите на македонскиот народ, кој претендираше на институционалната и државна ексклузивност. Животот и политичкото плуралистичко организирање во Република Македонија означува и подредување на политичките партии во двете најголеми етнички заедници, како и во другите помали заедници, формирајќи политички партии со два префикса. Едниот, кој ја означуваше етничката припадност и, другиот, кој алудираше на идеолошката ориентација на партиите. Оттогаш, оваа практика на плуралистичкото организирање во Македонија не е променета.

Кога се работи за практикување на многупартискиот плуралистички систем во албанскиот политички табор во Република Македонија, тогаш хронологијата на создавањето, развитокот и трансформирањето на албанските политички партии датира уште во првите денови на создавањето на државата. Во политичката сцена во тоа време се појави ПДП, која, во недостаток на друг албански политички субјект, се етаблира повеќе како сеалбанско политичко движење, отколку како плуралистичко внатрешно организирање. Набргу, оваа празнина ќе ја надополни појавувањето на Народната партија и Демократската партија на Албанците, кои ќе ја збогатат политичката сцена во албанскиот табор. Граѓаните Албанци точно десет години се сведоци на политичките несогласувања во две димензии: едната, која се карактеризираше со меѓусебна нетолерантност внатре во албанскиот блок; и другата, која ги отсликуваше меѓунационалните разлики помеѓу Албанците и Македонците. Се мислеше дека овие несогласувања ќе изгаснат со појавувањето на партијата која претендира да биде ексклузивен сукцесор на Војната во 2001 година, ДУИ. Во овој случај, Албанците имаа илузија дека поглавјето на меѓуалбанските несогласувања се затворени, исто како и разликите меѓу Албанците и Македонците, дека нивото на животот и нивното учество во општествениот-политички живот во мултиетничката држава сега е веќе реалност и основа за интегрирање на Република Македонија во

високите меѓународни институции, ЕУ и НАТО.

Предвремените парламентарни избори 2008 и тешките и нерешените спорови на меѓународната политика на државата, исфрлија на виделина една серија девијантни појави, како последица на погрешната политика во минатото. Позиционирањето на граѓанинот Албанец во општествените-политички текови во Република Македонија, сè уште не ја добило потребната физиономија. Стагнации се забележуваат речиси во сите сфери на животот, како: националните права, образованието, културата, распределувањето на државните средства, индивидуалните права, соодветната застапеност, инфраструктурниот развиток, административно-судската дискриминација итн. Неизлегувањето на поголем процент на Албанците на последните избори (65%), зборува доволно за да бидеш свесен во констатирањето дека тие се премногу незадоволни од нивната позиција во општеството, од внатреалбанското политичко организирање, од нивното економско ниво, од политичкиот третман и, следствено на ова, се загрижени за нивната и иднината на нивните потомци.

Забележувајќи ги овие појави, забележувајќи ги внатрешната и надворешната нетрансформација и нереформација на албанските политички партии во Република Македонија, свесни за предизвиците и промените кои се случуваат со многустраната глобализација на вредностите, гледајќи ја иманентната потреба на времето, свесни за интелектуалниот и иновативен капацитет на младите, оценувајќи ги човечките ресурси, интелектуалниот и општествен капацитет на албанското општество, целејќи кон мултиетничка Македонија, имајќи ги предвид перспективите на граѓанинот на Република Македонија во големите семејства како ЕУ и НАТО, земајќи предвид дека политичкото организирање на Албанците треба да се модернизира според барањата и новите перспективи, во многу спонтан и природен начин, се појави потребата за формирање нов политички субјект, со сосема нов демократски профил, кој ќе ги стави во движење сите ресурси, вредности, капацитети, создавачката моќ на Албанците на Република Македонија. Ние цениме дека со појавувањето на Нова демократија (Демокрациа е ре) во политичката сцена, ќе се збогати општествениот-политички живот во Македонија, ќе се зголеми нивото на демократската свест на граѓанинот, ќе се намалат тензиите на сите внатреалбански несогласувања и ќе се освести македонската политика за сите нејзини постапки и грешки.

Цениме дека Нова демократија (Демокрациа е ре) ќе даде нова физиономија на сфаќањето на внатрешните и надворешните политики на Република Македонија, политика која е потребна за надминување на големите предизвици кои ја чекаат Македонија и регионот, како придонес во збогатувањето на диверзитетите изразени преку вредностите кои ги рефлектира политичкиот плурализам.

**Abstract**

If we follow through the chronology of the development of the globalization processes and the interdependences among the governmental and nongovernmental subjects in the international domain, we will see that pluralism appears as the basic element in determining the supranational factors and their impact on the national (state) policies. Thus, the pluralistic approach in executing political power decentralizes it to the extent of replacing the outer state sovereignty with the wider interests of international cooperation in all spheres of life. This global commitment to cooperation and unity can be seen in the example provided by the European Union.

# Оценка на капацитетот на Македонија за политички дијалог

Лилјана Поповска

Веќе трета година во извештаите за напредокот на Република Македонија во процесот на евроинтеграција стои забелешка за недостиг на политички дијалог во земјава. Тоа се оценува како наш демократски дефицит и како неисполнување на многу важните политички критериуми, поради што земјава формално не може да добие датум за започнување преговори со Европската Унија. Како илустрација за отсуството на политички дијалог се посочуваат повремените блокади на Собранието на Република Македонија од страна на опозицијата, или нејзиното отсуство од работата на оваа институција, како и неусогласеноста во ставовите по важни државни прашања помеѓу Претседателот на државата и Претседателот на Владата.

## Како е оценет политичкиот дијалог во последниот извештај на Европската комисија?

Во овогодишниот извештај на Европската комисија се констатира дека во извештајниот период се постигнал дијалог, но, како што велат, „доцна". Дополнително, во него се наведуваат и нерегуларностите на предвремените парламентарни избори како пречка за добивање датум за преговори. Така се случува Македонија веќе три години да не добива унапредување во својот статус, иако е неспорен постојаниот напредок во реформите во различни сектори. Во последниве три години дури со брзина и ефекти какви што не биле забележани во претходниот период, особено во економијата и борбата со организираниот криминал и корупцијата.

## Како дојде политичкиот дијалог во извештаите на Европската комисија?

Политичкиот дијалог за прв пат беше апострофиран како проблем на македонската политичка сцена од неколку дискутанти од опозиционите партии, на седница на Собранието на Република Македонија пред нецели три години, кога се избираше нова влада по парламентарните избори 2006 година. Тогаш, без некоја видлива реална подлога, се пушти во оптек една конструкција за драматична состојба во Македонија поради отсуство на политички дијалог и најава за можен меѓуетнички конфликт (!). Ова беше лајтмотивот на целата расправа. Подоцна оваа конструкција се доработи медиумски и се повторуваше во периодот сѐ до тогашниот извештај на Европската комисија.

Имено, тезата беше илустрирана со бојкот на седниците на Собрани-

ето во разни форми и со разни поводи, како и со комбинирано учество на тогашните три опозициони парламентарни партии. Понатаму, во неколку наврати следеше блокада на собраниските седници преку поднесување илјадници амандмани: на пр. над 2800 амандмани на предлогот за измена на Деловникот за работа на Собранието од само еден член, кој предвидуваше дефинирање на дискусиите на пратениците на десет минути; или над 4000 амандмани за предлог-измените на Изборниот законик и сл. Ова беше дополнето со напуштање на седниците во секој момент кога владината коалиција ќе дојдеше на работ на кворумот. На крајот, истите формулации можеа да се прочитаат во извештајот.

Затоа, на прашањето: како дојде политичкиот дијалог во извештаите на Европската комисија? одговорот е следниов: Како успешно реализиран проект на опозицијата во последниве три години. Како успешно креирана, иницирана и менаџирана политичка криза, која европските набљудувачи ја забележаа и педантно ја опишаа. (Да се надеваме дека никој нема толку сериозно да си ја сфати работата, па да го оствари и вториот дел од тезата за меѓуетничките конфликти.)

## Има ли Македонија капацитет за политички дијалог?

Тврдам дека Македонија имала и има капацитет за политички дијалог, како и за коалицирање, до што повторно се доаѓа преку дијалог. И порано и сега македонските влади функционираат низ широки коалиции, од кои некои се направени пред избори. На пр. на парламентарните избори 2002 година победи „Коалицијата ЗА“ со десет политички партии, а на изборите во 2006 година „Коалицијата за подобра Македонија“ со дури дваесет политички партии, од леви, преку зелени и центристички, до десни, вклучително и со сите малцински партии, освен албанските. Подоцна, оваа коалиција се надогради со уште две парламентарни партии. Апсурдно е да се тврди дека отсуствува политички дијалог во вакви околности.

Што се однесува, пак, до политички дијалог помеѓу власта и опозицијата, тој не е прекинат во ниеден момент, независно дали опозициони партии седат во салата за седници, ѕиркаат зад врата, или учествуваат во повеќепартитни разговори за различни теми. Никој не треба да очекува опозицијата и власта да се унисони во поглед на политичките прашања и начинот за нивно третирање. Затоа и постои политичкиот плурализам како единствена демократска рамка за изградба на цивилно општество. Но, треба да функционираат институциите и да постои волја за меѓусебно ислушување, прифаќање аргументи од „другата“ страна, која и да била, сè до спремност за постигнување консензус по одредени прашања.

Ќе ја илустрирам најновата политичка состојба што беше тема на опсервација и оценка од Европската комисија во Извештајот од 2008 година. За прв пат е избран потпретседател на Собранието од редовите на опозицијата (не дека не било досега нудено, туку не било прифаќано и тоа во различни влади), постојат редовни, најмалку неделни, коор-

динации за работата на Собранието, најважните закони и уставни измени се усогласуваат на ниво на раководства на партиите од власта и опозицијата, на таков начин се дискутира и за преговорите за името на нашава земја, а Владата прифаќа голем број амандмани поднесени од опозицијата, со што овозможува проширување на демократската база на учесници во политичкиот процес на одлучување.

Сметам дека во анализата за политичкиот дијалог во Македонија треба да се спомене и континуираната соработка помеѓу сите партии, невладиниот сектор и експертската јавност околу теми што не се сметаат за „жешки“: родовата еднаквост, лицата со посебни потреби, екологијата, семејното насилство, децата и семејството и сл. Не случајно, веќе со години во македонскиот Парламент функционираат трите лоби групи – Клуб на жени парламентарки, Интерпарламентарната интерпартиска лоби група за лицата со посебни потреби и Зеленото лоби. Во нив членуваат претставници на практично сите политички партии. Фокусирани околу заеднички теми, успеваат да покренат и реализираат редица иницијативи што завршуваат со измени на закони, подзаконски акти, буџети, но и со кампањи за подигање на свеста, како и други активности.

Мислам дека меѓу најубавите промоции на Република Македонија во странство како современа демократија спаѓаат токму некои од активностите на овие политички хетерогени групи кои преку политички дијалог заеднички реализираат проекти од интерес за државата и нејзините граѓани. Да се надеваме дека никој нема да добие идеја да ги „вжешти“ овие и некои слични теми што се природна спојна точка на сите нас.

## Дали и нешто друго стои зад одложениот датум за почеток на преговори со ЕУ?

Значи, ако е очигледно дека Македонија напредува во реформите, има капацитет за политички дијалог и може да го постигне, што впрочем е и констатирано последниов пат (со забелешка дека не е константен), тогаш поради која причина Европската Унија не ни ги подотвора вратите?

Се разбира, ние сме им благодарни на изготвувачите на извештајот за исцрпните анализи и за сите добронамерни укажувања. Тие се добра стимулација за нас да ги подобриме состојбите и да го довршиме започнатото. Македонските граѓани се сосем спокојни и сигурни во поглед на одлуката за нашите евроатлантски интеграции и тука нема дилеми.

Но, не можеме да се оттргнеме од впечатокот дека зад одложениот датум стои и нешто друго што не се споменува никаде во текстот. Имено, Република Македонија има задача да се приближи до стандардите и правилата на игра на Европската Унија низ еден зададен процес со веќе проверена динамика од неколку години. Да се приближи, а не да се поистовети. Сега се бориме само за датум за почеток на преговори за членство, а не за добивање членство.

Повторно со должна почит кон изготвувачите на извештајот, но сме

читале и туѓи извештаи, за други земји што биле или се кандидати за членство. Неизбежно е чувството дека од Македонија се бара да биде одличен ученик со сите петки, додека другите се пуштиле и се пуштаат напред и со послаби оценки. Дали во ова немаат удел и внатрешните конститутивни проблеми на Европа, во која е пораснат скептицизмот за проширување на Унијата, како и притисокот на Грција да бидеме условени со промена на името ако сакаме датум на преговори?

Сите сме сведоци на потребата од силно единство на европските земји, за да се изгради заедничка стратегија и програма кон економски и безбедносно појака Европа. Токму поради ваквото единство, се дозволи на самитот на НАТО во Букурешт Македонија да добие вето од страна на една земја членка. Она што ги плаши граѓаните во Македонија сега е аналогијата што се извлекува за перспективите за членство во Европската Унија.

## Која е перспективата на Република Македонија?

Република Македонија ќе продолжи по патот кој е зацртан одамна, кон евро-атлантските интеграции. Ќе ги доврши сите потребни реформи, ќе ги доизгради стандардите и ќе го зајакне капацитетот на институциите. За ова има политичка и граѓанска волја. Но, неопходна и е политичка поддршка однадвор. Прво, заради неа, за да не се разочараат граѓаните во правичноста и почитувањето на правниот меѓународен систем. Македонските граѓани очекуваат Европската Унија да блесне со својот демократски сјај и да ги заштити своите институции од двојни стандарди и лицемерие. Очекуваат да опстои на правилата и поредокот што самата ги креирала и изградила. Да не ни се случат веќе двојни стандарди во меѓународната политика, едни за појаките, други за послабите.

Потребен ни е позитивен сигнал, знак, нишан. За да продолжиме да веруваме во правичноста и правниот поредок кој засега се смета за идеал. Да не се дозволи една земја, поттикната од тесни национални и националистички побуди на своето политичко водство, да го урива и понатаму тој поредок, тој идеал. Зашто така Европа ќе почне да се поткопува себеси и темелите на кои стои.

Што се однесува до политичките забелешки за состојбите внатре во земјата, беспредметно е да се прашуваме дали Македонија има капацитет за политички дијалог. Апсолутно има. Но, има едно друго прашање: Во која мерка се политичките субјекти во Македонија зрели да ги прифатат изборните резултати, да прифатат изборен пораз и да прифатат да бидат во опозиција, сè дури граѓаните не одлучат поинаку. Зашто, секоја улога што ќе им ја доделат граѓаните на политичките партии, овие треба да ја испочитуваат. Времето поминато во опозиција може да се искористи за конструктивна критика и придонес за подобро законодавство и појака контрола на власта, како и за јакнење и реструктурирање на партиите. Несоодветно е некое политичко водство да е спремно на сè само да влезе во власта, при-

менувајќи разни модели, од широка коалиција за „спас на земјата“ сè до политички кризи со штетни последици внатре во земјата и надвор на меѓународен план.

Веројатно во изминатиов период имало и постапки од страна на власта што можеле „помеко“ да се одиграат, со повеќе умешност и такт. Но, не е лесно да се има такт кога се среќавате со отворено лобирање за полоши европски извештаи и повици за нова мониторинг мисија. Искрено се надевам дека ниеден политички субјект не се радува злурадо на неубавите исходи од започнатите процеси.

Но, веројатно во последниве години во Македонија недостигаат критична маса луѓе на врвни позиции во политиката и влијателни луѓе од јавниот живот што ќе ги стават на подолг рок настрана политичката припадност, личниот интерес и суетата, заради општо добро. Критична маса се постигнува само со претставници од СИТЕ фактори во земјата. Зашто, доволно е една значителна група да се одлучи за бојкот или за некакви инциденти, па дијалогот да изостане.

Ќе мора да се надминеме себеси и да го примениме позитивното историско искуство на Македонија, каде дијалогот меѓу различните бил основа за скокови напред. Пример се Крушевската Република, делото на Мисирков, НОБ, АСНОМ, изградбата на Република Македонија со сите нејзини уставни измени, решавањето на воениот конфликт и постконфликтниот период, процесите на евро-атлантските интеграции сè до неодамна.

Во граѓанскиот сектор тој дијалог функционираше со години, а особени резултати даде во женското движење, каде рационални и обединети околу „женската“ кауза, жените во повеќегодишен период менуваа закони и состојби. Ако можела да функционира таа кауза, тогаш државната кауза треба да профункционира повторно со многу поголема сила. Верувам дека Македонија има капацитет за ова.

**Abstract**

For the past three years, the absence of political dialogue in the Republic of Macedonia has been identified as one of the obstacles in getting the negotiation date with the EU. It was part of the successful project of the opposition, its creation, promotion and realization. The final result was a political crisis followed by boycotts and blockades in the parliament for two years, which was noted by the European observers and became part of the final reports. In fact, the Republic of Macedonia possesses the capacity for political dialogue, and this has been proved through its history. It is practiced even now, and can be illustrated through many examples. The point is that every political subject should take its responsibility to act for the wellbeing of its country in this historic time, when our objective is Euro-Atlantic integration.

# Изборите на патот кон европската интеграција

Загорка Тноковска

*Вистинска студија на политиката е не да се проучува човекот, туку институциите.*

Џон Пламенац

Искуствата кои се стекнуваат со години, па во таа смисла и изборните правила, треба да го поминат тестот на времето заради создавање етаблиран изборен систем. Тоа е процес кој се надградува заради создавање поволна клима за слободни и демократски избори и нивно остварување во практика, што е случај и во нашата земја.

Од тука, прашањето како да се организираат и спроведат регуларни избори стана предмет на интерес на бројни субјекти инволвирани во изборниот процес, но и на пошироката експертска јавност која ја следи оваа проблематика.

Како резултат на ова изработени се бројни извештаи со препораки и упатства, кои ги афирмираат стандардите кои треба да бидат вградени во законите, како гарант на фер и демократски избори.

Ваквиот пристап ја има својата оправданост што легитимитетот на носителите на власта не произлегува само од исходот на изборите, туку и од однесувањето на клучните политички субјекти во текот на спроведувањето на изборите. За слободни избори не може да се зборува ако не се исполнат претпоставките за компетентен граѓански сектор, независно судство и јавно мислење како коректор за етичност на изборниот процес. Ова подразбира обезбедување стандарди преку соодветна законска рамка, обучена изборна администрација и еднаков третман на изборните субјекти.

Имено, изборите во земјите со релативно куса демократска традиција ја актуализираат легитимната функција на изборниот процес. Ова прашање ги надминува рамките на националниот суверенитет, односно, претпоставува дополнителна верификација на демократскиот карактер на изборите и од страна на меѓународните институции. Станува збор за многу важна оценка која има реперкусии врз аспирацијата за евроатланска интеграција на овие земји, па и на нашата.

Од тој аспект, оценките на набљудувачките мисии се значаен фактор во креирањето на изборната регулатива. И во нашиот правен систем креирањето и бројните измени на изборната легислатива се правени врз основа на препораките на домашните и меѓународните организации.

И во Конечниот извештај на Мисијата за набљудување на избори на ОБСЕ/ОДИХР има определени препораки за предвремените парламентарни избори кои се одржаа на 1 јуни 2008 година.

Во извештајот е содржана ретроспективата на настаните по распишувањето на изборите, а на крајот од

извештајот има сет на препораки кои би имале влијание во изборниот процес. Според нив, „општо земено Изборниот законик обезбедува цврста основа за спроведување на демократски избори. Меѓутоа, истиот содржи одредени нецелосни и противречни одредби особено во делот кој се однесува на приговорите и жалбите. Понатаму законодавството кое се однесува на финансирање на изборната кампања не бара потврдување на податоците за финансирање на кампањата поднесени од страна на учесниците во изборите. На денот на изборите, организираното насилство и застрашување го попречи гласањето во областите со претежно етничко албанско население при што едно лице го загуби животот, а неколкумина беа повредени. Ова придонесе за бројни нерегуларности и случаи на изборна измама. Сите овие случаи заедно влијаеја на слободата на гласачите да го дадат својот глас без застрашување, насилство и страв од одмазда. Министерството за внатрешни работи при повторување на гласањето на 15 јуни успеа да ја контролира безбедносната состојба и обезбеди главно помирна атмосфера.“.

Во периодот по одржаните избори во 2008 година, а притоа имајќи ги во вид препораките на споменатиот извештај, се направија измени на Изборниот законик, кои од страна на Собранието на Република Македонија беа донесени во октомври 2008 година. Со овие измени целосно се имплементирани препораките на Конечниот извештај на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР од одржаните предвремени парламентарни избори на 1 јуни 2008 година.

Политичките сигнали кои ни беа испратени во изминатиов период од страна на нашите партнери на патот кон Европа, јасно ни ставија до знаење дека, за да продолжиме по патот по кој тргнавме со стекнувањето на статусот кандидат за членство во ЕУ, императивно мора да ги оставиме зад себе нерегуларностите и инцидентите при спроведување на изборите.

Со измените се надмина судирот на надлежности на судовите во постапката за заштита на избирачкото право, а при тоа се направи и усогласување во однос на изборните прекршоци со Законот за прекршоците.

На забелешките во однос на изборната кампања, доставувањето на извештаите за изборна кампања, вклучувајќи ги и дефинирањето на изворите на финансирање на изборна кампања и ревизијата на финансиските извештаи, се стави посебен акцент и тие добија посебно место во Изборниот законик со проширување на неговата содржина за овие прашања.

Останатите недоследности кои беа наведени во Препораките, а се однесуваа на непрецизноста во повторување на гласањето, односно поништување на гласањето на определени избирачки места и приговорите во оваа постапка се уредени во делот на заштита на избирачкото право со јасно прецизирање на условите за поништување, односно повторување на гласањето и процесот на правни лекови во овој дел од постапката.

Исто така, се направи допрецизирање на одредбите во процесот на сумирање на резултатите од страна на изборните органи, и се дефинира правото на директен пристап на набљудувачите и на овластените претставници во целиот изборен процес, што исто така беше една од препораките.

Забелешките кои се однесуваа на изборната кампања се надминати со дефинирање на дејствијата кои претставуваат изборна кампања, но и со допрецизирања на одредбите кои се однесуваат на информациите за нарачателот и давателот на услуги кои подоцна можат да се проверат, преку финансиските извештаи кои се со содржина претходно утврдена.

Во однос на забелешките за медиумите, во измените на изборниот законик се обезбеди рамноправен пристап во медиумите на сите учесници во изборниот процес, со еднаква цена за сите учесници во изборите при нивното изборно рекламирање. Процедурите за ефикасно и рамноправно медиумско претставување се обезбедени преку донесување акт кој не е поврзан со времето на распишување на изборите, со што се овозможува навремено информирање за медиумското претставување, но и ефикасно санкционирање на радиодифузерите во случај на прекршување на утврдените правила.

Во периодот по изборите преземени се низа мерки за инцидентите на насилство и земање на одговорност на прекршителите на изборниот процес.

Во периодот што следи изборните органи треба да се фокусираат на едукација на изборната администрација, но и на едукација на избирачите заради надминување на констатираните недоследности.

## Гласање на лицата на привремена работа и престој во странство

Во нашиот правен систем прашањето за изборите е уредено со Изборниот законик. Со него се обезбедува цврста основа за спроведување на демократски избори.

Со измените на Изборниот законик, кои беа донесени во октомври оваа година, како новина е тоа што се регулира прашањето поврзано со гласање на државјаните на Република Македонија на привремена работа и престој во странство, односно, нивното право на глас да го остварат во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во земјата каде што престојуваат.

Согласно предложеното решение, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство ќе учествуваат во изборот на претседател на Републиката и избор на 3 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Гласањето на овие лица за избор на претседател на Република Македонија и за пратеници ќе се врши во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија според пропорционалниот модел.

Подготвувањето на списоците за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство ќе се врши врз основа на евиденцијата од надлежниот орган каде, според закон, тие се должни да го пријават својот престој во странство. Исто така, оваа категорија граѓани, ако сакаат да го остварат своето избирачко право, се должни да се пријават во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

Само таа категорија граѓани кои ќе доставаат пријава и ги исполнуваат условите за запишување во Избирачкиот список ќе бидат запишани во посеб-

ни избирачки списоци за гласање во странство.

Значи, оние државјани кои нема да се пријават за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на нашата земја, во земјата каде престојуваат не ќе може да гласаат, но нема да бидат избришани од изводите на избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија, со тоа што во забелешка ќе има одбележување дека се отсутни од Република Македонија, што беше практика и досега.

За ова гласање постапката за формирање изборни органи е идентична како и онаа предвидена за гласањето во земјата. Право да поднесат кандидатска листа имаат покрај политички партии и група избирачи кои ќе соберат 200 потписи на територијата на која го предлагаат кандидатот.

Во процесот на спроведување на гласањето постои разлика во однос на гласањето во земјата со тоа што секое гласачко ливче по гласањето се става во плик, а тој во гласачката кутија. Резултатите од гласањето во странство ги сумира и утврдува Државната изборна комисија, а избирачкиот одбор составува записник само за бројот на запишани избирачи и бројот на избирачи кои гласале.

Во наредниот период Министерството за надворешни работи, во соработка со Државната изборна комисија, треба да ја има главната улога за афирмација на гласањето во странство но и на поттикнување на евиденцијата за државјаните на Република Македонија, со што ќе се создадат правни основи за спроведување на гласањето во ДКП на Република Македонија.

Секако дека главна компонента е и кампањата за едукација на избирачите во странство, за да може успешно да се реализира овој процес.

Временскиот период во кој се предлагаат измените оди во прилог на тоа и остава можност за подготовка и за доследна имплементација на предвидените законски решенија, односно, негова примена од наредните претседателски или парламентарни избори.

Мора да се согласиме дека креирањето на изборното законодавство е сложен процес кој во суштина ги обединува најглавните столбови, владеење на правото и демократските процеси во институционалните рамки на една земја. Почитувањето на процедурата, односно на правилата на игра, нормално, резултира со легитимен парламент, а изборните субјекти во своето дејствување да бидат ослободени од каков било притисок. Во оваа смисла, изборите не се сведуваат само на нормирање на изборните правила, туку вклучуваат и определена политичка култура на изборните актери за спроведување на фер и демократски избори.

**Abstract**

Creating an electoral system is a complex process which includes complex processes in the drafting phase and in implementing international standards for conducting fair and democratic elections. International standards are part of international documents for conducting democratic elections and they are part of the recommendations included in documents which, as a rule, are produced by the international monitoring mission. After the conclusion of an election, they become in a certain sense a “source of law” in the regulation of the electoral process. The criteria and definition of the electoral laws depend on the electoral model in the legal system of a country. However, an important factor in determining the electoral laws is the will of the political actors. In our country, the proportional electoral model is used for electing the deputies to the Assembly of the Republic of Macedonia and for electing members to the municipal councils. In defining the electoral laws best practices are taken into consideration. Allowing citizens of the Republic of Macedonia to vote from abroad is a step forward in allowing them to exercise the rights which are guaranteed to them by the Constitution. In this context, elections are not only comprised of electoral laws, but they also include the political culture of electoral actors for conducting free and democratic elections.

# Electoral systems in pluralistic societies: The cases of Macedonia, Bulgaria and Romania

Nataša Hroneska

## Introduction

One of the major issue that marked the democratization process of the South East European countries in the 1990s was the search for the best institutional mechanisms and practices for peaceful accommodation of the ethnic cleavages in order to maintain the security of the state and stabilize the young democracies in nascent. The democratization presented an ongoing process, parallel to the management of the ethnic issues and the resolution of the ethnic conflicts that spread through the region after 1989. In the reality of these conditions, the often-posed question was: how is it possible to design a political system that would avoid ethnic conflicts and promote instead inter-ethnic accommodation, a stabile party system and a functioning democracy in divided societies?

Starting from the idea that the consolidation of the democracy in the transition countries depends to a high extent on the correlation between the design of the electoral system and the minority representation, the paper will discuss the choices of the electoral system in the post-communist multiethnic societies of South East Europe during the democratization period. In these new democracies with emerging political pluralism and multiparty elections, the choice of the electoral system has been one of the most important issues for the stabilization of the democratic regime and the integration of the ethnic minorities in the political system. The paper focuses on the relationship between the parliamentary representation of the largest ethnic minorities and the electoral system of proportional representation (PR) in Macedonia, Bulgaria and Romania, countries that had a rather peaceful path during the transition years of the 1990s, where the relative stability of the political system has allowed for experimental electoral engineering in the search for the best practice of accommodation of the minority ethnic groups in the state and establishment of a viable democratic regime.

## The electoral systems of Macedonia, Romania and Bulgaria in comparative perspective

The problems of the recognition of the minorities and the protection of their rights preoccupied the decision-makers and the politicians in Macedonia, Bulgaria and Romania in the early 1990s. The stability of their political regimes depended upon the solution of these issues and the successful integration of ethnic minorities in the political system. In this process, two factors had a decisive role. The first factor was the character and the intensity of the ethnic tensions. The second factor that had a decisive role in the stabilization of the political system and the successful integration of the ethnic minorities was

the process of institutional engineering. The electoral system, as part of the institutional design of the new political elites, played a crucial role in the integration of the ethnic minorities in these countries during the democratization process. Furthermore, the level of development of the parliamentary democracy was conditioned by the freedom of political mobilization of all ethnic groups in the society and their constructive participation in the political system of the country.

## Macedonia

In Macedonia, the political stability defined as "preserving the system, citizen loyalty, legitimacy and effectiveness,"[1] was largely conditioned by the Macedonian experience of the institution-building process in the reality of a multiethnic society and imported democracy. Since the beginning of the 1990s, the Macedonian electoral system has evolved around two major axes. The first one is the *pluralization* of the political sphere of the society, meaning the pluralization of the political party system after the abolition of the one-party system. This party pluralism in Macedonia, expressed in the legitimacy and legality of the political parties in power and in opposition, in the beginning of the 1990 set the scene for the first multiparty democratic elections in the country after the former era of socialist democracy[2]. The second axis was the *ethnification* of the political system with the emergence of political parties of ethnic background that took active participation in all following elections in the state. The political parties in Macedonia coincided with the segmental overlapping in the society and created two political blocks on the party scene, "the Macedonian and Albanian blocks of political parties."[3] This ethnification has been present on a permanent basis in the Macedonian political life since the country's independence in 1991, achieving its peak during the 1998 post-electoral coalition and the following elections in 2002. In this process, the political mobilization of the Albanian ethnicum was especially important because it played a significant role in the airing of its demands for equal "constitutive status," administrative decentralization, the official status of the Albanian language on local and state levels and an Albanian-language university.[4] The electoral system has been the crucial institutional mechanism that allowed for the legitimizing and legalizing of these demands in the Macedonian political system.

The first parliamentary elections in Macedonia were held in 1990 under the majoritarian electoral model, with two consecutive electoral rounds.[5] The elections had a great impact on the stability of the political system and the interethnic relations in the first years of the democratization of the country. Concerning the political system, contrary to the expectations of the proponents of the majoritarian model, the outcomes of

1 Arendt Lijphart, cited in Gjorge Ivanov, "Albanskoto prašanje vo Makedonija do 2000: makedonskata perspektiva" in *Zbornik vo čest na Nikola Sotirovski i Vladimir Kartov* (Law Faculty: Skopje, 2001), 371-399.

2 See more in Svetomir Škarić, *Makedonija na site kontinenti* (Union Trade: Skopje 2000), 182-195.

3 The two dominant overlapping segments in Macedonia based on ethnicity, language and religion are: the ethnic Macedonian identity, the Orthodox Christian religion and the Macedonian language, and the Albanian ethnic identity, the Muslim religion and the Albanian language. Gjorge Ivanov,"Albanskoto prašanje vo Makedonija do 2000: makedonskata perspektiva" in *Zbornik vo čest na Nikola Sotirovski i Vladimir Kartov* (Law Faculty: Skopje, 2001), 375.

4 Eben Friedman, "Electoral system design and minority representation", *Ethnopolitics*, Vol. 4, No. 4 (Nov. 2005): 387-88.

5 "Zakon za izbor na pratenici na SRM", *Služben vesnik na Republika Makedonija*, No. 28, Skopje, 1990.

the election showed the disadvantages of the former in under-representation of the political parties which, in turn, influenced the legitimacy and the polarization of the legislative body. The parliamentary seats gained by the political parties did not correspond to the percentages of electoral votes won by those parties. This led to the creation of a “manufactured majority” in the Macedonian parliament.[6] The unstable government formed afterwards, the extreme polarization of the Macedonian party system, the lack of consolidation of the inter-party democracy, all presented additional disadvantages of the majoritarian electoral model after the first parliamentary elections in Macedonia. The political consequences of the majoritarian electoral model also had negative influence on the minority representation in the legislative body and indirectly influenced the development of the interethnic relations in Macedonia, putting the accent on the Albanian-Macedonian ethnic relations. The ethnic Albanian political parties were under-represented in the first parliament. This undermined the legitimacy of the parliament in the eyes of the Albanian electorate and the legitimacy of its normative role, primarily the legitimacy of the Constitution of Macedonia as the highest legal act in the hierarchy of the legal system of the country.[7]

The second democratic elections in Macedonia in 1994 did not bring any increase of ethnic representation in the political system of the country. In contrast to the actual intensified ethnic political mobilization of the political parties, the second elections under the majoritarian electoral model produced a large ethnic Macedonian majority in the parliament. The disproportion between the electoral votes and the seats in the parliament has been a major disadvantage that led to a decrease of the value of the individual vote and contested the legitimacy of the legislative body. Hence, the first experience with the majoritarian electoral model in Macedonia did not give the expected results of creating stable position-opposition relations and stable majoritarian governments. Instead, it failed to provide equity representation to all political forces in the Macedonian legislative body and smothered the airing of the societal and ethnic differences among its population.

The third democratic parliamentary elections in Macedonia followed a process of reforms in the electoral system of the country. The new debates in the political system in Macedonia raised the question of the need for a more proportional representation of all political subjects, especially larger representation of the political parties of ethnic minorities. This was partially achieved with the alteration of the electoral system and introduction of the mixed electoral model for the parliamentary elections in 1998.[8] This mixed (parallel) electoral model brought for the first time a greater proportionality in the distribution of the parliamentary seats and the

6 VMRO-DPMNE with 24 % of the electoral votes received 31% of the parliamentary seats, while SKM-PDP won 25% of the parliamentary seats compared to 24% of the electoral votes. Tanja Karakamiševa, *Izbori i izborni sistemi* (Kultura: Skopje, 2004), 250-255.

7 The first Constitution of the Republic of Macedonia was adopted on 17 November 1991. The Albanians boycotted the referendum for independence held in September 1991. Still, the referendum passed with an overwhelmingly majority of the 65%, a turnout which practically equals the ethnic Macedonians’ share in the total population. See Hugh Poulton, *Who are the Macedonians?* (Bloomington: Indiana University Press, 1995), 177.

8 “Law on the Election of Members for the Parliament of Republic of Macedonia”, http://www.izbori98.gov.mk/english/html/low_on_elections.htm (accessed 10 September 2007);

voters' preferences. The composition of the new parliament reflected a more balanced representation of the political parties and especially, for the first time in the electoral experience of Macedonia, provided for a larger representation of the Albanian ethnic parties in the Macedonian parliament. The pre-election coalitions (10 coalitions entered the election campaign), combined with the proportional representation and the traditional voting along ethnic lines, increased the share of mandates of the Albanian political parties.

However, the ethnic conflict of 2001 showed that, among the other issues, the under-representation of the Albanian politicians in the parliament was still high on the Albanian ethnic agenda. Hence, the ethnic factor was decisive in the alteration of the electoral system in the post-conflict political environment in the Republic of Macedonia in 2002. The new electoral model of proportional representation was one of the institutional devices that aimed at bringing about the accommodation of the ethnic tensions in the country by reforming the very core part of the democratic political system - the electoral system. The origin of this new electoral model was an effort by the political forces in the state to improve the quality of the democracy in the country, starting from the reform of the most democratic institution, the representative house of the people - the parliament. The electoral model of proportional representation in Macedonia was established with the new Law on Elections passed directly before the parliamentary elections in 2002.[9] The new electoral law introduced for the first time a clear proportional model for the election of the deputies in the Macedonian parliament. The design of the electoral law of 2002 provided for a larger and more proportional representation of the political parties of the ethnic minorities in Macedonia. The balance of the electoral geography in the electoral law also provided for higher representation of the Albanian political parties in the country. The size of the electoral districts was balanced in order to secure the equality of every vote and, accordingly, the equality of every mandate in the parliament. The choice of a closed party list was an advantage, avoiding many possible frauds and abuses of the electoral vote by the politicians. Under these new electoral rules, the outcomes of the parliamentary elections in 2002 brought about a completely new structure of the Macedonian parliament. The results of the parliamentary elections in Macedonia in 2002 affirmed that PR electoral system performs better for more balanced representation of the political parties in the legislature. The representation of the Albanian political parties in the Macedonian parliament after the 2002 elections has increased, in comparison to the election results from the previous elections under the pure majoritarian or mixed electoral system. Another importance of the electoral model of PR in Republic of Macedonia is in its correlation with the implementation of the Ohrid Framework Agreement. The new electoral system of proportional representation was an indispensable institutional step towards the implementation of the provisions of the Framework Agreement. A parliament with more proportional representation of the ethnic Albanian parties was an electoral engineering mechanism for

[9] See "Zakon za izbor na pratenici vo Sobranieto na Republika Makedonija," *Služben vesnik na Republika Makedonija*, No. 42, (2002).

a stable parliament that will have the democratic legitimacy to legislate new laws aimed at the accommodation of the ethnic differences in the country.

## Bulgaria

Bulgaria was one of the few countries in SEE that experienced a peaceful democratic transition from the communist regime. The Roundtable talks between the communist political forces and the opposition drafted the future institutional structure of the Bulgarian democratic political system. The electoral system has been shaped by two laws legislated at the Roundtable, the Law on Political Parties and the Election Law, which tracked the beginning of the democratization of the electoral system in the name of the parliamentary democracy and the political pluralism. The settlement of the ethnic issues in the Bulgarian society after 1990 was made along the lines of the interrelation of the Bulgarian electoral system and the political representation of the Turkish minority in the country. The two main characteristics of this period are the moderate ethnic policy of the Turkish political organization, the Movement for Rights and Freedoms (MRF), as well as the specific features of the Bulgarian electoral system that allowed for a wide parliamentary representation of the members of the MRF and prompt accommodation of the ethnic issues in Bulgaria during the democratization years. Starting in 1989, the democratization process presented the breaking point for the discontented Turkish minority to organize itself. The pluralization of the society and the political system allowed for the ethnic political mobilization of the Turks and contestation of their place in the emerging plural party system in Bulgaria. This mobilization was embodied in the moderate organization of the Movement for Rights and Freedoms, whose aim was to enjoy benefits by participating in a well-functioning political system. It had a valuable share in the entire process of the democratization of the Bulgarian political system. The most important role of the MRF was, firstly, the consolidation of the electoral system in the country and the normal functioning of the parliamentary democracy in Bulgaria and secondly, in the peaceful integration of the Turkish minority in the Bulgarian society, as well as the successful accommodation of the ethnic demands within the political system in Bulgaria.

The first free democratic elections in post-communist Bulgaria were held in 1990. Without overvaluation, they remained a huge step forward in the qualitative development of the Bulgarian political system. The mixed electoral system in the first parliamentary elections in Bulgaria provided for a high percentage of proportionality in the parliament. With the seats won, the MRF become the third force in the first post-communist elections in the Grand National Assembly, thus gaining a significant bargaining power.[10] This was a very important factor for the stabilization of the political system in the country during the democratization process. The high percentage of representation of the Turkish minority in the legislative body since the first post-communist pluralistic elections was promising a more moderate ethnic policy and accommodation of the demands of the numerous Turks in Bulgaria through the political system of

[10] Karakamiševa, *Izbori i izborni sistemi,* 167.

the country. The constructiveness of the opposition after the first parliamentary elections and the fear of losing the next elections put the pressure on the ruling BSP to reform the electoral system and to introduce a clear proportional representation model for the new elections scheduled in 1991. This has been one of the most important reforms in the political system of Bulgaria because it led to the first clear proportionality in representation of the political parties in the parliament and opened the way of substantial consolidation of the democracy in the country. Moreover, the institutional choice of proportional representation facilitated minority representation within the choice of the parliamentary framework in the political system.[11] The electoral model of PR increased the parliamentary representation of the political party of the Turkish minority and consequently, has led to a more constructive role of the Turkish political factor in the political system of Bulgaria. Under the PR electoral system, the MRF has become the third most powerful political party in the Bulgarian parliament, coalition partner in the government and an influential force in the political life in the country. Under the electoral system of proportional representation, the political party of the ethnic Turks in Bulgaria has participated in every parliamentary structure since the first elections.[12] In all the consecutive elections in Bulgaria under the PR electoral system, the MRF has maintained wide support and held a central role in the Bulgarian politics. The parliamentary representatives of the Turkish minority in Bulgaria have fully legitimized themselves within the public opinion in the country and have consecutively legitimized the parliament as a representative body of all the citizens in Bulgaria.[13]

## Romania

Post-communist Romania has faced many challenges with the institution-building and regime change during the process of democratization of the country after 1989. The first free democratic parliamentary elections took place in an unstable political environment, even before the real processes of pluralization of the society and political system had emerged.[14] The Romanian electoral system has been an institutional mechanism for the accommodation of the Hungarian minority in the political system of the country. The Hungarian minority in Romania has been an important political factor for the stability of the country, drawing from its historical heritage and the demographical characteristics. When analyzing the accommodation of the Hungarian minority in Romania during the democratization period, we have to take into consideration the ethnic political mobilization that preceded their parliamentary representation. It was expressed in the performance of the Democratic Union of the Hungarians in Romania (UDMR) as their political representative. At the beginning of the 1990s, the Hungarian minority mobilized itself

11 Juan Linz and Alfred Stepan, *Problems of Democratic Transition and Consolidation: Southern Europe, South America and Post-Communist Europe.* (Baltimore: The John Hopkins University Press, 1996), 342.

12 At the elections in 1994, the MRF won 5% of the vote, in 1997 it was a coalition partner in the pre-election coalition Alliance for National Salvation with former UDF members, the Green Party and the Agrarian Party. At the turning point in the Bulgarian political arena, the elections in 2001, when the National Movement of Simeon II won a sweeping electoral victory, the MRF succeeded in retaining its votes by gaining 21 seats in the parliament and allied the NMSII in the government.

13 See CSCE Report, Human Rights and Democratization in Bulgaria 1993, http://www.csce.gov/index.cfm? FuseAction=Files.Download&FileStore_id=350 , (accessed 18 September 2007).

14 Karakamiševa, *Izbori i izborni sistemi,*174.

in an ethnic political party, the UDMR.[15] The "autonomy" became a key concept in the ethnic policy of the UDMR, reflecting the common fear of the assimilation policy by the Romanian state. The demands of the ethnic Hungarians from the beginning of their political mobilization were directed towards greater cultural and educational autonomy, as well as "local self-government" and "regional" autonomy of the Hungarian minority in Romania. The fulfillment of these demands depended on the political participation of the Hungarian minority in the decision-making institutions. However, playing the "ethnic nationalism" card radicalized the attitudes on both sides (Romanian majority and Hungarian minority) and deteriorated the security and the political situation in the country, creating a bipolar model of ethnic relations on the political scene before the first parliamentary elections in 1990. The first democratic elections in Romania were held in.1990, in a politically unstable environment. The first elections were conducted under the electoral law included in the presidential decision in 1990. The law introduced an electoral system of proportional representation, with party lists for nominating of candidates and a proportional formula for translating votes into parliamentary seats. The political party of the ethnic Hungarians in Romania, the Democratic Union of the Hungarians (UDMR), achieved an electoral success and came second, after the NFL, in the parliamentary seats won.[16] With the electoral system of proportional representation, the Romanian decision-makers tried to accommodate the ethnic division in the country and manage in peaceful and democratic way the demands of the ethnic political parties. Larger representation of the Hungarian minority in the parliament meant greater legitimacy of their political representative which, in turn, led to increased political power of the party in the decision-making process. The political representatives of the Hungarian minority in Romania had the legal power to influence the ethnic policy of the Romanian government and to accommodate the demands of their political program within the political and legal system of Romania. Although this process was shadowed with ethnic nationalisms and majoritarian oppression, in the period after 1992, the Romanian parliament and government conducted a more accommodative ethnic policy. This can be seen in the major laws that were legislated in this period and which fulfilled the demands of the Hungarian minority.[17] The choice of the electoral system of proportional representation in Romania has brought an efficient minority representation, stable and legitimate political institutions and a peaceful democratization path.

## Conclusion

The aim of this paper is to argue that the type of electoral system had an important influence as an institutional device for the accommodation of the ethnic minorities in the ethnically divided, post-communist countries of South East Europe during the democ-

[15] For a more explicit analysis of the role of the Hungarian minority in the democratization of the political system of Romania, see Daria Ioana Miria, Lazaresku, "The Hungarian minority in Romania: an example of conflict transformation." (MA Thesis, National University of Athens, Athens, 2006).

[16] In the Chamber of Deputies, the UDMR won 29 mandates, the same number of seats as the National Liberal Party. In the Senate, the UDMR won 12 seats.

[17] E.g. the bilingualism in the territories inhabited by Hungarians, Law on Education of 1995, Law on Local Public Administration of April 2001.

ratization period. The paper's focus is the correlation between the electoral systems and parliamentary representation of the largest ethnic minorities in Macedonia, Bulgaria and Romania. It demonstrates that among the other factors, the electoral system of proportional representation increases the parliamentary representation of ethnic political parties and presents the best institutional choice. The analysis of the consecutive elections that took place in Macedonia, Bulgaria and Romania throughout the democratization period illustrates that the PR electoral system performs better than the majoritarian and mixed electoral systems in enhancing the parliamentary representation of the ethnic political parties in these countries.

Taking the electoral system as a reflection of the relations between the ethnicity and the maturity of the representative democracy, this paper upholds the thesis that in ethnically divided societies, ethnicity plays an important role in the choice of the electoral system. The experience of the countries analyzed in this paper showns that the successful electoral system will be the one that accommodates ethnic differences through parliamentary representation of the ethnic political parties in a proportional manner.

**Резиме**

Изборот на најдобри институционални механизми за мирољубиво решавање на етничките проблеми е еден од најголемите предизвици кои го одбележаа процесот на демократизација во земјите на Југоисточна Европа. Во овој регион демократизацијата се одвиваше паралелно со менаџирањето на етничките раздори и решавањето на етничките конфликти. Овие услови сами по себе го наметнаа прашањето на дизајнирање на политички систем кој ќе успее да ги надмине етничките конфликти, промовирајќи меѓу-етничка соработка, стабилен партиски систем и функционална демократија во етнички поделени општества. Во овие нови демократии со политички плурализам во раѓање, изборот на изборен систем се смета за еден од главните фактори за стабилизација на демократскиот режим и интеграција на етничките малцинства во политичкиот систем. Фокусот е ставен на три земји од Југоисточна Европа, Македонија, Бугарија и Романија, каде што релативната стабилност на политичкиот систем овозможи услови за изборен инженеринг. Од особен интерес во текстот е врската помеѓу пропорционалниот изборен систем и парламентарната застапеност на најголемите етнички малцинства во овие три земји.

# Американските политички партии – проблеми, промени, предизвици

Велимир Деловски

Приказната за американските политички партии започнува непосредно по стекнувањето на независноста во 1776 година кога доаѓа до поларизација на две спротивставени политички групации – федералистичка, на чело со А. Хамилтон, која се залага за моќна централистичка држава, го поддржува протекционизмот, се бори против ропството и ги претставува интересите на индустријалците, трговците и банкарите од северот, од која ќе произлезе Републиканската партија и антифедералистичка или републиканска, на чело со Т. Џеферсон, чиишто приврзаници се застапници на идејата за слаба централна држава, кои бараат поголема автономија на државите и се поборници на слободната трговија, ги претставуваат плантажерите и фармерите од југот и со тоа се сметаат за претходници на Демократската партија.

Познати како фракции, за разлика од многу други демократски држави, нив Уставот на САД воопшто не ги третира и тие претставуваат вонуставна категорија; истите биле сметани за неизбежни, но и опасни.[1] Модерните партии се создаваат во услови на глобална поларизација и проширено избирачко право, кога различните општествени формации имаат можност за артикулација на сопствените политички позиции. Најпрво Џеферсон во текот на 1790-тите ќе ја создаде демократско-републиканската партија како претходничка на денешната Демократска партија, со што таа е најстарата партија која постои во светот. Подоцна истата се расцепува на Џексонови демократи и виговци кои, пак, ќе исчезнат од политичката сцена во 1852 година. Две години подоцна ќе биде основана Републиканската партија која ги прибира во своите редови некогашните виговци, дисидентите од Демократската партија, членовите на некои видови тајни друштва и сл. По сецесионистичката војна меѓу северот и југот демократите се длабоко поделени по прашањето за ропството, како последица на што ќе дојде до нивен расцеп на две партии – јужно крило и северно крило кое го задржува името Демократска партија, а со тоа ќе се овозможи првата победа на републиканците и изборот на Линколн за претседател на САД во 1860 година. Изборите од 1860 година политички ја поделија земјата помеѓу северните држави чиишто гласачи претежно гласаат за републиканците и јужните демократи и се сметаат за први во низата критични избори кои создаваат остра промена во партиските лојалности помеѓу групите гласачи и ги зацементираат Демократската и Републиканската партија како доминантни во двопартискиот систем. Зајакнатата доминација на републиканците, под влијание на нивниот тесен линк со бизнисот во периодот од 1896 до 1930 година ќе трае сè до крахот на Вол

[1] Така, првиот претседател на САД Џорџ Вашингтон нив ги опишува како најголеми непријатели на народот.

стрит[2] за да, откако Франклин Д. Рузвелт во 1932 понуди нови решенија за невработеноста и економската криза на Големата депресија, демократите го освојат приматот на мнозинска партија сè до 1969 година.[3]

Американскиот двопартиски систем се темели врз различните сфаќања за власта, а не врз идеолошки, верски или социолошки основи, како што е тоа случај со голем број партиски системи во европските земји, па затоа безуспешни биле обидите за создавање на каква било социјалистичка, комунистичка или работничка партија. Одговорот на прашањето, зошто американскиот политички систем повеќе од сто години е доминиран од две главни партии – Републиканската (G.O.P. – Grand Old Party) и Демократската партија, кои на секои претседателски избори вообичаено собираат повеќе од 95% од гласовите, лежи во (1) мнозинскиот изборен модел со униноминални избори (single-memner district), кој ги фаворизира големите партии зашто во него важи правилото „winner takes all", согласно кое за избран се смета оној поединец кој ќе добие мнозинство гласови во дистриктот односно државата, додека губитникот не добива ништо, како и во (2) процесот на политичка социјализација – имено, двете партии имаат мошне силно влијание во структурирањето на гласовите, на што се надоврзуваат и традицијата и постоењето на силни бази на една или друга партија во одделни делови на САД. Дотолку повеќе, малите партии ги демотивираат и крутите законски одредби кои ги обврзуваат да соберат иљадници потписи за да бидат ставени на гласачкото ливче, како и законската пречка која се состои во тоа што, додека двете главни партии практично автоматски се квалификуваат за јавно финансирање на нивните претседателски кампањи и средствата ги добиваат во текот на самата кампања, малите партии можат да добијат дел од фондовите само откако ќе бидат познати резултатите и ако освоиле најмалку 5% од вкупниот број гласови.

Сепак, политичкиот развој на Соединетите Држави бележи многу обиди за создавање на трети мали партии кои не се одржуваат долго на политичката сцена и главно се насочуваат кон еден поединец во тек на претседателските избори, додека нивното влијание на изборите за Конгресот е речиси никакво.[4] Тие дејствуваат на периферијата на двопартискиот систем, но сепак се смета дека имаат реален ефект врз политиките кои ги усвојуваат главните партии; женското право на глас, степенестото оданочување на доходот како и непосредните избори за сенатори извираат токму од малите партии. Првично создадени со цел да го изразат несогласувањето на некои гласачи со понудата на главните партии, малите партии можат да бидат од четири типа: 1) партии на бегалци/дисиденти од некоја од главните партии,[5] 2) партии на фармерскиот

2 Единствен прекин во владеењето на републиканците има во двата последователни мандати на Вудро Вилсон од 1913 до 1921 кога и политиките на демократите донекаде се менуваат – дотогаш тие генерално го одобрувале строгото толкување на Уставот на САД и се залагале за ограничување на федералната власт.

3 По исклучок, републиканците ќе добијат претседателско место во времето на Ајзенхауер од 1952 до 1961.

4 Интересен е примерот на Рос Перот кој на претседателските избори во 1992 освои дури 16% од гласовите, што укажува на слабеење на Републиканската и на Демократската партија, а токму неговите гласови биле одлучувачки за победата на Бил Клинтон.

5 Повеќе пати се случи водачите на новоформираните партии да се борат со нивните поранешни партии, но, со исклучок на Прогресивната партија на Теди Рузвелт во 1912 и Американската партија на независноста на Џорџ Валас во 1968, тие не влијаеја битно врз исходот на претседателските избори иако двапати освоија повеќе од 10% од гласовите.

труд кои го застапуваат становиштето според кое фармерите и урбаните работници не го добиваат нивниот дел од општественото богатство,[6] 3) партии на идеолошки протест кои одат чекор подалеку во критикувањето на востановениот систем одбивајќи ги преовладувачките доктрини и предлагајќи радикално различни принципи, често во насока на зголемен владин активизам[7] и 4) еднотематски партии формирани заради промовирање на еден единствен принцип или филозофија на владеење.[8]

Ваквиот систем на тврд бипартизам го чинат две (според степенот на внатрешната организираност) меки партии кои, всушност, претставуваат лабави коалиции на партии кои постојат во одделните држави и се здружуваат еднаш во четири години, тогаш кога треба да се избере заедничкиот кандидат за Претседател, додека во меѓувреме нивната активност се одвива исклучиво во рамките на одделните држави. Тие немаат своја јасна идеологија ниту цврста организација и формално членство, па оттука не може да стане збор ниту за постоење на партиска дисциплина во смисла на обврска за придржување кон платформите на партијата кои, пак, за разлика од програмите на многу партии од други земји, се премногу воопштени и аномични со оглед на нивната хетерогена структура, коегзистирајќи како групации во кои се остварува компромис на различните интереси.[9] Притоа, партиските платформи се главно изборни програми за акции, со намера за нивно спроведување во претстојниот период, кои имаат за цел да привлечат што поголем број избирачи независно од тоа на кои слоеви или групи припаѓаат и истите не ги обврзуваат политичките избраници да се придржуваат кон нивните одредби. За тоа придонесува и високиот степен на персонализација на власта кој во американскиот систем е далеку поизраен одошто во другите развиени земји – самата личност на кандидатот е по правило од поголемо значење за определувањето на избирачите отколку неговата политичка програма односно идеологија.

Иако слични, демократите и републиканците имаат многу различни идеолошки ориентации кои во економската сфера можат да се увидат преку анализа на нивните позиции по четири прашања – сопственоста на средствата за производство, улогата на владата во економското планирање, редистрибуцијата на богатството и обезбедувањето на социјална благосостојба. Така, основните програмски позиции на Републиканската партија се: поголемо нагласување на економската компетитивност, ограничена ролја на државата, ниски даноци, балансиран буџет и кастрење на социјалните издатоци, фаворизирање на повисоките слоеви, силна одбрана и голем воен буџет, постојано јакнење на позициите на САД во светот преку водење

6 На пример, Популистичката партија, формирана во 1892, но и Прогресивната, основана во 1924 и која исчезна една година подоцна.

7 Социјалистичката партија, како десна партија која тежнеела да ја спори владината акција во општеството, како и Либертаријанската партија, која ја акцентира слободата пред поредокот и еднаквоста.

8 Во оваа група спаѓаат Антимасонската партија, Партијата на слободната земја, Прохибиционистичката партија, Партијата на природното право, но и Републиканската која настанала како еднотематска партија која се противи на ропството во новите територии, за да на изборите во 1856 година го преземе второто место, истиснувајќи ги притоа виговците, што ќе претставува силен поттик за создавањето на трети партии.

9 Обете главни американски партии спаѓаат во категоријата која Ото Кирхајмер ја нарекува *catch-all parties* (сеопфатни или масовни партии кои отфрлаат голем дел од идеолошкиот товар за да би биле привлечни за што е можно поголем број гласачи).

поагресивна надворешна политика, зачувување на старите институции и спротивставување на реформите, па затоа таа се третира како конзервативна, за разлика од Демократската партија која, како либерална политичка формација на левиот центар, се залага за унапредување на работничките и потрошувачките права, поактивна улога на државата во економијата, поправедна распределба на доходот, јакнење на федералните фондови за здравствена заштита, социјална сигурност и образование, подобрување на положбата на најсиромашните, интензивно апелирајќи на нужноста од промени.

Оттука произлегуваат и клучните детерминанти на партиската идентификација[10] како најважен индикатор на изборниот исход, имајќи предвид дека половината од електоратот одлучува како ќе гласа пред партиските конвенции, додека на кус рок извесно влијание имаат атрибутите и политичките позиции на кандидатите. Условно, Републиканската е партија на крупниот капитал, а Демократската ги застапува интересите на средните слоеви и просечниот граѓанин. Врз основа на едно предизборно истражување на јавното мислење, спроведено во 2002 година, кое ја анализира релативно стабилната структура на избирачкото тело во САД врз основа на неколку социоекономски критериуми – приход, образование, религија, пол, раса, регион и возраст, може да се заклучи дека за *републиканците* традиционално гласаат избирачите со поголем и подобар општествен статус и поголеми приходи, образованите и повозрасните, жителите на руралните средини и градови со средна големина, Англосаксонците и потомците на доселениците од северна и западна Европа. Обратно, припадниците на пониските слоеви, кои имаат пониски примања и помало образование, средните слоеви, работниците и голем дел на интелектуалците, младите жители на големите градови, припадниците на помалите етнички групи, потомците на доселениците од јужна и источна Европа, католиците, Евреите, жените, Хиспано- и Афроамериканците[11] има поголеми изгледи да се сметаат за демократи отколку за републиканци. Студиите покажуваат дека речиси половината од Американците ја присвојуваат партијата на нивните родители – југот и североистокот се изразито демократски, а средниот запад и западот – претежно републикански.[12]

Почнувајќи од 1960-тите САД ќе ги зафати појавата на слабеење на партиската идентификација – намалување на приврзаноста на луѓето кон политичките партии, со истовремено зголемување на бројот на независните или нестабилни избирачи.[13] Особено изразена кај белата популација, помлада од 30 години, која не е премногу врзана за традицијата и неретко гласа за кандидати на различни партии, таа го отсликува сè поголемото разочарување од конвенционалната политика и неуспехот на партискиот систем да одговори на потребите на

[10] Чувство на психолошка приврзаност на гласачот кон одредена партија.

[11] 75-80% од американските црнци гласаат за демократите кои патем го поддржаа законодавството за поголеми граѓански права во 1960-тите.

[12] Според старосната структура, најмладата група гласачи е понезависна, додека луѓето од средните 20-ти до средните 40-ти, кои беа социјализирани во времето на Реган и Буш, се тешки републиканци, најстарата група не само што е силно демократски настроена туку покажува и најголема партиска ангажираност и лојалност.

[13] Од 9% во 1920 на приближно 30% во осумдесеттите години на 20 век.

постиндустриското општество и е показател на неопходноста од реформи во партиите и партискиот систем. На ова се надоврзува и апстиненцијата изразена особено меѓу сиромашните, црнците, младите фармери и жените.[14] Сличната идеолошка платформа и лабавата организација на партиите, каде често сличностите меѓу одделните крила на едната и другата партија се поголеми одошто сличностите на левото и десното крило од истата партија, овозможуваат трансфер на дел од партиските приврзаници од една кон друга партија. Најголемата прераспределба на гласови се случи во периодот од 1928 до 1936 година кога дојде до премин на голем дел од избирачкото тело кон Демократската партија и Републиканската партија ја загуби својата доминантна положба како последица на економската криза која го обединува избирачкото тело околу програмата New Deal.

Иако се далеку од хиерархиската и централизирана организација на европските политички партии, секоја од партиите во САД има свои тела и органи како на национално и локално ниво така и на ниво на одделните држави. Тие ги рефлектираат фундаменталните принципи на поделба на власта и федерализмот и се организирани како стратархија што подразбира дифузија на власта помеѓу и внатре во рамките на нивоата (strata) на партиската организација спротивно на пирамидалниот облик. Најголемо партиско тело е Националната партиска конвенција која се состои од неколку илјади делегати избрани од партиските организации на државите и се свикува секоја четврта година летото пред претседателските избори, а на која ѝ претходат конвенции кои се одржуваат во одделните држави.[15] Нејзините основни задачи се номинирање на кандидат за претседател (кој истовремено станува и лидер на партијата за наредниот четиригодишен период) и потпретседател (на предлог на избраниот кандидат за претседател), усвојување на изборната платформа и конституирање на Националниот комитет како раководен орган помеѓу две конвенции, кој се состои од по два претставника од секоја држава и активно работи само во годината на претседателските избори.[16] Секоја од партиите одржува и одвоени конгресни партиски конференции во обата дома на Конгресот, кои се занимаваат само со конгресни прашања и немаат каква било структурална врска помеѓу себе и со националните комитети.[17]

Американските партии имаат и релативно мал број т.н. партиски работници (partyworkers) – активисти кои на одреден начин се ангажирани во партиските органи на разни нивоа и поддржувачи на партијата (party supporters), кои гласаат за одделните партии, како и одредени статутарни правила кои се донесуваат главно пред свикување на конвенциите и останатите партиски тела, покажувај-

[14] Сепак, структурата на избирачкото тело останала релативно стабилна уште од 1930-тите. Доказ за тоа е истражувањето на јавното мислење од 1986 година на кое 40% од Американците се изјасниле себеси како демократи, 26% како републиканци и 33% како независни.

[15] Со оглед дека, почнувајќи од 1972 година, конвенциите служат единствено за ратификација на резултатите на комплексниот процес на селектирање на делегати, тие се сметаат за фарса, па одредени автори дури ја нагласуваат потребата од нивно укинување.

[16] Ефективна улога во раководење со партијата во меѓувреме има Централниот партиски штаб каде работат поголем број професионалци со улога во подготовката на изборите и давање помош на партиските кандидати во изборната кампања.

[17] Тие имаат организациска улога и остваруваат извесна организациона контрола во поглед на активностите на поедини членови на Конгресот со цел да се спречи нечие несоодветно или екстремно однесување во текот на законодавниот процес.

ќи на тој начин постоење на одреден степен на организираност и поврзаност на поедини делови на партијата во единствена целина.

Со низата внатрепартиски реформи од 1970-тите, најпрво во Демократската, а потоа и во Републиканската партија ќе биде воспоставена власт на управување на Националниот комитет, која вклучува и контрола над постапката за избор на делегати за Националната конвенција.[18] Целта била да се ослабне моќта на локалните партиски водачи за сметка на јакнење на улогата на обичните членови. И покрај тоа, тие уште долго ќе се потпираат врз силните локални партиски организации, особено во големите градови каде е очигледно одлучувачкото влијание на партиски машинерии и нивните босови кои доминираат со локалната политика – некогаш со илегални средства, преку низа, пред сè, материјални поттици кои би требало да ја стимулираат партиципацијата на граѓаните во партиската организација (обезбедување на работни места и преференцијален третман при давањето услуги или снабдувањето на владините служби). Со постепеното сосекување на практиката на патронажа и функциите на социјални сервиси, многу локални организации го губат влијанието врз изборите, за што придонесува распространувањето на примарните избори како основен метод на номинација на кандидати за јавна служба.

Впрочем, номинирањето на кандидати и структурирањето на изборот на гласачите се двете клучни функции на партиите во САД, со оглед дека тие се повеќе изборно отколку програмски ориентирани и имаат првенствено изборна, а не владејачка улога.[19] Додека во почетокот предлагањето на кандидати им било доверено на неколкуте партиски водачи кои се состанувале во мали, тајни групи наречени caucus (одбор),[20] подоцна партиските гласачи ги избираат кандидатите за претстојните официјални избори по пат на прелиминарни, т.н. примарни избори.[21] Во повеќето американски држави се одржуваат затворени примарни избори на кои можат да учествуваат само оние поддржувачи или приврзаници на партијата кои пред самите избори ќе се регистрираат во избирачкиот список на односната политичка партија или ќе дадат изјава дека ќе гласаат за нејзините кандидати, односно ќе ја поддржуваат партиската политика, додека на отворените примарни избори можат да учествуваат сите избирачи без обѕир на партиската припадност.

Примарните избори овозможуваат поголема демократизација на изборниот процес и се јавуваат како некој вид противтежа на моќта на

[18] На Демократската конвенција одржана во 1972 се формулирани нови упатства за селекција на делегати, вклучувајќи го и правилото според кое се бара партиите на државите да преземаат „афирмативна акција“, а со цел за поголема вклученост на жените, малцинствата и младите. Во таа смисла, на моќната делегација на Илиноис, предводена од градоначалникот на Чикаго Ричард Дали, ѝ било одбиено учеството на Конвенцијата поради непридржување кон обврската за полови, расни и старосни квоти.

[19] Американскиот претседателски режим, за разлика од парламентарниот, не доведува до партиско владеење. По изборите за Претседател се говори за републиканска или демократска администрација, но тоа е само говорна конвенција – на власт не е ниту Републиканската ниту Демократскатата партија, а Претседателот не дејствува како лидер на една партија зашто неговите можности за дејствување се условени од неговата независност од сопствената партија и соработката со противничката партија.

[20] На овој начин бил избран и Џорџ Вашингтон како прв Претседател на САД во 1789. Денеска само во уште десетина држави номинирањето се врши по пат на caucus.

[21] За првпат примарните избори биле употребени при изборот на делегати за Националната конвенција во Њу Хемпшир во 1912 година, каде и денес традиционално се организираат првите примарни избори, додека првиот caucus се свикува во Ајова.

партиската машинерија и на силните приватни асоцијации кои неретко имале доминантно влијание во процесот на кандидирање, но се смета дека еволуцијата на изборните кампањи од партиски центрирани кон кандидатски центрирани и високо персонализирани, кои се спроведуваат надвор од контролата на партиските организации, би можела да има сериозни импликации по демократското владеење. Децентрализираната природа на процесот на номинирање на кандидати им дава можност на организираните групи надвор од партиите да ги идентификуваат и поддржат оние кандидати кои ги фаворизираат нивните интереси, поради што победниците, иако воопшто не би можеле да ја добијат номинацијата без широка поддршка внатре во партијата, можат сосема легитимно да сметаат дека тоа е благодарение на нивните напори и дека малку ѝ должат на партиската организација.[22] За тоа придонесува и самиот начин на финансирање на кампањите, особено претседателските кои се секогаш скапи, а методите на прибирање на средства остануваат сомнителни. Имено, иако фондовите се формираат на различни начини (вклучително и партиски средства), кандидатите се упатени самите да прибираат средства, поради што доминираат донациите од одредени индустриски и финансиски магнати и корпорации кои се најмногу заинтересирани нивната партија/кандидат да дојде на власт.

Со донесувањето на Federal Election Campaign Act (FECA) од 1971 година за прв пат е создадена сојузна законска рамка која го регулира финансирањето на федералните кампањи, ги утврдува законските лимити на контрибуциите во изборната кампања од страна на поединци и организации,[23] им наметнува обврска на партиите за задолжително обелоденување на нивните трошоци и ја востановува Федералната изборна комисија.[24] И покрај тоа, вкупните изборни трошоци продолжиле да растат и да го надминуваат законски утврдениот лимит.[25] Во прилог на тоа е и можноста, предвидена со правилата од 1999 година, кандидатот да не ги прифати федералните фондови, при што, во таков случај, тој се ослободува од обврската за придржување кон законските ограничувања и може да потроши колку сака свои пари.[26] Јавното финансирање на претседателската кампања на извесен начин го зајакна трендот на нејзино персонализирање зашто фондовите одат по правило кај кандидатот а не кај партијата која и не ја води претседателската кампања, туку само го поддржува. Затоа многумина сметаат дека една од реформите на изборниот систем треба да опфати сосема нов начин на финансирање на кампањите од јавни средства кои би

[22] По аферата Вотергејт (1974-1976) тогашниот претседател Никсон, кој беше оптужен за илегални активности, си даде оставка, но Републиканците не беа многу жестоко казнети поради независната природа на претседателската кампања. И самиот Никсон, како и Ајзенхауер претходно во 1952, се дистанцираше од сопствената партија.

[23] Најпрво со амандманот од 1974 година, за да тие лимити бидат зголемени со Bipartisan Campaign Reform Act од март 2002.

[24] FEC е замислена како независна агенција составена од шест члена (по три од секоја партија), која треба да го спроведе законот и да го администрира јавното финансирање на претседателските кампањи, кое започна со изборите од 1976 година.

[25] Истовремено се легализира спонзорирањето на кампањите од страна на т.н. Политички акциони комитети (PACs), организирани од корпорации, синдикати, трговски асоцијации и разни видови интересни групи, чијшто број на сојузно ниво пораснал нагло од околу 600 во 1974 година на преку 3350 во 1982.

[26] Буш во два наврати, во 2000 и 2004 и Кери во 2004 година се откажаа од јавните фондови наменети за примарните избори, така што само Буш во 2004 потроши повеќе од 150 милиони долари.

се давале на партиите, а не директно на индивидуалните кандидати.

Освен тоа, двостепената постапка која ги карактеризира претседателските избори е честопати критикувана, особено во делот на изјаснувањето на изборниот (електорски) колеџ кој не секогаш ги одразува реалната слика и расположението на гласачкото тело и може дури да ја доведе во прашање легитимноста на избраниот претседател.[27] Исто така, изборниот систем на САД не е воопшто имун на малверзации, нерегуларности и импровизации, за што говори и конфузијата која се создаде околу пребројувањето на гласовите во Флорида на претседателските избори во 2004.

This solves the issue of the unexpressed boundary conditions where voters acted strategically and parties got under-represented in various systems and manages to partially solve the problem of induction and probability. The explanatory and predictive force of the theory is increased by this relativization and probabilistic expression due to the switch of the level of analysis on mechanical and psychological factors. Thus, if those statements are proved to be true, present in the political system under observation, then the probability to have a two-party system is extremely high.

## Conclusions

This analysis shows that the theory proposed by Duverger corresponds to

most of the standards set by logical positivists. Thus, it meets the requirements regarding the verifiability criterion, it has the structure of a scientific explanation, it involves analytic *a priori* and synthetic *a posteriori* statements by distinguishing between observational and theoretical terms and it possesses an explanatory and predictive force.

However, from the logical positivist perspective, there are a few shortcomings that the theory presents and their overcoming can significantly improve the theory. There are three main weaknesses in Duverger's theory. Firstly, the explanatory force decreased significantly across decades, reaching a point where it can explain less than one third of the empirical cases. Secondly, although stated as probabilistic at language level, the theory is highly deterministic and generates problems in terms of induction and deduction. The model proposed by Duverger suffers at the *explanans* level. Thirdly, in addition to the previous two points, the problems arise at the level of the theory's universality, a probability being closer to what we have at empirical level nowadays and to what was identified theoretically as being problematic at the time. Thus, a certain electoral system does not necessarily lead o a two-party system, and the effects depend on various factors.

The revealed qualities and shortcomings may help future research in improving the law, especially since it has been done in a constructive manner. This claim is more powerful as the identified weaknesses are not only normative, but based on the empirical reality, combining the logical positivist rigour with the empirical realities in the sub-fields of electoral systems and political parties. The claim of this article gets stronger if we take a look at how Duverger himself refines and amends his theory after two decades, stating that "the plurality rule tends to produce a two-party system" (Duverger 1986, 70). The probability introduced in the new formulation of the law is necessary, but not sufficient to eliminate the highlighted issues. The main problems reside in the reasoning of this law, in the truth of the general statements from the *explanans* and on the non-specification of boundary conditions. The new formulation of the law does not indicate if any of these were modified, it indicates only a modification of the terms, not enough to catch the exact meaning of the theory as shown in Section 3. The novelty of the probabilistic version of Duverger's theory proposed in this article consists of not introducing additional elements in the law, but on closely linking the *explanandum* and the *explanans*.

**Резиме**

Природонаучниците постојано ги напаѓаат оние од општествените науки за нивните квазинаучни заклучоци, непостоењето на универзални закони, како и слабоста на научните средства. Во филозофските текови на 20 век, логичкиот позитивизам заземе позиција поблиску до она што природните науки го тврдат, со тоа што се воведе специфична крутост во формирањето на теориите и нивно валидирање. Теоријата на Дувергер продолжува да влијае врз истражувањата во областа на политичките науки. Истата набргу стана мерило за истражувањата во областа на партискиот плурализам, додека честопати истражувањата

воопшто не ја земаат предвид валидноста на овој закон или неговиот карактер. Со тоа што овој закон се зема здраво за готово многу аспекти се игнорираат, додека пак само некои се откриваат низ перспективата која ја развива логичкиот позитивист врз база на оваа теорија. Оваа статија има за цел да го тестира статусот на Теоријата на Дувергер од перспектива на логичкиот позитивист и да ги идентификува елементите кои се вклопуваат со перспективата на логичкиот позитивист, како и недостатоците на теоријата.

Додека од една страна Теоријата на Дувергер соодејствува со повеќето од стандардите поставени од страна на логичките позитивисти, сепак, истата покажува три главни слабости: потенцијалот за објаснување се намалува во значителна мера низ децениите, иако е сведен на веројатност на јазично ниво, теоријата е високо детерминирачка и раѓа проблеми во смисла на индукција и дедукција, а се јавуваат проблеми и на ниво на универзалноста на теоријата – веројатност која е поблиска до она што го имаме на емпириско ниво во моментов, и до она што беше теоретски идентификувано како проблематично со текот на времето. Како заклучок, одреден гласачки систем не значи дека води кон двопартиски систем, резултатот зависи од разни фактори.

**References:**

Ayer, A.J., 1971, *Language, Truth and Logic*, Harmondsworth: Penguin Books.

Balashov, Yuri and Alex Rosenberg, 2002, *Philosophy of Science: Contemporary Readings*, London: Routledge.

Black, Jerome H., 1978, "The Multicandidate Calculus of Voting: Application to Canadian Federal Elections", *American Journal of Political Science,* vol. 22, no. 3.

Blais, Andre and R.K. Carty, 1991, "The Psychological Impact of Electoral Laws: Measuring Duverger's Elusive Factor", *British Journal of Political Science*, vol. 21, No. 1.

Braumoeller, Brau F and Gary Goertz, 2000, "The Methodology of Necessary Conditions", *American Journal of Political Science*, vol. 44, no. 4.

Carnap, Rudolf, 1966, *Philosophical Foundations of Physics: An Introduction to the Philosophy of Science*, New York: Basic Books.

Chibber, Pradeep and Ken Kollman, 1998, "Party Aggregation and the Number of Parties in India and the United States", *American Political Science Review*, vol. 92, no. 2.

Cox, Gary W., 1997, *Making Votes Count*, Cambridge: Cambridge University Press.

Downs, Anthony, 1957, *An Economic Theory of Democracy*, New York: Harper & Bros.

Duverger, Maurice, 1963. *Political Parties: Their Organization and Acticity in the Modern State*, New York: Wiley, Science Ed.

Duverger, Maurice, 1986, "Duverger's Law Forty Years Later" in Bernard Grofman and Arend Lijphart (eds.), 1986, *Electoral Laws and Their Political Consequences*, New York: Agathon.

Elster, Jon, Claus Offe and Ulrich K. Preuss, 1997, *Institutional Design in post-Communist Societies: Rebuilding the Ship at Sea*, Cambridge: Cambridge University Press.

Friedman, Michael, 1999, *Reconsidering Logical Positivism,* Cambridge: Cambridge University Press.

Gaines, Brian, 1999, "Duverger's Law and the Meaning of Canadian Exceptionalism", Comparative Political Studies, vol. 32, no. 3.

Gotowski, William E., and John P. Georges, 1993, "Optimal Sophisticated Voting Strategies in Single Ballot Elections Involving Three Candidates", *Public Choice*, vol. 77, no. 2.

Grofman, Bernard and Arend Lijphart (eds.), 1986, *Electoral Laws and Their Political Consequences*, New York: Agathon.

Hempel, Carl G. and Paul Oppenheim, 1948, "Studies in the Logic of Explanation", *Philosophy of Science*, vol. 15, no. 2.

Hempel, Carl, 2002, "Two Models of Scientific Explanation", in Yuri Balashov and Alex Rosenberg, 2002, *Philosophy of Science: Contemporary Readings*, London: Routledge.

Hollis, Martin, 1994, *The Philosophy of Social Science: An Introduction*, Cambridge: Cambridge University Press.

International Institute for Democracy and Electoral Assistance (IDEA), www.idea.int, last accessed October 28, 2006.

Mainwaring, Scott and Timothy R. Scully (eds.), 1995, *Building Democratic Institutions: Party Systems in Latin America*, Stanford, CA: Stanford University Press.

Mainwaring, Scott, 1998, „Rethinking Party Systems Theory in the Third Wave of Democratization: The Importance of Party System Institutionalization." Working Paper #260. Notre Dame, Indiana: The Helen Kellogg Institute for International Studies, University of Notre Dame.

Mair, Peter, 1997, *Party System Change. Approaches and Interpretations*, Oxford: Clarendon Press.

Mair, Peter, Wolfgang Muller and Fritz Plasser (eds.), 2004, *Political Parties and Electoral Change*, London: Sage Publications.

McKelvey, Richard D. and Peter C. Ordeshook. 1972. "A General Theory of the Calculus of Voting." in J. F. Herndon and J. L. Bernd (eds.), 1972, *Mathematical Applications in Political Science*, vol. 6. Charlottesville: University Press of Virginia.

Nagel, Ernest, 1974, *The Structure of Science. Problems in the Logic of Scientific Explanation*, 4th edition, London: Routledge & Kegan Paul.

Ordeshook, Peter and Olga Shvetsova, 1994, "Ethnic Heterogeneity, District Magnitude, and the Number of Parties", *American Journal of Political Science,* vol. 38, no. 1.

Rae, Douglas W., 1971, *The Political Consequences of Electoral Laws*, 2nd edition, New Haven: Yale University Press.

Ragin, Charles, 2000, *Fuzzy-Set Social Science*, Chicago; University of Chicago Press.

Reed, Steven R., 2001, "Duverger's Law is Working in Italy", *Comparative Political Studies*, vol. 34, no. 3.

Riker, William H., "The Two-Party System and Duverger's Law: An Essay on the History of Political Science", *The American Political Science Review*, vol. 76, no.4.

Riker, William, 1986, "Duverger's Law Revisited" in Bernard Grofman and Arend

Lijphart (eds.), 1986, *Electoral Laws and Their Political Consequences*, New York: Agathon.

Sartori, Giovanni, 1986, "The Influence of Electoral Systems: Faulty Laws or Faulty Method?" in Bernard Grofman and Arend Lijphart (eds.), 1986, *Electoral Laws and Their Political Consequences*, New York: Agathon.

Sartori, Giovanni, 2005, *Parties and Party Systems: A Framework for Analysis*, Colchester: ECPR Press.

Schlick, Moritz, 2002, „The Future of Philosophy", in Yuri Balashov and Alex

Rosenberg, 2002, *Philosophy of Science: Contemporary Readings*, London: Routledge.

Taagepera, Rein and Matthew Soberg Shuggart, 1989, *Seats and Votes: The Effects and Determinants of Electoral Systems*, New Haven: Yale University Press.

Wildawsky, Aaron, 1959, "A Methodological Critique of Duverger's Political Parties", *Journal of Politics,* vol. 21, no. 2.

# Новите „вредности“ од политичкиот плурализам како извор на фрустрации

Александар Димитриев

Една од главните причини и цели на промената на претходниот систем, кој почнувајќи самиот од себе од внатре да се изјадува и самиот си придонесе за пропаѓање, а оние кои се решија тоа да го сторат, поаѓајќи од претпоставката дека менувајќи го претходниот систем, кој многумина го нарекуваат „време на едноумие“, не правеа разлика меѓу идејата на системот и луѓето кои го спроведуваа и реализираа, беше да се создаде систем во кој плурализмот на идеите ќе најде простор преку организирана политичка сцена во облик на партии, независно од нивната определба или боја, да му овозможи на граѓанинот да најде начин да земе учество во одлучувањето за она што и како ќе се работи, што и како ќе се произведува, што и како ќе се едуцира, што и која треба да биде крајната цел на општеството во кое сака да живее и какво тоа да биде.

Оваа потреба и желба за ваков вид општество и вакво соучество и соодговорност на граѓанинот, желба сама по себе плаузибилна, својата реализација ја доживеа на начин кој, за жал, поради агонијата која се вика транзиција која овде трае повеќе од 18 години, се претвори всушност во извор на фрустрација, отуѓување на човекот и од себеси и од светот, со што во суштина во голема мерка се доведуваат до прашање самата вредност и оправданост на плурализмот.

Имено, се наметнува прашањето: дали плурализмот, кој сам по себе е неспорна вредност, во ситуација каде некритички и по секоја цена се рушат и вредности и механизми кои и во претходниот систем давале позитивен резултат, не се претвори всушност во игра-кокетерија со суштинските вредности на плурализмот – простор каде пласирајќи одредени идеи, наместо во простор-средство во кое, користејќи ги демократските механизми, секој од учесниците не само да го изгради сопствениот идентитет и како човек и како член на општеството, туку и идентитетот на сите граѓани и државата, како начин за создавање вредносен систем според кој ќе се вреднува и себеси, но воедно тоа ќе биде и начин според кој и другите ќе се вреднуваат сега и овде, за овде.

Значи, плурализацијата на политичката сцена воедно не само што отвора простор за воведување нови ориентации, туку воедно и отвора простор, благодарение на информатичката глобализација на светот, за поинакво гледање и вреднување на начинот на животот-потрошувачката-начините на произведувањето на егзистенцијата и менувањето на менталниот склоп на одредена средина сходно насто-

јувањата да се фати чекор со т.н. глобализација по одреден модел.

Но, ова отвора и низа прашања на кои досегашната практика не дава одговор, туку само ги продлабочува доведувајќи ја ситуацијата до апсурдност, т.е. до континуитет на фрустрации од она што се сака и од она што се може или на граѓаните им се дава како простор за себереализација и себеактуализација.[1]

Поточно, она што тој го отвора како запрашаност е: дали со воведувањето на истиот воедно државата и сите нејзини институции, а особено во содејство со образовните, гради и систем-механизми за етичко вреднување на последиците од плурализацијата на политичката сцена, т.е. систем на етички, социјални, морални... вредности. За жал, одговорот е НЕ! Но што е уште пострашно – се дојде во ситуација на наметнување на „вредности" без пред тоа истите да бидат практично проверени или валидизирани од реалниот етички вредносен систем или претходно да се согледа фактот дека тоа се исто така „вредности" кои и оние системи од кои се преземени одамна ги имаат надживеано или се трудат со сопственото законодавство да ги елиминираат можните негативни последици од истите.

Ваквите последици од плурализацијата кај нас, освен што имаат негативен ефект врз општествениот развој, тие имаат, пред и над сè, последица и по еден од основните сегменти на општеството-семејството,[2] каде се огледаат последиците од плурализацијата колку на економското однесување толку и на политичкото дејствување и практицирање на власта на етички несоодветен начин.

Тоа, пак, воедно го отвора и прашањето на функционалноста или дисфункционалноста на граѓанинот, а особено на оние кои по склоп на биолошките околности се едуцирани во еден систем, а треба да се реализираат во друг политички систем. Ова, пак, кај истите доведува до фрустрации во однос на вредностите кои ги има интериоризирано и вредностите според кои се одредува нивниот социјален, политички и општествен статус, суверенитет и идентитет, и како личност, но и како граѓанин на функција.

Имено, претходната констатација сама по себе не е спорна. Меѓутоа, она што е спорно е прашањето: „дали со некритичкото доведување под прашање на претходното, оние кои ги доведуваат во прашање таквите вредности, воедно наметнувајќи нов вредносен систем, тоа го прават проверувајќи го преку реален вредносен систем за кој не се поставува прашањето дали е етички втемелен и изграден?".

Поедноставено: се работи за тоа дали, урривајќи ги претходните системи, а со самото тоа и вредностите кои тој ги нудел, а за кои со сигурност може да се тврди дека

[1] Што секако е и последица колку на неподготвеното влетување во транзицијата, толку и на помодното „заборавање" на теориските поставки на одреден број теоретичари, философи, мислители и теоретичари на економијата, врз чии сознанија и т.н. развиена западна демократија и економија во голема мерка ја градат својата политичко-теориска и економска мисла и концепција за понатамошен одржлив и траен развој.

[2] Овде се мисли на наметнување на „in"-вредности однадвор што овде резултира со состојба на постојано генерирање на социјални фрустрации и потенцијални судири поради неможноста (финансиска или друга) да се живее според она што некаде таму е стил и ниво на живеење. Ова, пак, во практиката на микро ниво, поради раслојувањето на општеството, доведува до распаѓање на семејството како основна ќелија на општеството.

што се однесува на планот на т.н. „граѓанска слобода“ или „учеството на единката во општеството“ има спорни елементи, сепак и во таквиот систем немало одредени етички и морални вредности кои можеле да се инкорпорираат и во наредниот понуден политички систем.

Проблемот не е, на крајот на краиштата, само во тоа, туку и во тоа што голем број од вака генерираните проблеми оние што се на власт се обидуваат да ги решат со носење на законска регулатива „по мерка“. Но, она што загрижува е отсуството на политичката свест и сознанието дека само легислативно не можат да се разрешат наследените историски недоусогласености, извори на судири, што природни, што наметнати од наглото воведување на „слободата на информации“, кои повеќе наликуваат на селекција на вестите и манипулацијата со нив,[3] а уште помалку со контролата на/врз законодавството кое се подредува на потребата да се избегнуваат судирите, а не да се гради рамка и основа за превенирање на можноста од културолошко фрустрирање на идентитетот.

Поконкретно, ова пак доведува до ситуација да само се преместува тежиштето на можниот извор на нови фрустрации, а од тоа и судири кои во една ситуација ќе се нарекуваат вака а во друга онака, а на крајот тоа покажува дека оние кои ги играат улогите на плуралистичката сцена само „шмираат“ и својот „демократски труд“ го насочуваат кон поместување на суштинските проблеми под килимот, наместо истата сцена и вредностите што со себе ги носи плурализацијата да им служи како агора за размена на дијалог до меѓусебно разбирање од кое ќе почне да се влечат заедничките именители на реално универзалниот етички систем, независно од националното, културното или какво било друго потекло на оние кои играат на сцената и го изигруваат електоратот.

Тоа само покажува дека плурализмот престана да биде поле за размена на идеи и регулатор на односите на политичката сцена, а сѐ повеќе се претвора во избор на гарнитури кои ќе реализираатваков или онаков економски концепт, или ќе поддржат ваква или онаква насоченост во економскиот развој, за кој евидентно е дека не постои ниту национален концепт, а уште помалу национален консензус.

Соочени со ваквата ситуација, наместо демократизацијата на економските односи, предностите на слободната конкуренција и пазарот да ги втемелуваат врз етиката на биоодржливоста и биотрајноста, водејќи сметка за биоресурсите и бионаследството, во недостаток на реален етички економски вредносен пазарен систем и соодветна биополитика и законодавна регулатива, „плуралистичките глумци“ костимирани „во интерес на народот“, влечат економско-политички потези кои делуваат како Потемкинови

[3] Се разгледаат ли информациите што ги нудат информативните гласила ќе забележите дека доминираат негативните вести, што може да биде резултат на реалната состојба и евентуално на реалното информирање. Но, она што многу повеќе загрижува е фактот што и во вестите од странство доминира хororот, што само по себе не чуди имајќи ја предвид сеопштата глобална ситуација. Но, она што загрижува е фактот што селекцијата на таквите вести како да е насочена кон утешување на овдешните граѓани дека не им е само ним лошо, со што не само што се подгрева малограѓанскиот менталитет – секаде е исто, ни тие не се подобри, туку со тоа повторно во практика се воведува методологијата на заслепување и унифицирање на начинот на мислењето примерни за еден друг систем.

села,[4] со што се затскрива реалното осиромашување на граѓаните, и духовно и економски. Ова, пак, на крај во периодите на избори, резултира со тоа што гласачкото тело наместо да (из)бира опција на одржлив и траен развој бира опции кои непосредно во наредниот период можат да му изгледаат како решение на проблемите од секојдневието кое емотивно го празни (и од фрустрациите со кои секојдневно се соочува поради неможноста да ги задоволи понекогаш и најосновните потреби, не само економски, туку и културни, демократски...).

Ова, пак, ја става под прашање една од главните вредности на плурализмот: можноста да се изгради нов демократски граѓански идентитет и општествено уредување врз база на реални вредности наспроти фрустрациите од сомневањето во резултатите од наметнатиот модел на глобализација на локалната економија, што сè заедно резултира и со фрустрација во однос на наследените вредности, но и на предодреденоста на одредени простори да служат како раскрсница – експериментален простор за историско раскусурување.

* * *

Ваквата состојба покажува уште нешто. Наместо воведувањето на плурализмот на овие простори да биде искористено не само како можност за „перчење“ на избори, ни се случи нешто сосема друго. Имено, наместо плурализмот на теории и практики на демократска реализација на разрешување на проблемите произлезени од претходниот систем од кој толку радо се откажавме, всушност, во Македонија ни се случи ситуација на увоз на практики парцијално разбрани и уште понесоодветно практикувани. Делумно оправдување за ваквата состојба лежи и во тоа што секој плурализам, па така и македонскиот, треба да ги изживее детските болести на плурализацијата на мислењето и разбирањето на светот.

Опасноста при ова е во тоа што по 18 години градење демократска политичка плуралистичка сцена, на неа се случува она што најмалку треба да се случи. Наместо излегување од периодот на адолесценцијата на обмислата на понуденото, ние сè уште сме во ситуација на секојдневна манифестација на петар-пановскиот синдром. Ваквата ситуација, за жал, колку што е резултат на одредени негативни практики[5] преземени од системот кој беше заменет, толку е резултат и на потребата да пред светот се изгледа дека сме во чекор, заборавајќи при тоа да изградиме вредносен етички критички систем и теорија, кои, ако ништо друго, барем ќе овозможат појдовна аналитичка основа, па макар и пост фестум за она до што нè доведоа одредени преземени модели на однесување без да се познава нивното корениште, а уште помалку економските предуслови за таквиот модел на однесување, да се создадат и да се изградат соодветни механизми за

[4] во стилот на: „За секој ученик компјутер“, а притоа не се решени ниту најелементарните услови за изведување на образованието, иако се тргнува со паролата дека „Знаењето е моќ, знаењето е сила!“ која, за жал, со најновите законодавни реформи на образованието од основно до високо, сè повеќе наликува на тоа дека „Знаењето е сила, државата е моќ!“.

[5] Поради дневно-политичките и популистичките политики на владејачките гарнитури и отсуството на нивната етичка одговорност и свест за последиците од тоа.

прераспределба на општествениот производ.

Поедноставно кажано, она што недостасува на плуралистичката сцена во Македонија е паралелен развој на теориската мисла за политичкиот развој, исто колку и теорискиот аналитички однос кон економските текови, за да не се биде во ситуација, кога се дискутира за некој проблем или пишува за него или организираат симпозиуми за него, тие повеќе да наликуваат на набројување на состојби и елементи, кои само ќе ја потврдат неопходноста од теорискиот пристап според теоријата на хаосот, отколку што даваат конкретен одговор по принцип на критичко разлагање и факторска анализа на односите и причините за нивното такво созревање до степен каде што, наместо плурализмот да биде простор, време во кое Неговото Височество Граѓанинот, кој според дефиницијата би требало да биде цел на постоењето на државата, ќе ги разрешува своите фрустациии, истиот е само нивен генератор.[6]

* * *

Некогаш се сонувало за плурализам како поле за демократска себереализација и себеекспресија. Исто толку плурализмот, во вистинската смисла на зборот, значи и преземање одговорност, и индивидуална и колективна, а со самото тоа и почитување на принципот на супсидијарност и социјална одговорност, исто колку и враќање кон реално универзален етички вредносен систем во кој единката-граѓанинот ќе биде крајната цел на постоењето на државата во преодниот период до фазата кога таа ќе премине во состојба на сервисер на договореното меѓу граѓаните кои на секои наредни избори ќе ги бираат или нема кандидатите според нивната успешност во реализацијата на ваквото сфаќање на вредноста на демократскиот плурализам.[7]

Дека плурализмот треба да биде така сфатен, нема сомневање! Ова затоа што само така сфатениот плурализам и вредностите кои со себе ги носи како можност ќе ја исполни својата цел – да биде поле од кое во размена на мислења-дијалог ќе се дојде до сознанието кој кому во плурализмот треба да му служи: избирачкото тело на партиите или партиите да еволуираат до степен каде што ќе бидат во состојба борејќи се за мнозинство во Собранието да со секој нареден закон што ќе го донесат ги прошируваат и зацврстуваат темелите за создавање таков вид општествено-економски и социјални односи кои со својата одржливост и трајна отвореност за решавање на тековните проблеми, воедно на граѓанинот ќе му го вратат не само достоинството како основа на државата и целта на нејзиното постоење, туку ќе му овозможат ослободувајќи се од конфликтот помеѓу она што го посакува и она што е можно, свесен дека оние кои

[6] Констатацијата дека плурализмот кој сам по себе е вредност затоа што е поле во кое практиката ја проверува одржливоста на понудените вредности до степен каде што од нив ќе се гради вредносен систем, се претвори сега и овде во генератор на фрустрации, своето оправдување го наоѓа токму во начинот на кој се практикува-користи плурализмот во Македонија.

[7] Дали и кога воопшто ќе се дојде до тоа, да посакуваното стане реалност, уште повеќе зависи и од способноста на оние кои ги спроведуваат промените за да воспостават такво уредување и таков начин на користење на капиталот и неговото оплодување кои нема да отвораат прашања околу оправданоста на воспоставувањето на плуралистичкиот систем, туку ќе ги затвораат прашањата кои произлегуваат од неговото воспоставување.

ги бира се грижат за разрешување на таквите проблеми, реално да го даде и својот личен придонес вклучувајќи се во плурализмот како етички контролор-коректор.

**Abstract**

The introduction of political pluralism is a value by itself. The basic question that this introduction opens is whether with the importation of political pluralism, the state and all of its institutions, especially the educational ones, have built a system and the mechanisms for the ethical evaluation and valorization of the consequences of pluralism on the political scene, in other words, do they introduce a system of ethical, social, moral ... values?

The pluralization of the political scene, at the same time, does not only open the space for introducing new orientations, but also, thanks to the informational globalization of the world, the space for different perceptions and valorization of the way of life; the focus is on the consumption and the forms of production for basic existence which change the mental structure of the whole society in the attempt to remain in touch with the so-called globalization according to a certain model.

These consequences of pluralization, besides having an effect on the development of the society, also influence one of the basic segments of the society – the family, where the effects of such an influence can be felt in a rather negative way, as well as in the economic currents, political activity and practicing of authority.

This also opens the questions of the functionality or disfunctionality of the citizens, especially of those who, due to certain circumstances, were educated in one system, and have to adapt to another political system. This leads to frustrations caused by the previous isolation and the circumstances in which they are now judged on the basis of their socio-political background, their status in the society and identity. These are the main issues addressed in this text.

**Литература**

Vajt, Lesli. Nauka o kulturi. Beograd: Kultura, 1970.

Mekluan, Maršal. Poznavanje opštila. Beograd: Prosveta, 1971.

Laing, R.D. Podeljeno je politika doživljaja. Beograd: Nolit, 1977.

Konstantinović, Radomir. Filosofija palanke. Beograd: Nolit, 1981.

Habermas, Jirgen. Saznanje i interes. Beograd: Nolit, 1975.

Habermas, Jurgen. Knowledge & Human Interest. Cambridge: Polity Press, 1987.

Difren, Mikel. Umjetnost i politika. Sarajevo: Svijetlost, 1982.

Bloch, Ernst. Prirodno pravo i ljudsko dostojanstvo, Beograd: Komunist, 1977.

Adorno, Theodor et al. The Authoritarian Personality. New York: Harper, 1950.

Adorno, Theodor. Dialectic of Enlightenment. New York: Continuum, 1973.

Horkheimer, Max. Critique of Instrumental Reason. New York: Continuum, 1974.

Fromm, Erich. Human Nature and Social Theory. Moscow: Progress Publishers, 1969.

Foucault, Michel and Alan Sheriden. Archaeology of Knowledge. Routledge, 2002.

# „Шефот на државата и надворешната политика“ од Александар Спасеновски

Васко Наумовски

*Александар Спасеновски, „Шефот на државата и надворешната политика“, Европа 92, Скопје, 2008*




Меѓу позначајните научни остварувања од областа на политичките науки се издвојува и истражувањето на Александар Спасеновски, посветено на улогата на шефот на државата во надворешната политика. Во околности кога политичкиот систем на Република Македонија сè повеќе станува цел на различни толкувања, овој научен труд нуди сеопфатна анализа на состојбите во повеќе држави, што секако придонесува за поцелосно разбирање на оваа проблематика.

Делото „Шефот на државата и надворешната политика“ е составено од вовед, два дела во кои се содржани шест глави, и заклучни согледувања. Во воведниот дел авторот прави осврт на оправданоста и потребата за истражување во оваа област, како и поделбата на државите според нивниот политички систем. Оваа поделба се применува и во останатите делови на книгата. Исто така, воведувајќи го читателот, се нуди и краток осврт на функцијата на шефот на државата и на неговата улога во надворешната политика воопшто, споредувајќи ја и со улогата на претседателот во македонскиот политички систем.

Првата глава од книгата е посветена на системот на власта, а посебно на извршната власт. Овде авторот навлегува подлабоко во местото и улогата на шефот на државата, неговите права и должности, со нагласување на надворешната политика.

Во вториот дел авторот ја анализира политиката како општествен

феномен, притоа откривајќи ги аспектите на надворешната политика. Поимот „меѓународна политика“ се дефинира преку анализа на четири стојалишта прифатени во научната јавност – тоталитаристичкото, етатистичкото, плуралистичкото и републиканското. Во натамошното истражување се посветува внимание на повеќе теориски правци – реализмот, институционализмот, радикализмот, теоријата на одлучувањето, хегемонистичката теорија на стабилноста, конструктивизмот и деконструктивизмот. Исто така, овде се обработени и субјектите на меѓународните односи, како и дипломатската активност и нејзините основни принципи.

Првиот дел од трудот завршува во третата глава, каде што авторот ги проучува државите во кои се највидливи различните политички системи: САД, Франција, Обединетото Кралство и Швајцарија. Во сите овие примери детално се анализира положбата на шефот на државата, а посебно неговите должности во водењето на надворешната политика. Заклучувајќи ја секоја целина, авторот ја анализира и успешноста на надворешната политика на сите овие држави.

Вторит дел од книгата започнува со четвртата глава, каде што Спасеновски навлегува во уставните одредби посветени на шефот на државата во Република Македонија. Започнувајќи со анализа на македонскиот политички систем и неговите принципи, оваа глава дава јасна слика за моделот на политички систем прифатен во Република Македонија, а посебно изборот, статусот и овластувањата на претседателот на државата.

Органите за водење на надворешната политика се тема на петтата глава, при што се обработуваат принципите на Уставот на Република Македонија, Законот за надворешни работи, како и други акти. Авторот ги анализира органите во Република Македонија надлежни за спроведување на надворешната политика, вклучително и собранието, владата, министерството за надворешни работи, итн.

Во последната глава се проучуваат принципите на надворешната политика на Република Македонија, нејзините цели и можности. Од посебно значење во оваа глава е анализата на повеќе говори на досегашните претседатели на Република Македонија, со што се добива јасна слика за начинот на реализација на овластувањата на претседателите во надворешната политика. Во оваа глава се истражува и развојот на односите на Македонија со соседните држави, како и со водечките светски сили и со Европската Унија. На тој начин, се добива слика за пристапот применет во односите со сите овие субјекти, а посебно улогата на претседателот во тој контекст.

Заклучните согледувања на авторот ги сублимираат резултатите од истражувањето, при што јасно се дефинираат повеќе поими и состојби поврзани со шефот на државата, дипломатијата, државните и недржавните актери, и политичкиот систем воопшто. Посебно внимание се посветува на организацијата на државната власт во Република Македонија, влијанието на различните гранки на власта во меѓународните односи, како и на краткорочните, среднорочните и

долгорочните цели на надворешната политика на Република Македонија. И во оваа прилика, суштинските резултати се однесуваат на местото, улогата и успехот на институцијата Претседател на Република Македонија во надворешната политика.

Спасеновски во ова дело ги доближува научните согледувања за претседателот на државата до пошироката публика, адаптирајќи ги својот стил и јазикот. Видливо е неговото искуство во истражувачките дејности поврзани со темите кои ги разработува во овој свој труд, во научниот и невладиниот сектор. Од несомнена корист при истражувањето е и неговото искуство како пратеник во Собранието на Република Македонија, кое му дава ретка можност за сублимација на теоретските и практичните аспекти на поделбата на власта, а посебно на надворешната политика.

„Шефот на државата и надворешната политика“ недвосмислено претставува корисна литература за студентите и истражувачите од областа на правото, политичките науки и меѓународните односи, но и за сите останати читатели кои имаат потреба подлабоко да навлезат во принципите на горенаведените концепти. Техничката обработка е на врвно, светско ниво, со што оваа книга може да претставува пример за сите идни дела од овој тип. Како дел од академската заедница во Република Македонија, можам само да го препорачам овој научен труд на сите колеги од земјата, но и од регионот, за што би било потребно во блиска иднина да се пристапи кон негов превод на повеќе јазици.

**Abstract**

The research of Mr. Aleksandar Spasenovski is among the rare successful accomplishments in the area of the political systems, related to the role of the head of the state in the foreign policy. Having in mind the current circumstances where the Macedonian political system is interpreted differently, this scholarly approach contributes to a better knowledge in this area.

In the book, the author analyzes the most important principles related to the functioning of the political system and especially the position and the role of the head of the state. The duties of this institution, as well as of the others in the area of foreign affairs are given special attention. Also, many important empirical data about the practical realization of these duties are given, as a unique approach in the history of the Macedonian political science.

This book is an extremely useful resource for students and researchers in the area of political science and international relations, but also for other interested readers who would like gain insight into this scholarly field.

# Изборен законик на Република Македонија – Спроведување на избори / Закон за изменување и дополнување на изборниот законик

**VII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ**

**1. Средства за спроведување на изборите**

**Член 88**

(1) Средствата за спроведување на изборите се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.
(2) Од средствата наменети за изборите две третини служат за покривање на трошоците поврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите.
(3) Една третина од средствата за спроведување на изборите служи за покривање на дел од трошоците што ги направиле организаторите на изборната кампањата чии кандидати се избрани.
(4) За спроведување на локалните избори средства се обезбедуваат од буџетот на општината и градот Скопје и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје, а средства за изборниот материјал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

**2. Изборен материјал**

**Член 89**

Изборниот материјал за спроведување на изборите се состои од:
– кутии за гласање и паравани,
– обрасци на записници и дневник за работа на избирачкиот одбор,
– блок со гласачки ливчиња според изводот од Избирачкиот список,
– листи на кандидати,
– потпишан извод од Избирачкиот список,
– средства за обележување и проверка на лицата кои гласале (УВ ламба, спреј и графитно перниче),
– печати,
– упатство за гласање и
– друг материјал потребен за гласање.

**Член 90**

(1) Упатството за гласање се истакнува на видно место на гласачкиот параван и на други видни места на гласачките места во согласност со Упатството издадено од Државната изборна комисија. Упатството е печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците и писмата на заедниците наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија.
(2) Листите на кандидати ќе бидат истакнати во просторијата за гласање.

### 3. Предавање на изборниот материјал

**Член 91**

(1) Државната изборна комисија изборниот материјал го предава на општинските изборни комисии најдоцна во рок од 72 часа пред денот определен за одржување на изборите.
(2) За предавањето на изборниот материјал се составува записник во кој треба посебно да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и потребниот број листи на кандидати што се истакнуваат во просториите за гласање.

**Член 92**

(1) Општинската изборна комисија е должна еден ден пред денот определен за одржување на изборите да го предаде изборниот материјал на избирачките одбори.
(2) За предавањето на изборниот материјал од општинската изборна комисија на избирачките одбори се составува записник во кој треба да се наведе вкупниот број на гласачки ливчиња со сериските броеви и друг материјал потребен за гласање.
(3) Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор и членот на општинската изборна комисија кој го предава материјалот.
(4) Ако присутните претставници на подносителите на листи имаат забелешки за предавањето на изборниот материјал, тие имаат право да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.
(5) Ако на присутните претставници на подносителите на листи не им бидат евидентирани забелешките од ставот (4) на овој член во записникот, имаат право забелешките да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.
(6) При предавање на изборниот материјал право на присуство имаат и овластените набљудувачи.

### 4. Гласачко ливче

**Член 93**

(1) Гласачкото ливче се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) Името на подносителот на листата, името и презимето на кандидатот, односно носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(3) За припадниците на заедниците, името на подносителот на листата и името и презимето на кандидатот, односно носителот на листата се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат.
(4) Во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, гласачките ливчиња за избори се печатат покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмо што го употребуваат граѓаните во таа општина.

**Член 94**

(1) На гласачкото ливче ако има кандидати, односно носители на листа со исто име и презиме, тогаш се наведува и почетната буква на нивното средно име.
(2) На гласачкото ливче кандидатите, односно подносителите на листите се наведени по оној редослед кој е утврден во единствената листа на кандидати.

(3) Гласачкото ливче содржи дел за гласање и дел кој останува на кочанот.

**За претседател на Републиката**

**Член 95**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на претседател на Републиката содржи:
– назив на гласачкото ливче, општина и број на гласачкото место,
– реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
– име и презиме на кандидатите врз основа на податоците од матичната евиденција.
(2) Делот од гласачкото ливче што останува на кочанот на блокот го содржи серискиот број на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место.
(3) Во називот на гласачкото ливче е содржано знамето на Република Македонија.

**За пратеници**

**Член 96**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на пратеници содржи:
– назив на гласачкото ливче, бројот на изборната единица, општината и бројот на гласачкото место,
– реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
– име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција.
(2) Делот од гласачкото ливче кој останува на кочанот на блокот содржи сериски број на гласачкото ливче, бројот на изборната единица, општината и бројот на гласачкото место.
(3) Во називот на гласачкото ливче се содржани бројот на изборната единица и знамето на Република Македонија.

**За членови на совет**

**Член 97**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на членови на совет содржи:
– назив на гласачкото ливче, бројот на гласачкото место и општината,
– реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
– име и презиме на носителот на листата врз основа на податоците од матичната евиденција.
(2) Делот од гласачкото ливче кој останува на кочанот на блокот ги содржи серискиот број на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место.
(3) Во називот на гласачкото ливче за избор на членови на советот се содржи името на општината, односно градот Скопје за кои се врши изборот.

**За градоначалник**

**Член 98**

(1) Делот од гласачкото ливче за гласање за избор на градоначалник содржи:
– назив на гласачкото ливче, број на гласачкото место и општина,
– име и симбол (ако го има) на подносителот на листата и
– реден број, име и презиме на кандидатите врз основа на податоците од матичната евиденција.

(2) Делот од гласачкото ливче кој останува на кочанот на блокот содржи сериски број на гласачкото ливче, општината и бројот на гласачкото место.
(3) Во називот на гласачкото ливче за избор на градоначалник се содржи името на општината, односно градот Скопје за кои се врши изборот.

**5. Гласачко место**

**Член 99**

(1) За секое избирачко место се определува местото (просторија во објектот) на кое се врши гласањето (во натамошниот текст: гласачко место).
(2) Во просторијата во местото определено за гласање се истакнуваат листите на кандидати.

**Член 100**

(1) Претседателот и членовите на избирачкиот одбор најдоцна еден час пред почетокот на гласањето се собираат во просторијата за гласање и утврдуваат:
– дали просторијата е во истата состојба како што ја оставиле на денот пред изборите,
– дали изборниот материјал е во иста состојба како што бил на денот пред изборите и
– дали гласачката кутија е празна.
(2) Избирачкиот одбор составува записник за утврдената состојба, кој го потпишуваат претседателот и членовите на одборот.
(3) Забелешките на претседателот и членовите на избирачкиот одбор се констатираат во записникот.
(4) Ако овластените присутни претставници на подносителите на листите имаат забелешки, претседателот е должен да им овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.
(5) Ако забелешките на овластените присутни претставници на подносителите на листите од ставот (4) на овој член не им бидат евидентирани во записникот, имаат право забелешките да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.
(6) Право на присуство при утврдувањето на состојбата пред почетокот на гласањето имаат и овластените набљудувачи.

**6. Времетраење на гласањето**

**Член 101**

(1) Гласањето започнува во 7,00 часот и трае непрекинато до 19,00 часот.
(2) Во 19,00 часот гласачкото место се затвора, а на избирачите кои се затекнале во објектот каде што се гласа им се овозможува да гласаат.
(3) Избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот од ставот (1) на овој член, по претходна согласност од надлежната општинска изборна комисија, ако гласале сите избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список.

**7. Обезбедување на гласачкото место**

**Член 102**

(1) Полицијата го обезбедува гласачкото место непрекинато почнувајќи од 6,00 часот до 19,00 часот.

(2) По затворањето на гласачкото место, за време на сумирањето на резултатите полицијата го обезбедува објектот и просторијата во која е сместено гласачкото место и избирачкиот одбор и ги отстранува сите неовластени лица од објектот.
(3) Полицијата го обезбедува избирачкиот одбор до предавање на записникот и изборниот материјал на општинската изборна комисија, ако е тоа побарано од страна на избирачкиот одбор.

**8. Надлежност на избирачкиот одбор за време на гласањето**

**Член 103**

(1) Избирачкиот одбор се грижи за одржување на редот и мирот на гласачкото место.
(2) Избирачкиот одбор може да го отстрани секое лице кое го нарушува редот и мирот на гласачкото место.
(3) Објектот во кој е сместено гласачкото место и приодот до него за време на спроведување на гласањето го обезбедува полиција.
(4) Избирачкиот одбор може да побара помош од полицијата за воспоставување ред на гласачкото место.
(5) Никој не смее да дојде на гласачкото место вооружен, освен полицијата во случајот предвиден во ставовите (3) и (4) на овој член.
(6) Во објектот и просторијата каде што се изведува гласањето и во нејзина близина, избирачкиот одбор во соработка со полицијата е должен да ги отстрани пропагандните материјали.
(7) Полицијата по барање на претседателот или заменикот на претседателот на избирачкиот одбор е должна да ги отстрани неовластено присутните лица во објектот и просторијата за гласање, како и неовластено присутните лица од објектот каде што се изведува гласањето во радиус од 100 метра.

**Член 104**

(1) Избирачкиот одбор може да го прекине гласањето, ако на гласачкото место се наруши редот сè додека тој не се воспостави.
(2) Гласањето може да се прекине и во случај на временски непогоди или други вонредни околности.
(3) Избирачкиот одбор ќе го прекине гласањето ако приодот до гласачкото место не го обезбедува полиција, а за тоа имало потреба или ако таа е повикана и не се одзвала на повикот.
(4) Претседателот или заменикот на претседателот на избирачкиот одбор може да ја повика полицијата во просторијата каде што се гласа доколку има потреба од тоа.
(5) Ако гласањето е прекинато подолго од 1 час, гласањето ќе продолжи за онолку време колку што траел прекинот, но не подолго од 3 часа.
(6) Ако прекинот траел подолго од 3 часа, гласањето ќе се повтори.
(7) Причините за прекинот на гласањето и времето за кое гласањето се прекинало се внесуваат во записникот.

**9. Права и обврски на подносителите на листи и овластените набљудувачи за време на гласањето**

**Член 105**

(1) Претставниците на подносителите на листите, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор за време на гласањето, можат да укажат на неправилностите, со цел тие да бидат отстранети.

(2) Претседателот на избирачкиот одбор е должен на присутните претставници на подносителите на листите, ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.
(3) Ако забелешките од ставот (2) на овој член на претставниците на подносителите на листи не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа по потпишувањето на записникот.
(4) Овластените домашни набљудувачи, доколку имаат забелешки на работата на избирачкиот одбор имаат право да ги евидентираат во дневникот на избирачкото место.

**Член 106**

Претседателот, членовите на општинските изборни комисии и избирачките одбори и нивните заменици, како и претставниците на подносителите на листи и набљудувачите за време на гласањето и на местото на гласањето не смеат да носат ознаки или симболи на политичка партија, коалиција или кандидат.

**10. Гласање**

**Член 107**

(1) Гласањето се врши лично на гласачките места во Република Македонија.
(2) Гласање за друго лице е забрането, освен во случаите предвидени во членот 111 од овој законик.

**Утврдување на идентитетот на гласачот**

**Член 108**

(1) Избирачите пристапуваат да гласаат еден по еден.
(2) Кога избирачот пристапува да гласа избирачкиот одбор проверува дали избирачот е на соодветното гласачко место и со ултравиолетова ламба проверува дали има небришлив белег на ноктот и палецот на десната рака.
(3) Кога избирачот пристапува да гласа избирачкиот одбор го проверува неговиот личен идентитет.
(4) Личниот идентитет избирачот го докажува со лична карта или патна исправа.
(5) Избирачкиот одбор, по утврдувањето на идентитетот на избирачот, го заокружува неговиот реден број во изводот од Избирачкиот список и избирачот го става својот потпис, а ако е неписмен става отпечаток од десниот показалец. Ако избирачот нема десен показалец, тој ќе стави отпечаток од неговиот лев показалец, а доколку нема ни лев показалец, не се става отпечаток.
(6) По идентификацијата, избирачот добива гласачко ливче и му се обележува со спреј палецот на десната рака, односно палецот на левата рака, доколку нема палец на десната, притоа внимавајќи со спрејот да се опфати и ноктот на палецот. Ако избирачот нема палец на двете раце нема да се врши обележување.

**11. Начин на гласање**

**Член 109**

(1) Гласањето се врши со едно гласачко ливче за секој вид на избори утврдени со овој законик.
(2) Гласачкото ливче се откинува од кочанот на блокот по нумерички редослед, му се става печат на предната страна и потоа му се дава на избирачот.

(3) На избирачот му се објаснува начинот на гласањето и му се овозможува да гласа.

**Член 110**

Избирачот гласањето го врши на тој начин што го заокружува редниот број пред подносителот на листата, односно редниот број пред кандидатот за којшто се определил да гласа и на гласачкото ливче преклопено пред да го стави во кутијата за гласање, избирачкиот одбор на задната страна му става печат.

**Гласање на немоќно или болно лице**

**Член 111**

(1) Избирачот кој не е во можност да гласа на гласачкото место (немоќно или болно лице според упатството на Државната изборна комисија), а сака да гласа, за тоа ќе ја извести општинската изборна комисија најдоцна три дена пред денот определен за гласање.
(2) Известувањето од ставот (1) на овој член може да се даде и преку полномошник.
(3) Избирачкиот одбор на лицето од ставот (1) на овој член ќе му овозможи да гласа во неговиот дом еден ден пред одржувањето на изборите на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.
(4) Избирачкиот одбор за гласањето од ставот (3) на овој член обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во домот каде што се наоѓа избирачот.
(5) Гласањето од ставот (3) на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.
(6) За денот и часот на гласањето од ставот (3) на овој член претседателот на општинската изборна комисија писмено ги известува претставниците на подносителите на листите.

**Гласање на избирач кој не може да гласа сам**

**Член 112**

(1) Избирачот кој има физички недостаток или е неписмен и поради тоа не може да гласа на начин утврден со овој законик, има право со себе да доведе лице кое ќе му помогне при гласањето.
(2) Ако избирачот од ставот (1) на овој член не доведе со себе лице кое ќе му помогне при гласањето, тогаш избирачкиот одбор ќе определи друго лице од редот на избирачите.
(3) Лицето кое ќе му помага на друго лице при гласањето не смее да биде од редот на членовите на избирачкиот одбор, претставниците на подносителите на листите или набљудувачите.
(4) Едно исто лице може да помогне при гласањето најмногу на двајца избирачи од ставот (1) на овој член.
(5) Избирачкиот одбор на лицето од ставовите (1) и (2) на овој член ќе му укаже дека со неговата помош не треба да влијае врз одлуката на избирачот.
(6) Гласањето од ставот (1) на овој член избирачкиот одбор го внесува во записникот.

**Гласање на избирачи кои се на отслужување на воениот рок, воена вежба, на издржување казна затвор или во притвор**

**Член 113**

(1) Избирачите кои на денот на гласањето не се во местото на своето живеалиште поради отслужување на воениот рок или се на воена вежба, гласаат во воената единица, организацијата, установата или единицата.
(2) Избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување казна затвор или се во притвор, гласаат во казнено-поправните домови.
(3) Општинската изборна комисија е должна веднаш по добивањето на списоците на избирачите од ставовите (1) и (2) на овој член да ги достави на воените единици, организациите, установите, единицата, како и до казнено-поправните домови каде што избирачите се на отслужување на воениот рок или се на воена вежба, односно на издржување казна затвор или се во притвор.
(4) За избирачите од ставовите (1) и (2) на овој член изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место или посебен избирачки одбор согласно со овој законик и упатството на Државната изборна комисија, еден ден пред денот определен за гласање, а за гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.
(5) За гласањето од ставот (4) на овој член избирачкиот одбор составува посебни записници.
(6) Записниците и изборниот материјал по завршувањето на гласањето се доставуваат до соодветните општински изборни комисии.

**12. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето на гласачките места**

**Член 114**

Резултатите од гласањето на гласачкото место од страна на избирачкиот одбор се сумираат и утврдуваат на начин што:
– се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и по пребројувањето, прво се кине десниот долен агол, а потоа се ставаат во посебен плик кој се затвора, запечатува и врз него се запишува бројот на избирачкото место и вкупниот број на неупотребените ливчиња,
– се отвора гласачката кутија и се пристапува кон пребројување на гласовите,
– се утврдува вкупниот број на избирачи кои гласале и ставиле потпис, или само отпечаток од запишаните во изводот од Избирачкиот список,
– со ждрепка се определува еден член кој ќе ги вади и отвора гласачките ливчиња едно по едно од гласачката кутија и ќе му ги предава на претседателот на избирачкиот одбор,
– гласачкото ливче се покажува на сите членови на избирачкиот одбор, на присутните претставници на подносителите на листите и на набљудувачите,
– избирачкиот одбор утврдува дали гласачкото ливче е важечко или не и за која листа на кандидати, односно за кандидат е гласано и
– се регистрира дадениот глас, а гласачкото ливче се става на соодветно место и се пристапува кон вадење ново ливче од гласачката кутија.

**Важечко гласачко ливче**

**Член 115**

(1) Гласачкото ливче е важечко ако е во согласност со членот 110 од овој законик.

(2) За важечко гласачко ливче се смета и она гласачко ливче од кое на сигурен и недвосмислен начин може да се утврди за која листа на кандидат, односно листа на кандидати избирачот гласал.
(3) Гласачкото ливче е неважечко ако не е пополнето или има заокружено повеќе листи на кандидати или кандидат.

### Записник за гласање

#### Член 116

(1) Избирачкиот одбор во записникот за гласање ги внесува следниве податоци: редниот број на избирачкото место; бројот на решението за формирање на избирачкиот одбор; времето на започнувањето и завршувањето на гласањето; вкупниот број на избирачи во избирачкото место според изводот од Избирачкиот список; вкупниот број на избирачи кои гласале; вкупниот број на гласачки ливчиња ставени во гласачката утија; вкупниот број на гласачки ливчиња што не се употребени и вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број гласови кои ги добила секоја листа на кандидати одделно.
(2) Записникот содржи посебен табеларен дел за сумирањето и утврдувањето на резултатите од избирачкото место.
(3) Во записникот се внесуваат и евентуалните забелешки дадени од членовите на избирачкиот одбор.

#### Член 117

(1) Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на избирачкиот одбор.
(2) Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор чии потписи се депонирани.
(3) Претседателот на избирачкиот одбор треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на одборот.
(4) Ако записникот не е потпишан од мнозинството членови на избирачкиот одбор, записникот го составува и потпишува општинската изборна комисија, врз основа на целокупниот изборен материјал.
(5) Претседателот на избирачкиот одбор е должен на присутните претставници на подносителите на листите ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.
(6) Ако забелешките на претставниците на подносителите на листите од ставот (5) на овој член не се евидентирани во записникот, тие имаат право да ги достават до општинската изборна комисија во рок од 5 часа од составувањето на записникот и тие забелешки можат да бидат основа за приговор.
(7) Овластените домашни набљудувачи, доколку имаат забелешки, имаат право да ги евидентираат во дневникот на избирачкото место.

### Предавање на изборниот материјал на општинската изборна комисија

#### Член 118

(1) Записниците и другиот изборен материјал, избирачкиот одбор ги доставува до општинската изборна комисија, во рок од 5 часа по завршувањето на гласањето.
(2) Примерок од записниците направени како копија под индиго добива секој претставник на подносителот на листата, а овластените домашни набљудувачи примерок од табеларниот дел од записникот. Оригиналниот примерок, кој претходно е со печат од Државната изборна комисија, се доставува до општинската изборна комисија.

(3) Избирачкиот одбор веднаш по завршувањето на дејствијата од ставовите (1) и (2) на овој член ги објавува и истакнува сумираните резултати од извршеното гласање на гласачкото место.
(4) Изборниот материјал до општинската изборна комисија го доставува претседателот на избирачкиот одбор во придружба на заинтересирани членови на избирачкиот одбор, или претставници на подносителите на листите и претставници од полицијата, ако за тоа има потреба.
(5) За предавањето на материјалот од ставот (1) на овој член се составува посебен записник.

**13. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на претседател на Републиката**

**Член 119**

Општинската изборна комисија во рок од 5 часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за која е надлежна и ги предава на Државната изборна комисија.

**Прв круг**

**Член 120**

За претседател на Републиката е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број избирачи запишани во Избирачкиот список.

**Втор круг**

**Член 121**

(1) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за претседател на Републиката не го добил потребното мнозинство гласови, во вториот круг се гласа за двајца кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.
(2) Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од завршувањето на првиот круг на гласањето.
(3) На повторното гласање за претседател на Републиката е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половината избирачи.

**Повторување на гласањето**

**Член 122**

(1) Доколку и во вториот круг на гласање ниту еден од кандидатите не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.
(2) Ако за претседател на Републиката е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови, се повторува целата изборна постапка.

**Изјава**

**Член 123**

(1) Пред преземањето на должноста, најдоцна во рок од десет дена од денот на објавувањето на конечните резултати, но не порано од денот на престанок на мандатот на претходниот претседател, претседателот на Републиката дава и потпишува свечена изјава пред Собранието, која гласи:

„Изјавувам дека функцијата претседател на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе го почитувам Уставот и законите и ќе го штитам суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија.“
(2) Изјавата од ставот (1) на овој член претседателот на Република Македонија, избран врз основа на избори за претседател поради престанок на мандатот, ја дава во рок од три дена од денот на објавувањето на конечните резултати.

**14. Сумирање и утврдување на резултатите од гласањето за избор на пратеници**

**Член 124**

Општинската изборна комисија во рок од 5 часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори за кои таа е надлежна ги сумира резултатите од гласањето за листите на кандидати од избирачките места на соодветната изборна единица.

**Записник за гласањето**

**Член 125**

(1) За својата работа општинската изборна комисија составува записник.
(2) Во записникот за гласањето се внесуваат податоци за сумираните гласови од гласањето, и тоа: редниот број на избирачките места во изборната единица за која е надлежна, вкупниот број на избирачи за тие избирачки места запишани во изводите од Избирачкиот список, вкупниот број на избирачи што гласале, вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати на ниво на изборна единица од избирачките места за кои таа општинска изборна комисија е надлежна.

**Член 126**

(1) Записникот од членот 125 на овој законик го потпишуваат претседателот и членовите на општинската изборна комисија.
(2) Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на општинската изборна комисија.
(3) Претседателот на општинската изборна комисија треба да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на комисијата.
(4) Ако присутните претставници на подносителите на листите имаат забелешки, претседателот на општинската изборна комисија е должен на присутните претставници на подносителите на листите, ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.
(5) Примерок од записникот добива и секој претставник на подносителот на листата, а домашните набљудувачи примерок од табеларниот дел од записникот.

**15. Утврдување на резултатите и распределба на мандатите за избор на пратеници**

**Член 127**

(1) Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во изборните единици.
(2) Државната изборна комисија резултатите од гласањето ги утврдува врз основа на записниците со сумираните резултати од надлежната општинска изборна комисија и целокупниот изборен материјал.

(3) Државната изборна комисија резултатите ги утврдува одделно за секоја изборна единица, според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од општинската изборна комисија за избирачките места во изборната единица за која е надлежна.
(4) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт-овата формула.
(5) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за тој број на кандидати во изборната единица (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. сè додека не се распределат според определениот принцип сите пратенички места во изборната единица.
(6) Количниците од делењето од ставот (5) на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат пратеници во изборната единица.
(7) Листата на кандидати добива толкав број на пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.
(8) Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.
(9) При распределбата на пратеничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.
(10) Од листата на кандидати се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

**Член 128**

(1) Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето во изборната единица составува записник одделно за секоја изборна единица.
(2) Во записникот се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа:
– вкупниот број на избирачки места,
– вкупниот број на избирачи запишани во изводите од избирачкиот список за изборната единица,
– вкупниот број на избирачи што гласале,
– вкупниот број на неважечки ливчиња,
– вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати одделно,
– бројот на добиени пратенички места од листата на кандидати и
– името и презимето на избраните кандидати.

**Член 129**

Изборите се сметаат за завршени по конечноста на резултатите за избор на сите 120 пратеници.

**16. Сумирање, утврдување на резултатите од гласањето за избор на членови на совет и распределба на мандатите**

**Член 130**

(1) Општинската изборна комисија ги пресметува вкупните резултати од гласањето во општината.
(2) Општинската изборна комисија резултатите од гласањето ги пресметува врз основа на записниците со сумираните резултати од избирачките одбори и целокупниот изборен материјал.
(3) Општинската изборна комисија резултатите ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за членови на советот одделно врз основа на сумираните резултати од избирачките одбори.

(4) Изборната комисија на градот Скопје резултатите од гласањето за членови на Советот ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за членови на Советот одделно, врз основа на сумираните резултати добиени од општинските изборни комисии на подрачјето на градот Скопје.
(5) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондт-овата формула.
(6) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за секоја листа на кандидати (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. сè до бројот на членовите на советот кои се избираат во општината и градот Скопје.
(7) Количниците од делењето од ставот (6) на овој член се редат по големина при што релевантни се онолку најголеми количници колку што се избираат членови на советот.
(8) Листата на кандидати за членови на советот добива толкав број на советнички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.
(9) Ако во доделувањето на последното советничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.
(10) При распределбата на советничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.
(11) Од листата на кандидати за членови на советот се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

**Член 131**

(1) Општинската изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето составува записник.
(2) Во записникот се внесуваат податоци за резултатите од гласањето, и тоа:
– вкупниот број на избирачки места во општината и градот Скопје,
– вкупниот број на избирачи запишани во изводите од Избирачкиот список за општината и градот Скопје,
– вкупниот број на избирачи кои гласале,
– бројот на неважечки ливчиња,
– вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати одделно,
– бројот на добиени советнички места од листата на кандидати и
– името и презимето на избраните кандидати.
(3) Примерок од записникот добива и секој претставник на подносителот на листата, а домашните набљудувачи примерок од табеларниот дел од записникот.

## 17. Утврдување на резултатите за избор на градоначалник

### Прв круг

**Член 132**

(1) Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број на избирачи запишани во изводот од Избирачкиот список за соодветната општина.
(2) Изборната комисија на градот Скопје резултатите од гласањето за градоначалник ги утврдува според бројот на гласовите што ги добиле листите на кандидати за градоначалник одделно, врз основа на сумираните резултати добиени од општинските изборни комисии на подрачјето на градот Скопје.

(3) Ако за градоначалник е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласање не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (1) на овој член, се повторува целата изборна постапка.

**Втор круг**

**Член 133**

(1) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за градоначалник не го добил потребното мнозинство гласови, согласно со членот 132 став (1) од овој законик, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.
(2) Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето.
(3) Во вториот круг на гласање за градоначалник е избран кандидатот кој добил поголем број гласови.

**Именување на повереник до нови избори**

**Член 134**

(1) Ако и по вториот круг од кои било причини не се изврши избор на градоначалник, изборната комисија во рок од 15 дена од завршувањето на изборите ја известува Владата.
(2) По добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член, Владата во рок од 15 дена ќе именува повереник за вршење на работите од надлежност на градоначалникот.
(3) Владата најдоцна во рок од 15 дена по денот на именувањето на повереник го известува претседателот на Собранието заради распишување на избори за градоначалник.

**18. Објавување на резултатите од изборите**

**Државната изборна комисија**

**Член 135**

(1) Државната изборна комисија првичните резултати од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно, а резултатите врз основа на податоците од записниците од општинските изборни комисии во рок од 12 часа по завршувањето на изборите.
(2) Државната изборна комисија конечните резултати од изборите ги објавува во рок од 24 часа од денот на нивната конечност.

**Општинска изборна комисија**

**Член 136**

(1) Општинската изборната комисија првичните резултати од изборите за членови на совет, односно градоначалник ги објавува во рок од 7 часа по завршувањето на изборите врз основа на податоците од избирачките одбори и ги истакнува на огласна табла во општината и ги соопштува на јавните гласила.
(2) Изборната комисија на градот Скопје првичните резултати од изборите за членови на совет, односно градоначалник ги објавува во рок од 10 часа по завршувањето на изборите врз основа на податоците од општинските изборни комисии за градот Скопје и ги истакнува на огласна табла во градот Скопје и ги соопштува на јавните гласила.

(3) Конечните резултати од изборите за членови на совет и градоначалник општинските изборни комисии, односно Изборната комисија на градот Скопје ги објавуваат најдоцна во рок од 24 часа од конечното завршување на изборите.

**19. Избори за претседател на Републиката поради престанок на мандатот**

**Распишување на избори**

**Член 137**

(1) Кога Уставниот суд на Република Македонија ќе донесе акт со кој го утврдува настанувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Република Македонија согласно со членот 81 став 8 од Уставот на Република Македонија, во рок од 24 часа го доставува до претседателот на Собранието и го објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(2) Претседателот на Собранието, во рок од 48 часа од објавувањето на актот од ставот (1) на овој член, донесува акт за распишување на избори за избор на претседател на Републиката.

**Постапка за собирање на потписи**

**Член 138**

Собирањето на потписите во постапката за кандидирање за претседател на Републиката и јавниот увид во Избирачкиот список се спроведуваат пред Министерството за правда и започнуваат петтиот ден од денот на распишувањето на изборите за претседател на Републиката поради престанок на мандатот и траат десет дена.

**Поднесување на листа на кандидат**

**Член 139**

(1) Листата на кандидати за претседател на Републиката се доставува до Државната изборна комисија, најдоцна шеснаесеттиот ден од денот на распишувањето на изборите.

(2) Кандидатот може да се откаже од кандидатурата, најдоцна во рок од 17 дена од денот на распишувањето на изборите.

**Надлежност на Државната изборна комисија**

**Член 140**

(1) Државната изборна комисија во рок од 24 часа по приемот на листите на кандидати за претседател, утврдува дали тие се поднесени во рокот предвиден со членот 139 став (1) од овој законик.

(2) Ако Комисијата од ставот (1) на овој член по приемот на листата утврди дека се направени одделни пропусти, односно неправилности, ќе ги повика подносителите на листите веднаш, но најдоцна во рок од 24 часа од доставувањето на листата да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

(3) Ако Комисијата од ставот (1) на овој член утврди дека листите се поднесени во определениот рок и се составени во согласност со овој законик, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите ги отстраниле во рокот од ставот (2) на овој член, поднесените листи ќе ги потврди со решение во рок од 24 часа од приемот на листите, односно отстранувањето на пропустите или неправилностите.

**Член 141**

(1) Ако Државната изборна комисија утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите не ги отстраниле во рокот предвиден во членот 140 став (2) на овој законик, Комисијата поднесената листа во рок од 24 часа ќе ја отфрли со решение.
(2) Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 24 часа по приемот на решението.
(3) Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 24 часа по приемот на жалбата.
(4) Жалбата од ставот (2) на овој член се поднесува преку Државната изборна комисија, а доставувањето на жалба по пошта не е дозволено.

**Објавување на листите**

**Член 142**

Државната изборна комисија утврдените листи ќе ги објави во „Службен весник на Република Македонија" најдоцна дваесет и првиот ден од денот на распишувањето на изборите.

**Изборна кампања**

**Член 143**

Изборната кампања започнува дваесет и вториот ден од денот на распишувањето на изборите и завршува 24 часа пред денот на одржувањето на изборите.

**Организатор на изборната кампања**

**Член 144**

Организаторот на изборната кампања задолжително отвора жиро-сметка со назнака „за изборна кампања", врз основа на издадена потврда од Државната изборна комисија за поднесена листа на кандидат за претседател на Републиката.

**Медиумско претставување**

**Член 145**

(1) Предлогот на одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на претседател на Републиката поради престанок на мандатот, Советот за радиодифузија ја доставува до Собранието најдоцна 15 дена по распишувањето на изборите, а Собранието ја донесува во рок од два дена од денот на приемот.
(2) Одлуката од ставот (1) на овој член се објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа во „Службен весник на Република Македонија".

**Објавување на описите на избирачките места**

**Член 146**

(1) Министерството за правда копие од решението за определување на бројот и описот на секое избирачко место ќе го достави до општинската изборна комисија најдоцна десет дена пред денот определен за изборите.
(2) Општинската изборна комисија најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите ќе ги објави на видно место описите на избирачките места кои се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на определено избирачко место.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

**Член 52**

Во членот 91 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:
„(2) Државната изборна комисија изборниот материјал за гласање во ДКП го предава на овластено лице во Министерството за надворешни работи најдоцна десет дена пред денот на одржување на изборите.
(3) Министерството за надворешни работи изборниот материјал на ДКП го доставува веднаш по приемот.“
Ставот (2) станува став (4).

**Член 53**

Во членот 95 став (1) алинеја 1 запирката се брише и се додаваат зборовите: „за гласањето во Република Македонија“.
По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:
„- назив на гласачкото ливче, седиштето на ДКП за гласање во странство,“.
Алинеите 2 и 3 стануваат алинеи 3 и 4.
Во ставот (2) по зборот „општината“ се додаваат зборовите: „односно седиштето на ДКП“.

**Член 54**

Во членот 101 став (1) точката на крајот на реченицата се брише, се става запирка и се додаваат зборовите: „а во ДКП се почитува временската разлика во земјата, односно од 7,00 до 19,00 часот согласно со сметањето на времето во соодветната земја“.

**Член 55**

Во членот 104 ставот (6) се брише. Ставот (7) станува став (6).

**Член 56**

Во членот 105 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи: „(5) Претставниците на подносителите на листите и овластените домашни набљудувачи можат од непосредна близина да го следат утврдувањето на идентитетот на избирачот кој пристапува на гласање. “

**Член 57**

Во членот 106 по зборот „одбори“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно избирачките одбори за гласање во ДКП“.

**Член 58**

Во членот 107 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и во ДКП“.

**Член 59**

Во членот 110 зборовите: „на гласачкото ливче преклопено пред да го стави во кутијата за гласање, избирачкиот одбор на задната страна му става печат“ се заменуваат со зборовите: „гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање“.

**Член 60**

По членот 113 се додава нов член 113-а, кој гласи:

„Член 113-а

(1) Избирачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во ДКП еден ден пред денот на одржувањето на изборите во Република Македонија.

(2) Државната изборна комисија е должна веднаш по добивањето на изборниот материјал да го достави на ДКП преку Министерството за надворешни работи.

(3) За избирачите од ставот (1) на овој член изборите ги спроведуваат избирачките одбори за гласање во ДКП.

(4) Избирачките одбори за гласање во ДКП составуваат записници.

(5) Гласачките ливчиња се ставаат во посебни коверти на кои е назначено седиштето на ДКП и изборната единица и се запечатуваат.

(6) Записниците, запечатените коверти и другиот изборен материјал по завршувањето на гласањето избирачките одбори преку Министерството за надворешни работи ги доставуваат до Државната изборна комисија.

(7) Државната изборна комисија врши сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во странство.“

**Член 61**

Во членот 121 ставот (3) се брише.

**Член 62**

Членот 129 се брише.

**Член 63**

Во членот 138 зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

**Член 64**

Во членот 141 став (2) зборот „жалба“ се заменува со зборот „тужба“, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд“.

Во ставот (3) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд“, а зборот „жалбата“ се заменува со зборот „тужбата“.

Во ставот (4) зборот „жалбата“ се заменува со зборот „тужбата“.

**Член 65**

Во членот 146 став (1) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

# За авторите

**Анри Боне** е директор на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, Република Македонија. По професија е политиколог. Претходно работел во Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Киев и Москва. Работел и како експерт за безбедносни прашања во Германската амбасада во Киев и како ОБСЕ набљудувач за време на „Портокаловата револуција“ во Украина.

**Сергиу Гергина** е докторант при Катедрата за политички науки на Универзитетот во Лајден во Холандија. Со звање магистер по политички науки се здобил на Средноевропскиот универзитет во Будимпешта, а со степен магистер по филозофија на Универзитетот во Лајден. Негово потесно поле на интерес се политичките партии, институционализмот и демократизацијата.

**Адриан Грама** (роден 1984) е магистер по Политички студии од Универзитетот во Букурешт, пишува дневни политички коментари за голем број лево-ориентирани весници и работи на романското издание на La Mésentente Politique et philosophie на Жак Рансиер.

**Велимир Деловски**, дипломиран правник. Моментно е ангажиран како демонстратор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Поранешен стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и практикант во Собранието на Република Македонија.

**Henri Bohnet** is Director of the Konrad Adenauer Foundation in Skopje, Republic of Macedonia. He is a political scientist who has previously worked in the Konrad Adenauer Foundation in Kiev and Moscow. Mr. Bohnet has also worked as a security expert in the German Embassy in Kiev and as an OSCE monitor during the Orange Revolution in Ukraine.

**Sergiu Gherghina** is a Ph.D. researcher at the Department of Political Science, University of Leiden, the Netherlands. He holds an MA degree in Political Science from the Central European University Budapest and an M.Phil. degree awarded by the University of Leiden. His areas of interest are political parties, institutionalism and democratization.

**Adrian Grama** (b. 1984) holds a B.A. degree in Political Science from the University of Bucharest, writes daily political comments for a major left-oriented newspaper and works on a Romanian edition of Jacques Rancière’s *La Mésentente Politique et philosophie.*

**Velimir Delovski** has graduated from the Iustinianus Primus Faculty of Law of the Ss. Cyril and Methodius Univeristy of Skopje and currently teaches at this faculty as a teaching assistant. He was a former scholarship holder of the Konrad Adenauer Foundation and internee in the Parliament of the R. of Macedonia.

**Александар Димитриев**, роден 1955, PhD, независен консултант и аналитичар за развој, прогностика и мрежно планирање. Магистрирал на Факултетот за политички науки во Белград на тема „Реализација на цели и причини за криза на системи“, а докторирал на „Бајтов институт“ во Љубљана на тема „Мрежно планирање, аналитика, прогностика и проекција на криза на системи“. Бил уредник на првиот независен економски неделен весник „Бизнис“, уредник и ко-уредник на неколку зборници за теорија на критиката и литературата, уредник на првиот образовен циклус ТВ лексикон на МРТВ, како и промотор на Петтиот круг во македонската литература.

**Дејан Донев**, роден 1976, PhD, доцент доктор по „Лидерство и етика“ и „Културолошки студии во бизнисот“ на Euro College во Куманово – Факултет за бизнис администрација. Магистрирал во јули 2005 година со темата „Етичкиот механизам на дејствување на невладините организации“, а докторирал 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје со тема под наслов „Етичките вредности во менаџерството“. Досега објавувал бројни текстови со научна содржина во списанијата: „Философија“, „Разгледи“, „Културен живот“, „Граѓански свет“, „Филозофска истраживања“, како и списанието „Хабитус“, а учествувал и на бројни научни интернационални и домашни симпозиуми.

**Aleksandar Dimitriev** (b. 1955), Ph.D. Independent consultant, development, prognostics and network planning analyst. He received his MA degree from the Faculty of Political Sciences in Belgrade; his thesis title was “Goal achievement and causes for system crisis”, while his doctoral thesis was “Network planning, analytics, prognostics and projection of system crises”, with which he obtained his Ph.D. degree from the Bajt Institute in Ljubljana. He was the editor of *Biznis*, the first independent economic weekly magazine, editor and co-editor of several collections of texts on critical theory and literature, editor of the ‘TV Lexicon’, the first educational series on the Macedonian Radio and Television, as well as the promoter of the Fifth Cycle in the Macedonian literature.

**Dejan Donev** (b. 1976), Ph.D., Assistant Professor. He has taught the courses *Leadership and Ethics* and *Cultural Studies in Business* at the Faculty of Business Administration of the Euro College in Kumanovo. He received his MA degree with his thesis “The ethical mechanism in the activities of non-governmental organizations” in 2005 and his doctoral degree with the thesis entitled “Ethical values in management” from the Faculty of Philosophy in Skopje in 2008. He has published a number of articles in scholarly journals, such as *Filosofija*, *Razgledi*, *Kulturen život*, *Gragjanski svet* and *Filozofska istraživanja* and *Habitus*. He has also participated in several domestic and international scholarly gatherings.

**Владимир Ѓорчев** е роден 1978 година во Скопје. Член е на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник во Собранието на Република Македонија. Апсолвент е на Правниот факултет во Скопје. Претседател на Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Македонија.

**Зоран Заев** е роден е на 8. X 1974 во Струмица. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје во 1997 година и моментално е запишан на постдипломските студии од областа на монетарна економија и финансии на истиот факултет. На партискиот Конгрес одржан во септември 2008 година избран е за вршител на должноста претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ). Од 2003 до 2005 година бил пратеник во Парламентот на Република Македонија како член на СДСМ. Во 2005 година е избран за градоначалник на општина Струмица.

**Ермира Мехмети** е магистер по Компаративна политика на London School of Economics и пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на Демократската унија за интеграција.

**Васко Наумовски**, роден 1980 година, дипломирал, магистрирал и докторирал право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на скопскиот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, а магистрирал и европски студии на Рајнскиот универзитет Фридрих Вилхелмс во Бон, Германија. Доцент по меѓународно право и право на ЕУ на Њујорк универзитетот Скопје.

**Vladimir Gjorčev** (b. 1978 in Skopje). Member of VMRO-DPMNE and MP in the Parliament of the Republic of Macedonia. He is a final-year student (all course requirements completed) at the Faculty of Law in Skopje. He is also president of the Parliament Defense and Security Committee.

**Zoran Zaev,** Acting president of the Social Democratic Union of Macedonia. (SDSM). He was born on 8 October 1974 in Strumica. In 1997 he graduated from the Faculty of Economics in Skopje and is currently attending postgraduate studies in Monetary Economy and Finances at this faculty. At the party congress held in September 2008 he was elected acting president of SDSM. In the period from 2003 – 2005 he was member of the Parliament of the Republic of Macedonia as a representative from the Social Democratic Union of Macedonia. In 2005 he was elected mayor of the municipality of Strumica.

**Ermira Mehmeti** holds an MA degree in Comparative Politics from the London School of Economics and is MP in the Parliament of the Republic of Macedonia, representing the Democratic Union for Integration.

**Vasko Naumovski** (b.1980) graduated from the Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje, from which he also received his MA and PhD degrees. He also holds an MA degree in European Studies from the Rheinische Friedrich-Wilhelms-Universität Bonn, Germany. He is Assistant Professor of Law and European Law at the New York University Skopje.

**Тито Петковски** е роден на 23.01.1945 година во Псача, Крива Паланка, Република Македонија, каде завршил гимназија. Завршил правен факултет во Скопје. Бил потпретседател на македонското Собрание во првиот парламентарен состав, пратеник во трите претходни парламентарни состави, а од 1996 до 1998 е претседател на Собранието на РМ. Во 1999 година бил претседателски кандидат на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Кон крајот на 2005 година истапил од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. На основачкото собрание одржано на 17.12.2005 година беше формирана Нова социјалдемократска партија – НСДП на која Петковски беше избран за нејзин прв Претседател.

**Tito Petkovski** (b. 1945) finished his secondary school in Kriva Palanka and graduated from the Faculty of Law in Skopje. He was Vice President of the first Parliament of the Republic of Macedonia, MP in the three previous parliaments, and from 1996 to 1998, President of the Parliament of the Republic of Macedonia. In 1999 he was the presidential candidate of the Social Democratic Union of Macedonia. By the end of 2005 he left the ranks of the Social Democratic Union of Macedonia. The New Social Democratic Party (NSDP) was formed at the constitutive assembly held on 17 December 2005, when Tito Petkovski was elected its first president.

**Лилјана Поповска** е претседател на политичката партија ДОМ – Демократска обнова на Македонија и пратеник во Собранието на Република Македонија. Била потпретседател на Собранието, заменик министер за развој, советник во Советот на Скопје. Активен поддржувач на цивилниот сектор како важен сегмент на демократскиот развој, борец за правата на жените, лицата со хендикеп и социјално маргинализираните. Координатор е на Македонското женско лоби и иницијатор за парламентарното лоби за лицата со посебни потреби.

**Liljana Popovska,** President of the Party for the Democratic Renewal of Macedonia (DOM) and MP in the Parliament of the Republic of Macedonia. She was Vice President of the Parliament, Deputy Minister of Development and councillor in the Skopje City Council. She actively supports the civil sector as an important segment of democratic development and upholds the rights of women and the disabled, as well as the marginalized groups. She is also the coordinator of the Macedonian Women's Lobby and the initiator for the establishing a parliamentary lobby group for the persons with special needs.

**Имер Селмани** е претседател на партијата Нова демократија и е член на Парламентот на Република Македонија. Од 2000 до 2006 тој бил градоначалник на општината Сарај. Тој е поранешен министер за здравство како и потпретседател на ЗЕЛС. Исто така е член на Државниот совет за безбедност.

**Imer Selmani** is president of the New Democracy Party and MP in the Parliament of the Republic of Macedonia. From 2000 to 2006 he was mayor of the municipality of Saraj. He is former Minister of Health and Vice President of ZELS (Association of Local Government Units) and member of the State Security Council.

**Љубен Тевдовски** работи во Министерството за надворешни работи, во секторот за национални приоритети и е член на уредувачкиот одбор на политичкиот магазин за надворешната политика на Република Македонија *Crossroads.* Тој е и еден од основачите на Институтот за меѓународни културни односи и на Македонскиот младински евроатлантски форум.

**Ljuben Tevdovski**, M.A., works for the Macedonian Ministry for Foreign Affairs, in the Sector for National Priorities, and is also member of the editorial board of the Macedonian foreign policy magazine *Crossroads*. Mr. Tevdovski is a founding member of the International Cultural Relations Institute and the Macedonian Youth Euro-Atlantic Forum.

**Загорка Тноковска –** завршен правен факултет, положен правосуден испит. Вработена во Министерството за правда на работи и задачи. Раководител на секторот за државна управа, изборен систем и управни надлежности.

**Zagorka Tnokovska** holds a BA degree from the Faculty of Law and the LPC Certificate (Legal Practice Course Certificate).She works at the Ministry of Justice as head of the State Administration, Electoral System and Administrative Jurisdiction Department

**Наташа Хронеска** е родена 1983 година. Дипломирала Политички науки на Правниот факултет во Скопје. Магистерски студии за Југоисточна Европа завршила на атинскиот Национален универзитет. Моментално работи како аналитичар во експертска институција.

**Nataša Hroneska** (b. 1983) graduated from the Department of Political Sciences at the Faculty of Law in Skopje. She holds an MA degree in Southeast European Studies from the National University in Athens. She currently works as a researcher in anlytics.